**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ**

**УШТЕ ЕДНАШ, ЗА НАС**

*Уште еднаш, за нас*

ПАНИЛИ Цопspигхт © Филип Петровски Сите права ги задржува авторот

ИСБН: 9989-2482-9-Џ

Печатено во Македонија

Панили ЛТД. Едиција 06.03.2006 Скопје Адреса: ул. Мраморец бр. 12 - 1000 Скопје

Дизајн Зоран Димитријевски

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ**

# *Уште еднаш, за нас*

ПАНИЛИ

**Посветено на татко ми Тихомир Петровски**

За с# она што е тука поместено да го добие овој облик неопходна ми беше помош од повеќе луѓе. Мојата благодарност ја упатувам во овој повод на Трипун Карапетров, Кирил Божиновски и Глигор Стоименов.

## *Предговор*

*"Пет минути од денонoќието ќе и ги посветам на маченицата Македонија, за да се соочам со мојата македонска совест и да се уверам за последен пат дека е безначајно она што досега сум го сторил за неа"*

***-Владислав Ковачев,***

***Политичкото веруjу на македонците***

Започнав да пишувам затоа што тоа беше некоја внатрешна потреба која што рационално не може да се објасни. Едноставно она што ме мачеше, сакаше да се породи и да доживее свое постоење. Првиот текст кој што воопшто сум го објавил беше писмо испратено во "Дело", кое што коренспондира со мојата "наивна фаза". Станува збор за 1995 година. Тогаш започнав активно да се вклучувам во политичките текови на ВМРО-ДПМНЕ (претходно дејствував во Куманово). И тоа со цел, проста цел, за да придонесам, за да помогнам да се промени режимот кој ја беше најавнал жална Македонија. Тој прв текст е краток и ми се чини дека појасен не може да биде. Насловен е "***Македонци обединете се***". Прост наслов со многу јасна порака. Порака која што до ден-денеска за нас е неостварлива. Не се плашам со ова тврдење да се изложам на критика. Само би сакал да бидам демантиран со факти. И да бидам јасен и ден-

Од катахизисот на македонските федералисти

денеска мислам дека сите наши болки, порази и страдања се производ на нашата разединетост. Низ таа призма, кога ги гледам младешките текстови (од првиот па с# до денес) кои што се полни со наива, енергија, радикалност (што оставаат простор за коментари од различен тип) од едно чувство не можам да се ослободам. Колку и да се наивни сепак допираат до епицентарот на нашите поделби, омрази, ограничености. Допираат до една, сега за мене, веќе јасна слика дека низ вековите сме останале без инстинкт за преживување, самоодбрана, единство, солидарност. И со самото тоа (текстовите) нудат решенија. Решенија кои што не се ирационални, недостижни, метафизички. Многучесто простите, обичните, лесно спознајливите исходишта се и најдобрите, а се чини и единствено можните. Неколку години подоцна (откако предупредувањата јасно беа кажани, манифестирани), иако по 10-тина години самостојна држава и самостоен живот (доволни за многу поголеми проекти и држави), паднавме на испитот на солидарноста. Во воениот конфликт кога нашата држава беше нападната од протекторатот Косово, како и од банда на криминалци и убијци (кои денеска раководат со Македонија како награда за трудот), додека нашите бранители беа во ровови на петнаесетина километри од Скопје и притоа гинеа, во Скопје животот течеше вообичаено (освен што многумина самобендисани, татини синови беа надвор од Македонија, претежно на Халкидики) како ништо да не било. Паднавме на испитот на солидарноста. Тоа е знак дека нешто тука не е како што треба и оти државата ни виси на

конец. Многумина дипломати, како и многу наши умни глави тоа ми го кажаа како исходиште од 2001, што во многу денеска во обичната живеачка се гледа. А за тоа никој збор не кажува, прогласено е за табу тема. Независните новинари никаде ги нема (сега се портпароли во разни министерства, шефови на кабинети, а некои експресно станаа и експерти по разни прашања). С# е сокриено, вистината е сокриена.

Што реално укажува дека проектот се одвива и е во поодмината фаза. Преуредувањето на државата по терк на некој друг е прогласено за најуспешен потфат и секој што ќе се дрзне макар да го разгледува површно критички се прогласува за еретик, националист, фашист. Меѓутоа сметам дека иако фактите можат привремено да се сокријат, моделираат, а свеста да се испере, она што се сокрива (вистината!) не може вечно да биде сокриено. Токму затоа и во моменти на најголемо разочарување кога гледаме дека жртвата на ближниот наш, не го допира другиот наш, кога ставовите ни се исмејувани, распнувани, сецирани, отфрлани, ние немаме право да се предаваме. Лесно е да се биде со плимата, со мнозинството, со меинстримот. Напротив за своите убедувања мора да се избориме. Вистината веќе ќе го пронајде својот пат. Тука и се открива еден од мотивите сите текстови да се соберат во книга, да се коментираат и да се објават. Со тоа ќе бидат достапни во секое време и на секоја генерација. Љубовта и сочувството еден ден ќе надојдат. Сигурен сум дека еден ден ние ќе се промениме, и ќе дораснеме за предизвикот. Не ни требаат херои, само ни треба да сме свои на свое. Дали нашата приказна ќе светли како патоказ ќе одговорат некои други наши.

За книгава одбрав текстови од периодот 1995-1996 година, два текста, "***македонскиот лав***" и "***мој београде загрли ме!***" објавени во "***завет***"[1]. Првиот анализира херал-дички симболи на Македонија посебно каков би требало да биде грбот (според книгата на авторитетот на тоа поле Матковски). Со непобитни аргументи докажано е дека наш симбол, грб е лавот. Зошто до ден денеска никој не зборува на таа тема, не е јасно. Го поставувам и прашањето за планско обезличување на нацијата, што се надополнува со вториот текст.

[1]Весник на подмладокот на ВМРО-ДПМНЕ, излегува од 1995 до 2002, 24 броја

Вториот претежно надворешно политичка анализа на "наивно ниво" на можните сојузници или спонзори на Македонија. И покрај наивноста сепак во многу детали ја погодува идната состојба. Како за пример потсетувам на активноста на Српската Православна Црква во Македонија, назначувањето на егзарх во ликот на Јован, кои се само еден сегмент од планираното, постојаното и секојдневно негирање на македонскиот идентитет, посебност, јаство. Но, уште повеќе, тој допира, на свој начин до вечните балкански игри околу Македонија, за тоа кој ќе ја поседува и колкаво парче од неа. Точно е предвидено дека името кое што наводно требаше да ни биде привремено ќе остане постојано (во последно време започнаа да н# учат да си го користиме и дома). Класична еутаназија.

И анализирана е борбата околу тогаш најголемите конкуренти на глобално ниво, САД и Русија. Нашата држава веќе во тоа време го имаше одбрано (според мое мислење правилно) стратешкиот партнер. Ама неодработувањето на работата до крај јасно е наведено ќе имплицира приближување кон Албанија, легализација на Тетовскиот Универзитет, и мајоризација на албанците во Западна Македонија. Од денешна перспектива жалам што ќе констатирам дека бев во право. Па сепак сакам да додадам дека изборот на САД како стратешки партнер на Македонија не смее да биде затворено прашање на кое што секое државно раководство ќе му посвети посебно внимание. Обврска и услов без кој не се може е да се објасни и одработи на највисоко ниво со жестока работа нашата позиција и потреба да имаме своја држава. Меѓународниот џин покажува разбирање кон народите кои што јасно застануваат зад потребата за своја слобода и посебност. На тие позиции е изградена и Америка.

Посебно за значајно го сметам осврнувањето кон проблемот на турбо фолкот кој што во тие години на мала врата навлегуваше во нашите домови, во обид да најде свои подржувачи. На овој проблем повеќе пати во наредните текстови се навраќав, за секој нареден пат да констатирам дека ситуацијата се влошува. И ако во првиот текст од 1996 пишувам дека "*се собираат несвесни подржувачи*...

*следбеници кои што во идно време треба да бидат аморфната маса која што ќе претежне*", денеска со огромно жалење можам да констатирам дека со проектот целосно се успеа. Онаа млада генерација од тоа време денеска е во полна сила, и наместо да претставува мотор на нашето општество, целосно дегенерирана, својот излез го бара во идентификација со ниските морални, како и интелектуални својства што тој начин на живот ги нуди. Многу пати, безброј луѓе ме убедувале дека со музиката не треба да се меша политиката, иако никогаш моите ставови кога сум пишувал за турбо-фолкот не биле политички туку културолошки, социолошки, па ако сакате и интелектуалистички. Сепак несвесното знае и тоа како да доминира со однесувањето и претходно дефинираниот вкус по секоја цена се брани (најлесно е кога ќе се качиш на маса). Мојот интерес за овој феномен на посељачување (со сила) на целата нација с# повеќе растеше. Затоа често пати разговарав со постари луѓе со намера да разберам дали кај нас тоа отсекогаш било така и дали таа појава ни е наследна. На мое задоволство секогаш доаѓаше потврда на ставовите што жестоко ги застапувам и бранам. Во шеесетите и подоцна во седумдесетите, во времето на македонските шлагери (Зафир Хаџиманов, Драган Мијалковски...), како и Битлси, Стоунси, Енималси и тоа како се разликувала културната слика на овие простори. Веројатно поради тоа и таа генерација (сега во своја зрела возраст) има своја идентитетна препознатливост (мислам како генерација). Се разбира и во ова време има процент на луѓе кои што ја разбираат сериозноста на проблемот, односно го препознаваат проектот за обезличување на овие простори кој што треба сите нас да н# сомеле.

Она што загрижува е дека и во време на пишување на овој вовед, значи по повеќе од 10 години од текстовите, работите не се сменети или одат во погрешна насока. Нема никаква најава дека некои од прашањата ќе бидат апсолвирани.

Во меѓувреме моето "вмешување" во политичкиот живот доби на силина. Полека, полека центрифугата ме повлече. Беше бурна таа 1997 година. Признавам дека не се спротивставував затоа што целата ситуација коренспондираше со моето разбирање за работите, односно дека со активизам може работите да се променат. Студентско-средношколските протести со кои што јасно и гласно застанавме зад нашите убедувања предизвикаа големи потреси во владеачката гарнитура. И Бранко Црвенковски самиот на новинарско прашање, откако веќе беше поразен на избори ќе каже дека најтешкиот период за време на шест и пол години на премиерствување, му биле протестите. Од тие протести можеа да се извлечат повеќе поуки. Ако се прифатеше нивната порака убеден сум дека денеска Македонија ќе изгледаше сосема поинаку, со многу повеќе среќни граѓани и со јасна позиција за себе и за меѓународната заедница.

За кратко време се раздвижија многу работите. Ама се подигна и ***агитпроп***[1]. Иако можеби мислиме дека не постои, тој сепак с# уште дејствува со голема сила на нашите простори. Тоа беше невозможна ситуација. А тој, агитпропот се беше подигнал за да се обиде да н# поништи засекогаш (ако е можно!). Тогаш бев многу загрижен за употребувањето на термините ***национализам***, ***шовинизам***, ***ксенофобија*** и ***расизам***, нивното комбинирање, пермутирање и нормално прикачување врз инкриминиран субјект.

[1] Институција на коминтерната, чувар на комунистичките вредности, главно користен за цензура и контрола на мислењето

Нашите позиции секојдневно беа напаѓани на оваа основа. Како неистомисленици бевме портретирани дури и како националсоцијалисти. Се лансираа разно-разни кампањи од секакви невладини организации за кои што никако не може да се каже дека ја погодија целта (ако целта требаше да биде толеранција!). Затоа некаде во моите белешки сум запишал "*ние сме си еден на друг туѓинци. Застрашува фактот што сами на себе почнавме да стануваме туѓинци. Во таа насока ксенофобијата можам да ја разберам во овие македонски услови единствено како намер-но создавање на туѓинци од нас самите. На таквото наведување, набедување сепак треба да се спротивставиме со нашиот дух, со нашата верба, со нашето традициско наследство. Ќе останат туѓи тие што тоа на другите им го посакуваат... Ако национализмот се дефинира како водење сметка за интересите на сопствениот народ и земја, или сакање на својот народ, борба за неговите*

*права и независност, или пак како љубов кон сопствената земја и желба за нејзина политичка независност, тогаш зошто кај нас тој збор има негативна конотација? Националист е човек од народот, родољубив, патриот. Ова се објаснувања на Кљаиќ, Вујаклија и Пенгуин цонсисе дицтионарс... Нема ништо срамно во љубовта кон својата земја...”*

Нашите протести се покажаа во тој период како погоден материјал за изживување на многумина главно за потребите на СДСМ и нивните трабанти, во желбата да се прикажат како се с#, освен патриоти. Успешно. Затоа наредните текстови што се поместени во книгата се повторно со нив поврзани и ја допираат полемиката што ја водев со претставници на подмладокот на СДСМ, јавно. Текстот “*Распад*,” кој беше реакција на опишувањето на учесниците во протестите како “*копилјаци... запалени на*

Одговор на првиот број на Форум, 1997, необјавен од нивна страна 28.2.1998, Дневник

*ефтин национал-шовинизам*”, предизвика лавина на реак

ции. Ги погоди во епицентарот. Критиката на владеачката гарнитура ја доживеаја како своевиден личен напад некои анонимуси, на мое големо зачудување. Подоцна некои пријатели ме убедуваа дека станува збор за реакции кои што биле нарачани или ако сакате диригирани. Еден сосема обичен текст со анализа за состојбите во државава се доживеа како напад на државата. Продолжение на манирот “*државата тоа сум јас*”. Овојпат националсоцијализмот како лајтмотив беше оправдување да се отвори во своето грдо лице тоталитарниот манир на владеачката гарнитура по сите линии на постоење. Веројатно затоа слободата на јавното мислење на грд начин беше споменувана како “*дозволена*”. Очигледно с# уште се учеа на демократија. Болката по с# изгледа била огромна кога еден таков текст беше споредуван со “*болна креација*” а авторот на текстот како “*домицилен хитлер во зародиш... и млад нарко-комунист од Куманово*”. Партијата ВМРО-ДПМНЕ беше опишана како партија со “*бугаромански, национал-социјалистички концепт и суштина*”, “*која кога ќе помислиш дека си ја уништил(!?) со гнасна свежина оживува*”. На ова секако одговорив во мојот нареден текст, објавен една недела потоа во Дневник чиј што наслов кажува с#: “*Со болшевички речник младите скоевци повикуваат на уништување на своите противници!*”. Расправијата потоа се продлабочи со вмешување на многу актери. А јас тоа што имав да кажам беше кажано.

Потоа започнав да изнесувам и да објавувам и свои ставови во неделникот Фокус. Од таа 1998 година датираат десетина текстови на различни теми. И тогаш и сега сметам дека занимавањето со политика нужно значи одго-

21.2.1998, Дневник исто исто

ворност и објавување на ставови, позиции, становишта на кои што се стои и што би можел подржувачот да очекува со својот избор на оваа или онаа можност. Но, вообичаено е на почеток на било каков умствен, интелектуален, па и политички напор да се дефинираат категориите. Тоа всушност беа текстовите објавени во Фокус. Иако навидум различни тие допираа еден ист корпус на мои интересирања. Преку нив, всушност самиот на себе си објаснував кои ќе бидат моите позиции и што навистина е мој политички став. А со јавното објавување тие ставови ги обзнанував (сега повторно го правам истото) за да бидат на располагање и да можат да се земат предвид од оној што е заинтересиран (без разлика на неговите мотиви).

Масовното перење на мозокот секако значи тотална контрола на масмедиумите. Не знам колку пати досега сум дошол до истиот заклучок - нацијата со сила се дегенерира. Во виртуелниот свет што за јавноста се создава често пати подебелиот крај го извлекуваше мојата политичка групација, идеолошките истомисленици. Нешто морав да сторам. Сакав да се борам за своите убедувања. И ден денеска не мислам дека тоа е нешто погрешно. Така се раѓаа моите ставови. Пишував за с#. За с#, затоа што тогаш (а во многу и денеска) некои нешта не беа ниту начнати, да не кажам јасни. Започнав со објаснувањето на правото на *протестирање, демонстрирање*. Мораше да се каже јасно дека тоа

не е антидемократија, и дека нема да молчиме на превртувањето на тезите со кои што индикаторот на проблемот се прогласуваше за проблем. А проблемите никој не смееше ниту да ги спомене. Наедно сето ова го отвори проблемот *на слободата на говорот, мислењето и пишаниот збор*. С# уште не бевме слободни. Од друга страна ако веќе н# обвинуваа за антидржавност (многу често обвинување, кое се провлекува низ разни форми до

Фокус, датум

денешен ден кога се во прашање неистомисленици на власта) за потребно ми се виде да пишувам и за *Лојалноста како категорија, но и како однос кон државата*[10]. Понудив свои дефиниции. И објаснував дека тоа што се случува со Албанците, кога носат туѓи знамиња и интонираат туѓи химни на македонска земја е проблемот. Како последица на тие случувања (и многу слични) денеска тој проблем е решен со тоа што употребата на знамињата е легализирана на начин кој што е повеќе од штетен за државата. Знамињата на заедниците не се на никој начин одвоени од државното, не се различни од знамиња на други држави и што е најзагрижувачко до сега никогаш не биле користени како симбол со државниот, туку како симбол против државното знаме. Јасно видливата непринципиелност од тоа време денеска ја постави Македонија во сосема друга, нова реалност која во многу се разликува од времето на објавувањето на текстовите и секако од моја страна бара произнесување во оваа пригода.

Мислам дека насоката која се одбра е погрешна. Капитулантскиот однос кој што се практикува ја влошува ситуацијата и н# доведува пред свршен чин. Уредувањето на државата се направи со отстапки на кои не им се гледа крајот. Практиката покажува дека секогаш се појавуваат нови барања и ситуацијата не се подобрува.

Во таква констелација на живеачка, со философски и политички гледања на нештата предупредував дека треба да внимаваме на изборот. Свеста ни беше заробена, оградени од внатре, со димензии на затвор делува како да беше потребно на народот да му се одземе секое право на пристоен живот. Крикнав од потреба за се излезе од забореното Јас. Потребно беше да се стопира гниењето.

Направив излети и по прашања на темелните вредности, како што е семејството, со убедување дека тоа е клет-

[10] исто

ката која што врз општеството мора да ги проектира стандардите на правилното и погрешното. Потоа ја опишував политичката култура, културата на комуникација со приврзаниците и неистомислениците. Проблемите на младите секако дека беа предизвик на кој што мораше да се има детален одговор и сериозен приод, бидејќи во 1998 се подготвувавме да ја преземеме власта. Утопистичката идеја за агенција за млади и спорт така набргу ќе прерасне во реалност. Го мислевме долго време концептот на кој што може да се потпира еден ваков државен орган одговорен за решавање на проблемите на младите, го напишавме во програма, го усвоивме на конвенција и на крај го спроведовме во дело. Друго прашање е зошто со години не сме слушнале ништо за некакви активности на таа агенција.

Тој предизборен период во 1998 година, ЛДП, идниот коалиционен партнер на СДСМ, се обиде со притисоци да н# доведе во ситуација на губитник. Од денешна перспектива е јасно дека тоа било испланирано сценарио со цел да се минимизира победата на опозицијата, а ВМРО-ДПМНЕ иако победи, да не може да оформи стабилна Влада, што за брзо време ќе им овозможи простор на поразените леви партии да се консолидираат. Се чини дека улогата на тројански коњ ја играа со задоволство, збунувајќи ја јавноста со негативна кампања насочена против нас. Па затоа преку текстови им одговоривме дека играта е проѕирна и нема да ја прифатиме. Од најсилниот денешен коалиционен партнер на СДСМ јавно бевме обвинети дека не сакаме да ја промениме Владата, на што одговорот беше дека по неуспехот на изборите ЛДП ќе направи коалиција со СДСМ. Ова беше објавено од моја страна два месеци пред изборите и сум горд што анализирајќи дојдов до целосно точен резултат.

Во уште неколку текстови се занимавав генерално со општествената состојба во државава. Ја

портретирав безперспективноста, општото сивило, тоталитарниот систем на владеење, контролата на јавното мислење... А потоа дојдоа изборите. И победивме. Ја сменивме власта, естаблишментот кој што четири години претходно владееше со фалсификувани избори, со украдени гласови, без доверба на електоратот.

Од 1998 до 2001 година бев член на Парламентот. Фронтот на мојата борба, фокусот на активностите се префрли на парламентарната говорница. Тој период веќе го обработив и објавив во посебна книга со наслов "За нас", издадена од „Македонска книга" во 2002 година, како што пишува внатре, но реално појавена во 2003. Бидејќи тој период е опфатен во друга книга, во оваа се одлучив да не го обработувам. Намерата ми е тој прв период кој што е обработен таму да го проширам со два нови периода. Првиот да биде пред периодот од 1998-2001, односно текстовите од 1995-1998, а потоа вториот период да ги опфати активности и ставовите по 2001 година и заминувањето во Њујорк. Од периодот 1998-2001 поместив само еден текст "Пусти-на-градина" кој ја разгледува предизборната состојба за претседателските избори, односно првата повторна изборна пресметка на ВМРО и СДСМ. Тогаш вриеше и затоа се јавив со свое мислење.

### ***Њујорк***

Њујорк беше следната дестинација. Иако бев назначен од страна на Владата во февруари 2001 за генерален конзул на Република Македонија во САД, на американско копно стапнав на 1.12.2001 година. Цели десет месеци не заминував од проста причина што во Македонија беснееше војна. За мене беше света должност да се брани татковината и одењето надвор од Македонија во такви моменти го чувствував како акт на предавство. Иако со тоа што бев пратеник во Собранието на Републиката бев исклучен од обврска на одбрана на дражавата со униформа, решив да се придружам на полициските сили кои што секојдневно беа на браникот на нашата слобода. И погодувате поради тоа бев нападнат јавно од медуимите како и од СДСМ. До дене-ска не ми е јасно како е можно во ниеден момент да не се отстапи пред личните интереси, борба за власт и да се напаѓа с# што не е поврзано со сопствениот интересен круг.

Без разлика на с#, дури и кога треба да се оди спроти ветрот, за одбрана на сопствените убедувања, мора да се издржи. Јас денеска знам дека вистината за 2001 година не е таква каква што ја претставува владеачката партија. Знам од позиција на учесник во војната дека беше направено предавство, дека интересите на земјата беа продадени за лични потреби и дека како награда за тоа некои од активните учесници сега се на високи државни позиции, еден од нив веќе стана и Премиер, додека вистинските хе-рои со државно киднапирање експресно беа испратени во Хаг. За тие предавства допрва ќе пишува историјата. Од неа најтешко се кријат настаните и секогаш казната ќе ги стига сите.

Има уште еден момент за кој сакам да пишувам кога станува збор за моето заминување во дипломатијата и за дел од текстовите поместени во оваа книга. Сакам да појаснам како воопшто дојде до тоа да бидам назначен на таа би рекол споредна дипломатска позиција на условно кажано добра локација. Јавноста долго време беше наведувана да се интересира за тоа преку пласирање на невистини, шпекулации, шепотења, како и конструкции. Сметам дека нема причина ништо да се сокрие и време е да ја видат светлината на денот некои сокривани моменти. Имено, со самото назначување за генерален конзул доживеав таков напад што со гордост кажувам ретко кој ќе го издржеше. Немаше новинар што е на платен список на СДСМ што на случајот "Петровски" не се произнесе. Успеав да се појавам и на насловните страници. Секако во негативна конотација.

Сите тие го промашија вистинскиот мотив за моето заминување. Во повеќето текстови загарите на власта сметаа дека на некаков начин сум награден и унапреден. Сега е вистинско време да објаснам дека сето тоа беше многу далеку од вистината и од политичката заднина на нештата. Имено, подолго време откако дојдовме на власт во мене се прекршуваа внатрешната борба, етичноста наспроти

политичката прагма која што ја наложува секое политичко дејствување. Многу теориски категории за кои што пишував и јавно дебатирав сега требаше сам на себе да ги тестирам. Бргу почнав да сфаќам дека во судир со прагмата, но и неприродната политичка ситуација во која што е ставена Македонија со обврзно формирање на Влада со партиципација на партија на Албанците од Македонија многу ставови стануваат ништожни. Одозгора на тоа сите пратеници започнаа да шушкаат (се чини само толку можеа) дека започнале да се тркалаат некои големи биз-ниси под закрила на политиката. Веројатно во содејство помеѓу партиските првенци на двете страни. Таквата состојба нужно почна да ја исклучува етичноста, посветеноста, чесноста, идеализмот. Како кула од карти ми се рушеа идеалите. Прviolот испит беше Законот за високо образование од 2000-та година. Мојата партија во, за мене, нејасни околности го менуваше Законот со големи отстапки на Албанците во сферата на високото образование. Тогаш решив за влезам во конфликт со Љубчо Георгиевски и ако е потребно да ја напуштам ВМРО-ДПМНЕ. Тешки зборови, ама вистинити до последниот атом на нивното постоење. На оваа точка на топење, од која што лесно може работите да се променат неповратно, добив совет од татко ми дека ме поддржува во намерите, но секако дека е човечки и културно тоа да отидам да му го соопштам на Премиерот.

Добрите познавачи се сеќаваат дека во исто време партиската парламентарна група се распаѓаше по сите линии. Стојменов дури се отцепи од ВМРО и формираше своја партија со шест пратеници кои што преминаа од нашите редови кај него. И јас имав понуда од него тоа да го сторам. Ама мислата сепак ми одеше да расчистам со сите и да ја продолжам борбата колку што можам сам.

Со таква чиста мисла отидов на прием кај Премиерот, кој што за разлика од сите претходни обиди за средба овој пат експресно одговори на моето барање. Подготвен за кавга му ја соопштив одлуката дека нема да гласам за Законот. На оваа точка очекував да влезе во расправија која што ќе ми дадеше простор за мојата намера. Па сепак, тој во два збора ме матираше. "Не гласај", ми рече и ме остави без тескт. "Ја разбирам твојата позиција" продолжи и се сложувам да не гласаш за овој Закон, "но те молам немој да не дискутираш по тесктот", и продолжи "млад си и на овој Закон ќе гориш, ама така ќе се калиш". Така ме доби. Останав на своите позиции и ми беше дозволено да не гласам за Законот. Ама морав да молчам. Парламетарната група на СДСМ ме распартали, а новинарите уште толку филуваа. Издржав во интерес на ВМРО, да не придонесувам да се растураме што во крајна цел и одговараше на другата страна, меѓутоа пукнатината се појави $ почна да се продлабочува. Во меѓувреме дел од нашите првенци тераа некоја друга агенда.

Целата хистерија на која што бев подложен по извесно време создаде ситуација во која што требаше да се правдам за се и сешто. Притисокот стануваше неподнослив. Ситуацијата с# обидоа да ја искористат некои структури внатре во партијата објаснувајќи со шепот дека проблемот треба да се отстрани. По извесно време повторно имав разгвовор со Премиерот, овојпат тој ме повика. Побара да поднесам оставка на позицијата Претседател на подмладокот на ВМРО. Наместо оставка го повикав на заседание Централниот Комитет на младинската и на десет страници го изложив мојот ангажман во целиот период на водењето на организацијата. Како што очекував, така и се случи - оставката беше одбиена со големо мнозинство. Од 75 членови на ЦК на подмладокот 69 гласаа против оставката, додека само четворица беа за. Другите не гласале. Тоа покажа како реално стојат работите и ги демантираше сите гласини, шепотења на безличните персони. Тоа уште повеќе ми даде за право да го преземам следниот чекор, да го разрешам целото раководство на подмладокот со најава за ново. И заминав надвор од Скопје. Утредента ме контактираа индиректно, со дипломатска подготовка, луѓе на Премиерот. Прашањето беше "*дали Филип тргна против Љубчо?*", соопштено отворено и без пардон. Повторно се сретнав со Премиерот. И јасно ставив на знаење дека јас ја имам целосната поддршка на подмладокот, а гласините се неосновани и непоткрепени со ништо. Тогаш тој по втор пат ми побара оставка, со акцентирање дека ја сфатил мојата поента, но дека сепак неговата волја мора да се почитува. Прифатив, но со услов, мој човек да биде поставен на таа позиција. Прифати и тој. Со тоа ја надминавме и втората криза, но расцепот растеше, како и моето незадоволство од односот кој што го имаше

Премиерот кон луѓето кои што секогаш стоеја зад него. Во наредниот период ретко се гледавме.

Од друга страна независните новинари, денешни разно разни портпароли на министерства, шефови на кабинети на министри, како и новопрогласени стручњаци си ја тераа агендата. Напаѓаа по секоја цена. Како што се чини тие само си ја печалеле позицијата што денеска ја имаат.

На крајот на 2000-та година Премиерот на една средба ми рече "*задоволен сум од потезите кои што ги направи и сметам дека заслужуваш да одиш на извршна пози*

*ција". Ми понуди да избирам помеѓу заменик министер за надворешни работи и директор на агенцијата за мла-ди и спорт. Го одбив. Не ми требаше ниту позиција, ниту извршна власт. Не знаев каде ми е главата од притисокот (безобѕирен) што ми го вршеа медиумски слуги на СДСМ. А бездруго и немав такви амбиции.*

Сето ова, незадоволството од партиските работи и медиумската кампања доведе кај мене до состојба кога размислував дека ми е доста од с#. Сакав да избегам. А веќе кога одам нека биде тоа далеку. Њујорк е прилично далеку. Една од најдалечните дестинации на нашата дипломатија. И би. Тогашниот министер за надворешни работи г-дин Керим, на свој начин гледајќи на работите заклучил дека можам да одговорам на предизвикот во нашиот конзулат во САД и ми ја даде довербата. Токму тоа не им беше јасно на сите лоши луѓе, како може по сите напори за претставување на Филип за сеопшта опасност некој да му верува и да застане на негова страна?! Е можеше. Без разлика на моментната сила на злото, лошото секогаш постои како баланс на доброто, како на земјата така и на небото.

Да резимирам, отидов во Њујорк за да се прочистам, да се оддалечам од тежината што ја носев, ама пред с# за да работам во интерес на мојата држава. Тоа со гордост го правев.

Во една работа сепак се прелажав, дека ќе ме остават на раат. Дури и таму ме тормозеа. Пресметав дека за година и пол додека бев во Њујорк најмалку 150 пати по нарачка ме плукаа. Што да правам, можеби и тоа е некаков индикатор? На пример за тоа дека колку повеќе те напаѓа противникот толку повеќе им пречиш. Често слушам дека во СДСМ постои комисија за пропаганда, која што работи во најголема тајност и која дава налози кој и како, на каков начин треба да се дискредитира. Потоа налозите оживуваат низ писанијата на извршителите, ама и преку гласини од типот "*еј слушна ли овој направил ова или она, се зборува за него тоа...*". За кратко време жртвата е целосно дискредитирана и во состојба да објаснува работи кои што на никој начин не се поврзани со неа, а јавноста целосно насочена, диригирана. Мојата политичка групација никогаш не ја совлада таа темна вештина.

Нејсе. Далечината сепак направи да се прочистам. Учев за дипломатијата. Имав среќна околност учител да ми биде според мое лично мислење најголемиот авторитет во македонската дипломатија, г-дин Керим. Тој во меѓувреме, додека да отидам на служба од Министер беше назначен за Амбасадор на Македонија во ООН, што е исто така во Њујорк. Така ни се испреплетоа патиштата. За добро. Тој знаеше да ми ги објасни значајните моменти на кои мора да се обрне внимание, како и ситните суптилни елементи во секоја ситуација. Напати го слушав како на линија го има Претседателот на САД, потоа Премиерот (од канцеларијата во Њујорк), за потоа веднаш на Ти да зборува со рускиот Амбасадор во ООН, и со американскиот Амбасадор во ООН. Со него имав чест да присуствувам и на чинот на воспоставување на дипломатски односи на Македонија со односни земји, секогаш и единствено со признавање на уставното име.

Конзулската работа не е баук. Таа не е и не може да биде привилегија на тесна група луѓе. Ми се чини дека моето влегување во дипломатијата дополнително нанесе болка на една интересна групација тесно поврзана со СДСМ, која што со години се труди од македонската дипломатија да направи недостапна институција која привилегиите ги чува за себе. Па така, секој кој што ќе се приближи на чекор да ја демистифицира нивната патогена конспиративност се прогласува за лаик, неспособен, млад, неискусен и слично. Заклучувам дека токму затоа притисокот што го насочија беше огромен, за да успеат да ја задржат во ексклузивност, само за себе, македонската дипломатија. Секако дека ја

разбирам потребата привилегијата да остане засекогаш привилегија, ама бруталноста никако не можам да ја прифатам и во свое име, но и во име на многумина кои што биле брутализирани, па и душевно осакатени само затоа што не одговарале на нивната идеолошка матрица. Затоа за овие работи може и мора да се пишува, мора да се демистифицира и осветли целата област и да се покаже дека во интерес на Македонија во дипломатијата можат да работат кадри за кои спОИЛ" системот е туѓ, кадри кои што се за тоа стручни и на кои единствен грев им е што не се членови на СДСМ или членови на нивните семејства. Ова не случајно го кажувам, и потребно е да допре до јавноста, во македонската дипломатија многу работи не се како што треба и потребно е коренито менување на нештата. По 15 години независна Македонија с# уште немаме Закон за надворешни работи, иако во време (јануари 2006) кога се пишува овој вовед во процедура е даден предлог, неизвесно е кога навистина ќе имаме Закон за надворешни работи. С# ова само ја надополнува лошата слика што е лесно видлива за секој познавач на работите.

Единствен проблем на невестулките од МНР цело време додека бев на служба во Њујорк им беше тоа што не беа на власт. Иако администрацијата би требало да биде непартиска, независна, стручна, таа во МНР никако не е тоа (со мали исклучоци). Таа и тоа како обоена, активна, жестока, како да си им отишол дома непоканет. И затоа и работи цело време целосно во заштита на воспоставениот систем. Проблемот што имаше друга гарнитура на владеачка позиција го премостуваа токму на опишаниот начин, со дезавуирање на јавното мислење. Секогаш можеа да компензи-

‾ Систем на расипување, каде што кадрите се поставуваат по роднинска, пријателска и партиска блискост, независно од квалификациите што ги имаат

раат со договорени текстови, како и со тивок бојкот. А недај боже некој да беше поместен од својата(велам својата бидејќи ја доживуваа како лична!!) позиција, пискотници се слушаа од Галичник до Река. Затоа не е ни чудно што пред да заминам, откако ги изложив тезите, моите патентни писма не ги потпиша министерката Митрева. Тоа му го препушти на заменикот министер. Дефинитивно сфатив дека болката е голема и нема да се смират додека целосно не ме отстранат.

Во таква констелација на односите бев принуден да работам. И наместо од својата земја да добивам инструкции за работење и да знам дека нечии интереси застапувам, секогаш добивав лоши вести. Бесконечни часови, вообичаено навечер поминував на интернет прегледувајќи ги новостите од Македонија. Уште повеќе време посветував во сизифовската работа на одговарање на текстовите на сенките околу мене, кои скоро редовно завршуваа необјавени. Каков Закон, за нив не важи Закон. Уредниците си беа сами на себе Закон, во служба на СДСМ, а како што излезе подоцна, во лична служба, бидејќи повеќето од нив станаа дел од новата власт. Веројатно затоа имаа сила да не се секираат за евентуални законски последици од задолжително необјавување на одговор на експлоатирана тема, лице. Дел од таквите необјавени тесктови се поместени тука за да остават трага во историјата. Секако дека ја имаат загубено актуелноста, ама тоа не не ослободува од обврската да бидеме објективни, па во крајна линија и чисти пред самите себе.

Така, по една година с# ми дојде преку глава. Со приближувањето на изборите 2002-ра нападите се засилија. Кулминацијата секако дојде по 15-ти септември. Загарите се пуштија со целата сила. Мене ми стана сеедно. Уште првиот ден кога заминав во Њујорк знаев дека нема за мене да има мандат или правила. Менувањето на власта значеше и мое повлекување. Бев подготвен. Ние не сме родени со позиции, ветени од наречниците. Животот секогаш оди понатака. Но една работа е застрашувачка, Македонија страда. На пример ќе издвојам една работа која што веќе оди во класиката на антидржавното работење. Илинка Митрева уште како опозиционер, значи пред изборите од 2002 се движеше помеѓу нашата емиграција во Америка (континентот) и сееше раздор. Пушташе гласини дека веднаш по изборите ќе ме смени (што не е спорно) и дека нема потреба со мене да се контактира, мислам на генералниот конзулат. Тоа резултираше со создавање на дистанца меѓу конзулатот и иселениците, барем оние што се политички заинтересирани и инволвирани. Еден допис до македонските цркви во САД, токму поради тоа е поместен тука.

Колку за да биде запазена процедурата, кога (се разбира!) преку медиумите бев информиран за разрешување, напишав допис до премиерот Бранко Црвенковски кој назначува и разрешува

Генерални конзули на РМ, со барање на образложение за разрешувањето. Секако дека не ми одговори. А зошто би се замарал еден премиер да му одговори на еден свој Генерален конзул на официјален до-пис. Кога на претходните над 100 дописи никогаш и никој од МНР не ми одговори. Меѓутоа јас знаев дека за ова ќе пишувам еден ден, па сакав во самите себе, ако е можно само за момент да се почувствуваат непријатно, непринципиелно. Или сум се прелагал? Кој знае дали е можно луѓе од таков ков да се чувствуваат незгодно и за нешто да им е непријатно. Истиот допис по службена должност го препратив во претседателот Трајковски за да бидам сигурен дека ќе биде виден на уште некое релевантно место. Како што веќе напишав не ми одговорија. Очекувано. Нека биде така. Кога целата ситуација се претвора во комедија, да го одиграме и последниот чин како што треба. По десетина дена повторно го напишав истото писмо до премиерот, со барање да ми ја образложи својата волја, која во никој случај не ја спорев. И секако повторно не ми одговори. Препознатлив стил.

***Скопје***

Пролетта е најубавиот период од годината. Се буди животот. С# цути. Птиците преселници се враќаат по долгата зима. Си дојдов дома. Во Македонија. Тоа некако ме облеваше со радост. Штотуку го напуштив главниот град на планетата, за да дојдам во главниот град на мојот свет. Уште долго време, па и ден-денеска ми се шетаа сликички низ главата на некои други улици, на булеварите на Менхетн, на зградите што завршуваат во небото, на емпаер стате буилдинг (по која целата држава Њујорк се препознава). Тоа како спомен само може да биде убаво. Нашето небо е навистина ниско, па не е лошо да се дознае, дека постојат и други димензии. Секоја примена на наученото може да биде во интерес на државата и би рекол е неопходна.

Еден од начините на илуминација секако е да се поделат ставовите со јавноста. За да се пројави мислење понекогаш се потребни многу умствени напори. Но, некои работи едноставно мораат да се направат. Одвнатре доаѓа потребата која што не престанува да притиска. И притиска, притиска. Така се раѓаат зборови. Некогаш тоа знае да биде жестоко инволвирачки и макотрпен процес...

Последниот период од книгата е сосема поинаков. Станува збор за 2004 и 2005 година. Во ова време се решив за друг пристап. Мислењата за повеќе теми ги објавував во
в. Дневник. Триесетина мислења поместени во книгава се задржуваат главно на три теми. Првата која е најголема, со најмногу текстови, околу половина од целиот период е поврзана со нашето Министерство за надворешни работи, меѓународните односи и констелации. Со објавувањето намерата ми беше да покажам дека на работите може да се гледа и на поинаков начин, професионално, критички, јавно. Оваа тема може да се подели на две подтеми. Едната која што директно се занимава со МНР, неговата структура, непотизмот внатре, криминалот низ бројки и документи. Потребно беше, пред нашата јавност да се изврши демистификација до крајност, што е обврска на секој од нас што сака да се занимава со работи поврзани со јавниот ин-терес. Само добро упатена јавност може да биде соодветен коректор кога работите ќе почнат да ја појавуваат својата девијантна природа. Поради тоа не ми е јасно зошто со години и на начин на кој што се прави, јавноста секогаш останува куса за информации за нашето МНР. Објаснувањето единствено може да биде за да се заштити правото на криминалното работење кое и тоа како владеачката гарнитура го практикува. Па така, наместо да поведе процедури за одредени свои вработени за прекршочна и кривична одговорност, оваа гарнитура истите лица ги унапредуваше и испраќаше на амбасадорски позиции, притоа заборавајќи една значајна работа. Заборавајќи дека сите сериозни држави внимаваат кои лица се на нивна територија испратени како амбасадори. Ќе потсетам само на примерот на Џеват Адеми кој што од црната листа на терористи непожелни во САД издадена од американскиот претседател, беше промовиран за наш амбасадор во

Софија. Среќа што барем во тој случај јавното мислење придонесе да се спречи таа брука. Овој пример ја покажува многу јасно бе-дата на духот на државните раководители во оваа значајна дисциплина за виталноста на државата.

Оваа област, надворешните работи и меѓународната политика е комплексна категорија, така што бара многу познавања, многу ангажман. За да може да се има јасна позиција потребни се познавања од меѓународно јавно право, меѓународно приватно право, дипломатија, меѓународните организации и теории за односите помеѓу државите. Кога ќе се поседува знаење во овие дисциплини тогаш работите стануваат многу појасни и можат да се произведат соодветни анализи. Импровизацијата не е дозволена. Долго време ги проучував овие дисциплини, а со една извонредна група на млади луѓе ги разменувавме мислењата постојано. Тоа произведуваше многу анализи за прашања кои како држава н# засегаат и ќе н# засегаат. Нашето членство во ЕУ, НАТО, нашите соседи, глобалната констелавија на односите, енергетските патишта, можните развои на настаните. Потоа од тие анализи се раѓаа текстови кои по својата форма мораа да бидат кратки и јасни. Некогаш е многу потешко да се напише краток отколку долг текст. Во исто време просторот кој што го добивав од „Дневник" беше строго дефиниран и не можеше да се излегува од тие рамки. Преку текстовите сакав да наметнам дебата, дискусија со власта, со МНР како и со секој заинтересиран кој што има своја замисла. Исто така намерата ми беше да отворам дебата во рамките на ВМРО-ДПМНЕ, во рамките на нашата Комисија за надворешни работи. Никогаш дискусија повеќе не пречи. Процесот на дефинирање на приоритетите, предностите и опасностите на нашиот меѓународен пат за етаблирање и препознавање ќе стане полесен, а вистинските ликови ќе се дестилираат за да се најдат на соодветно место. За жал со власта не успеавме да наметнеме дискусија. Никаква. И на никое ниво. Системот од-бран од нивна страна беше и остана игнорирање на секоја иницијатива и херметичка затвореност. Единствена можна импликација, според тоа, е да се направи целосна ревизија на работењето до промената на гарнитурата и веднаш потоа комплетна реформа на целата структура. Дури потоа може да се очекува да мрднат работите напред.

Значајно прашање со кое се соочи нашата држава како последица на владеењето на СДСМ е исто така новата територијална поделба. Ова беше прашање кое политички скоро целосно ја потроши 2004 година. Носењето на сила на овој пакет на закони, договарањето, отстапувањето секогаш по линијата на македонските интереси предизвика голема реакција кај опозицијата, невладините организации (оние што не се контролирани од власта) и граѓанството. Резултат на тоа беше Референдумот. Сите ние преку целосен политички и личен ангажман се обидовме да ја спречиме инаугурацијата на новата мапа на Македонија на која што Скопје е град кој што се протега до Тетово и од главен град и метропола се претвора во рурално подрачје за потребите на некои други антимакедонски проекти. Струга исто така настрада. Со Закон се прогласи мајоризацијата на Албанците, со механичко припојување на безброј села, с# до оној момент кога ќе претежнат и ќе можат да добијат свој градоначалник, што понатака се знае во кави импликации оди. Но и покрај механичкото придодавање на села во Скопје, убедливо загуби таа опција. Веднаш во процедурата се појави успорување и никако не се соопштуваа резултатите. Власта не беше подготвена да се соочи со катастрофален пораз. Ама се случи. Повторно морав со текст (како и десетина години порано) да ги потсетам дека треба да почнат да функционираат демократски, што значи дека треба да ја прифаќаат секогаш волјата на гласачите, каква и да е. Но, тоа што е најбанално, знае да биде најтешко.

Периодот 2004-2005 направи и значајни раслојувања во ВМРО-ДПМНЕ. Кризата беше жестока. Лично бев убеден дека е грижливо испланирана и со внимателно од-бран тајминг појавена. Членството се подели. Многу омраза се посеа. Власта ликуваше. Она што тие не можеа да ни го направат со години, сами си го направивме. Се по-дели и пратеничката група. Целата состојба ми изгледаше прилично трауматично. Токму затоа неколку текстови се посветени на оваа тема. Според мое мислење намерата беше да се одржува тензијата што подолго време, за членството да се антагонизира помеѓу себе што ќе нема враќање или да се разочара толку многу па да се пасивизира. Мораше да се дејствува брзо. Мораше да се растера маглата и да се објасни дека партијата може да опстане единствено со

континуитет, со одбивање на дележот. По некое време кога нечесните намери на тие што ја напуштија партиајата станаа и повеќе од видливи, процесот ја доби својата единствено можна разврска, од привидно делење се пресвртe во она вистинското. Се породи како транзицијата. Транзиција во која се филтрираше она што треба да се остави зад себе и да се тргне свеж и силен во нова борба за победа на избори и создавање на подобар живот.

Последните неколку текстови кои оформуваат една целина во овој период, се текстови околу турбо фолк музиката, односно турбо фолк културата (некултура!) со која што секојдневно н# умртвуваат. Нашиот однос кон ова зло мора да се преиспитува секојдневно, будност е неопходна. Во спротивно целта за која што е пласиран ќе биде постигната.

Ова беа теми кои што ги размислував. Секако дека не се единствените за кои треба да се размислува. Меѓутоа оптимистички е да се каже дека за с# можеме да понудиме релевантно мислење и дека за с# знаеме! Ме гонеше потребата нешто да се промени, да се подобри. Колку и да изгледа банално тоа е најнормална определба која секој во нас треба да ја има, потребата да се направи нешто подобро во животот на нашиот народ. Моралниот кодекс секогаш треба да се има на ум. И секој атом на сопствената снага треба безрезервно да работи на реализација на таа цел. Тука повторно сакам да се навратам на почетниот цитат, односно на Владислав Ковачев, на политичкиот катахизис на македонските федералисти, на апостолот на македонското револуционерно движење и неговата мисла водителка (која с# уште ден денеска од новите генерации се крие, таи) :"*При секое легнување ќе му ги упатам моите неизмерни и топли молитви на македонскиот Бог, за да ја излее својата штедра милост на моите намачени браќа и сестри во поробена Македонија, за што поскоро да ги усреќи со реализирање на нашата лелеана мечта: слободна и независна Македонија*"[12].

Не случајни се овие зборови тука. Македонија с# уште не е слободна. Нашиот дух е заробен. Не е ниту предвидено да се ослободи. За да има мир меѓу нашите крвници тој треба да транзитира од заробен во заробен! Затоа потребни се сите наши молитви, секој наш атом на енергија. Потребна е силна верба, и никогаш предавање. Моралниот кодекс на сите нас, над с#. Само така, со обединета сила може да се промени текот на нештата.

*"Ние доаѓаме од земјата на вечите солзи*
*-Македонија - Балканската голгота,Од бреговите на синиот Охрид,*
*од кулите на легендарниот Крали Марко,*
*од сонливите води на реката Црна,*
*од матниот, крвав историски Вардар,*
*од височините каде сенката на големиот Самуил живее,*
*за да докажеме дека не се гаси тоа што не се гасне,*
*не умира тоа што во себе ги содржи*
*елементите на бесмртноста*
*и дека има една земја која што*
*ги тегне веригите на црното ропство."*

Владислав Ковачев, Политичкото верују на македонците, Матица македонска и државен архив на Македонија, Скопје, 2000 Збор на војводата Панче Михајлов, печатница Свети Климент, Софија,

## *Макединскиот лав*[4]

Актуелната политичка состојба во која во момен
тов се наоѓа Република Македонија можеби ќе ја девалвира темава за која се определивме. Дека тоа е само привид, исклучително промислено наметнат, ние ќе покажеме со овој текст.

Обележје на една нација се името, знамето и грбот, а Република Македонија веќе подолго време се нарекува со смешната формулација БЈРМ. Од неодамна го загуби знамето во нашата трговија за малку парталчиња од Солун, а она со кое што ова писание се занимава е ставено ад акта и за него воопшто и не се размислува: МАКЕДОНСКИОТ ГРБ. Зошто историјата е толку грубо премавната кога се работи за македонскиот грб?

Не е ли тоа уште еден момент на обезличување на македонската нација?

Постојат голем број извори кои што недвосмислено укажуваат на изгледот и составот на македонскиот грб кои едноставно не се земаат предвид. Она што го учевме на часовите по историја е дека македонскиот грб за првпат се сретнува во илирските грбовници. Многу од таканаречените илирски грбовници се оспорени од историската наука околу годината на настанувањето и авторот, меѓутоа, никој не спори за веродостојноста на материјалот што таму е презентиран, покажан. А таму рамноправно со бугарскиот, хрватскиот, српскиот грб, стои и македонскиот што недвосмислено покажува различност етничко-географска, а не и државна, бидејќи како што знаеме, државноста е релативно млада појава на Балканот, карактеристична за ЦИЦ век.

[4] Завет, број 3, 1995

Згора на тоа, македонскиот лав со мали варијации, секогаш се појавува скоро ист, а во соседните замји грбовите и премногу често варирале. Македонскиот грб не се сретнува со друг амблем, освен лавот кој што е секогаш исправен на задните нозе, секогаш свртен на лево. Лавот е готов за напад, зинат, со испуштен јазик, страшно накострешен и со опашка нагоре.

Тоа може да се види од илустрацијата: 1. која што се наоѓа во Алтхмановиот грбовник од 1614 година кој се чува во Болоња и 2. грбовникот што се наоѓа во музејот за применета уметност во Белград кој што датира од 1620 година.

За да биде уште пострашен лавот понекогаш во шепите му се ставани пушка или сабја, што требало уште повеќе да ја илустрира борбеноста или јунаштвото на народите. Такви биле знамињата на Илинденското востание и Разловечкото востание.

Лавот од првата појава до 27.06.1946 секогаш бил македонски грб, а од тогаш е усвоен постојниов кој во моментов се наоѓа во употреба. Во времето кога другите балкански држави си ги задржаа своите веќе “национални” грбови, Македонија измисли нов. Се прашувате ли зошто?!

На оние кои н# негираат во нашата посебност им оди во директна корист отфрлањето на симболот што најмногу на прави нас -нас! Така тезата за “нова нација”, за педесетгодишна историја, за неавторизирана употреба на името Македонија доаѓа до полн израз.

Знаејќи дека вистината е чисто субјективна категорија ние Ви оставаме самите да одлучите која ќе биде вашата вистина за македонскиот грб.

А доколку себе си се најдовте заинтересирани од овој краток приказ, можете да ја погледате книгата "Грбовите на Македонија" од Александар Матковски во издание на Мисла 1990 година.

## *Мој Белграде загрли ме!*[5]

Во пресрет на осми септември, односно петте годи ни самостојна и независна Македонија не можеме а да не проговориме за моментните состојби околу нашата самостојност и независност. Можеби на некој лаик, по-добро кажано, непознавач на состојбите претходната рече-ница ќе му се види нелогична. Нели Македонија е независна и ете си го слави празникот на својата државност. Нема простор за дилема?! Дали е така?

Да тргнеме од надворешно-политичката анализа на она што во моментов е значајно за Македонија. Ако при спомнување на нашето име (во странство) не добиете одговор дека станува збор за тотална непознаница, тогаш најверојатно ќе ви кажат дека знаат што и каде всушност ја лоцираат Македонија. Таман ќе се израдувате, кога ќе ви одговорат дека тоа е северната провинција на Грција. Но, не очајувајте. За да го добиете одговорот на тоа од каде сте ќе прашате дали им е позната БЈРМ (ФSPOM) ориентацијата веќе ќе стане подобра. Колку за потсетување тоа име ни го стави "таткото" (очувот би било подобро да се каже) на нацијата само за два месеци, пред три и пол години. Привремено - трајно име.

Уште од првиот ден се прашувавме како и кога ќе го смениме тоа привремено име. Но сега сметам дека е време да го проанализираме уште еднаш, пред да почнеме да размислуваме кое ќе ни биде следното. Нагласувам дека анализата не претендира на универзална - апсолутна тежина и валидност. Таа е наменета, односно понудена на размисла на оние што во неа ќе се препознаат и ништо повеќе.

[5] Завет, необјавен текст - цензуриран, 1996

Поранешна (бивша) Југословенска Република Македонија е сложенка која логички го минимизира нашето уставно име и во крајна линија го доведува до излишност. Зошто? Затоа што таа не уажува на некој посебен ентитет, туку само на дел од територија кој сега е надвор од Југославија (Србија). Името набљудувано низ призма на поновата македонска историја и надворешните размислувања, "дилеми" околу автентичноста, би рекол вистинитоста на македонската нација ни даваат нова светлина. И тоа ваква: - ако се оспори постоењето на македонската нација (со директни интервенции во историјата) што на големо и се прави, некој добива право на таа територија. Сегашното име (БЈРМ) само кажува кој е главниот конкурент.

А главниот конкурент никогаш и не се откажа од неговите права врз "вардарска бановина". Наивно ќе биде од наша страна да се верува дека не е така. Та дури до последните денови пред распадот на СФРЈ челните луѓе на Србија во федерацијата не веруваа во можноста "Македонија -самостојна држава"(види го прилогот после текстот). За Србија и нејзините аспирации би можеле нашироко да пишуваме, но верувам дека тие се доволно познати на македонската јавност. Колку тие Ќе бидат успешни во своите намери зависи од домашниот фактор (петтата колона) и странскиот. За домашниот

нешто подоцна, давајќи му предност на надворешниот бидејќи с# уште сме кај надворешно -политичката анализа.

На тоа поле борбата пред с# се сведува на натпреварот за доминација помеѓу САД и Русија, иако се вмешуваат уште некои земји (Германија, Франција, Британија). Независноста на Македонија погледната низ ваква призма (Русија вс. САД) со оглед на името (БЈРМ) и официјално прифатената историја (македонците како најмлада нација во Европа) делува како играчка за мали деца. Играта (борбата) помеѓу САД и Русија за тоа кој ќе н# стави "под капа" денес кулминира со својот интензитет. Сценаријата се испишани од тајните служби и личат на сциенце фictiон филмови. Знаејќи дека сами не можеме (навистина ли не можеме или не сакаме?!) ние сме принудени да бараме моќен сојузник. Кој, Русија или САД?

Русија никогаш не $ била сојузник на Македонија, туку за свои сојузници ги имала отсекогаш Бугарија и Србија. За тоа постојат многу документи(види "Македонија меѓу дележот и автономијата", Симон Дракул, том први, каде што се собрани документите што се однесуваат на Македонија) и подетално на нив нема да се задржуваме.

Знаејќи дека центарот на Руската разузнавачка служба се наоѓаше во Софија и дека до детал ја познаваат состојбата и расположението на народот во Македонија стануваат јасни и последните раздвижувања. Се мисли на пробугарското расположение, инструирано од руската разузнавачка служба, кое во последно време се манифестира во некои интелектуални кругови во Македонија. А ако се знае дека во Македонија не постои пробугарско расположение, претпоставете каква реакција е можна. И уште ако се има предвид македонскиот синдром, односно дека една фобија автоматски раѓа друго филство. Сценариото станува провидно. Наивните можеби уште не гледаат, но тоа е и премногу јасно. Исплашените бугарофоби ќе паднат во прегратка на србофилијата.

Југославија (Србија) ја призна Македонија на 8.4.1996 година, но задкулисно најверојатно како своја трета република. Преседан е да се признае држава со која се немаат утврдени граници, или можеби границата ја гледаа кај Гевгелија. Така земено Грците биле далекугледи кога таб-лите со Југославија не ги замениле барем со табли ФИРОМ (онака како што тие сакаат). По с# изгледа дека Македонија според ова сценарио (Русија-Бугарија- Србија- Грција) ја игра, одигрува, приврщува транзицијата од шеста југословенска во трета српска република.

И како крем на сето тоа доаѓа вториот дел на референдумското прашање од 8.9.1991 година на кое што многумина и не обрнале внимание. Правото на стапување во иден сојуз на "самостојни држави"(?) веќе во многу се користи и е последниот чин на оваа трагикомедија каде што неуспешно одглуми единствено Македонија.

Со ваквиот расплет на настаните Русите би осигурале влијание на скоро целиот Балкан.

Другата опција за која што беше и е заинтересиран режимот во Македонија значи влијание на САД. Тие се заинтересирани "завесата" да биде поставена кај Табановце и тоа отворено го манифестираат. Позитивноста е во тоа што со нивното влијание (суперсила!) Македонија се-пак колку толку се раздвојува од вековните делачи и аспиранти кон "нашата грутка". Но од друга страна се појавува проблемот на приближување кон Албанија. Капата на САД значи одење во ист кош со Албанија, легализација на албанскиот универзитет во Тетово и во догледно време супремација, мајоризација на албанското малцинство во скоро цела западна Македонија. Тоа уште значи задржување на привременото -трајно име засекогаш и останување "слепо црево" на Европа, место каде што секој ќе може својот отпад (нпр. нуклеарен) да го фрли, место погодно за секаков вид на експерименти.

Значи да резимираме, во однос на изборот помеѓу двете водечки светски сили што добиваме? Првата значи промена на името БРЈМ во Сегашна Југословенска Република Македонија, додека втората ни обезбедува статус кво с# до оној момент кога работите ќе се развијат доволно неповолно за Македонците.

Внатрешно -политичкиот момент токму тоа и го покажува. Актуелниот режим има потреба од статус кво за да може да го доврши процесот на полнење на џебови и префрлање големи суми на странски

банковни сметки. Ваквата ситуација и тоа како $ одговара на домашната "петта колона" олицетворена во широк дијапазон на југоносталгичари, комедијанти, профитери, со еден збор загубени душички. Јаничари на сопствениот народ.

Од Македонците одсекогаш се создавале добри јаничари.

Таа свита пустоши низ Македонија и на патот собира свои несвесни поддржувачи. А дека не се работи за наивен план без испланиран успех покажува тоа дека се создаваат поддржувачи (нагласувам: несвесни) кај најмладите, тинејџерите. Со нивното привлекување на производите од север (турбо фолк) се создаваат следбеници кои во идно време ќе треба да бидат онаа сила, аморфната маса која што ќе превагне. Можеби ќе бидеме нападнати дека кованицата "идно догледно време" е премногу магловит. Маглата се крева договорот за царинска унија, кој стапува на сила за некоја година и треба на фин начин да ја заврши нашата независност. Тоа ми се чини јасно го дефинира поимот "идно догледно време".

Дотогаш уште некои ќе успеат да побегнат во да-лечните ни земји. Власта што ќе падне "сигурно" ќе побегне, а единствено оние малкумина што ќе останат тука нека размислуваат што со ова парче вишок земја во Европа.

* * * *

Прилогов е своевидно фактогафско надополнување на претходниов текст. Преводите кои за прв пат ќе се појават на македонскиот културрен простор се изводи од дневникот на Борисав Јовиќ кој во предвоена Југославија беше претставник на Србија во федерацијата. Повторно и на ова ниво секако дека се јавува можност од приговори, дека евентуално се фаворизира еден извор, дека се работи за субјективни размислувања итн. Меѓутоа сметам дека доволно говори за изворот тоа што по објавувањето на "изводите" Јовиќ беше отстранет од политиката од страна на Милошевиќ, како и тоа дека во Словенија за три недели беше распродаден целокупниот тираж од 4 илјади примероци на преведените изводи.

**24.08.1990** - Македонија околу себе има ѕид и перспектива на целосно исчезнување од политичката сцена. Иднината на Македонија е во нејзиното приклучување на Србија каде што е единствената можност за спротивставување на албанизација на нејзината територија.

**04.09.1990** -Актуелна е проценката дека Македонија би можела да биде центар на судирот помеѓу исток и запад, каде што се преплетуваат интересите на Бугарија, Грција ама и на Албанија и Југославија. Можеби таа е попогоден полигон и од Косово.

**23.10.1990** -Една држава би ја сочинувале Словенија и Хрватска, а втора Србија, Црна Гора и дел од Македонија...

**28.01.1991** - Разговор со Киро Глигоров, вчера избран за Претседател на претседателство на Македонија. Дојде да ми се заблагодари за честитките што му ги упатив. Разговараме за можните начини на расплет на југословенската криза. Киро смета дека Југославија може да преживее. Предлага да примениме тактика на одолговлекување, да разгледуваме прашање по прашање, но да не донесуваме одлука набрзина "за" или "против" заедничка држава. Киро оценува дека политичкото расположение во Македонија моментно е поблиску до отцепување отколку до заеднички живот и смета дека со одолговлекување овој проблем би се надминал.

## *Закон за најдоброто од СДСМ*[6]

Невработеноста во Република Македонија прет
ставува еден од најголемите проблеми во нашата држава. Времето во кое живееме според актуелната влада, односно според партиите што се во неа, Социјалдемократски Сојуз на Македонија, Социјалистичката партија на Македонија и Партијата за демократски просперитет на Македонија, претставуваа период на транзиција, на која не $ се гледа крајот. Според нив процентот на невработеност во Република Македонија е нормална појава за земјите во транзиција. Таквата нивна теза зборува за „сериозноста” и „решеноста” на Владата вистински да го реши проблемот за невработеност во земјата.

Според податоците од Републичкиот завод за статистиката во Република Македонија има 250.184 невработени или четириесет проценти од вкупниот број на работоспособни граѓани. Доколку се земе предвид дека во овој про-цент се вклучени и така наречените стечајни работници (непозната категорија за западноевропските економии, а всушност луѓе кои имаат статус на невработени лица) луѓето што работат, но немаат примено плати за повеќе месеци, а во некои фирми и за неколку години, се доближуваме до најголемиот процент на невработеност во светот.

Кога веќе Владата не е кадарна да им помогне на младите луѓе да ги решат своите основни егзистецијални прашања, младиот човек е принуден да бара спас како знае и умее. Тој во времето на владеење на СДСМ е редовен декор пред амбасадите на странските држави, пред агенци-

[6] Дневник, 20.12.1997

ите што издаваат иселенички визи, решен да тргне во неизвесноста наречена печалба. Другото решение на младите во Македонија, кое денес е доведено со степен на глорификација, е да се занимаваат до недозволена трговија и шверц, да носат стока со сомнително потекло од соседните земји и да ја продаваат на пазарите во Македонија. Како производ на бесконечната транзиција се јавува и учество на младите во криминални дејства затоа што не им се дава можност на чесен начин да дојдат до своите сретства за нормално живеење. Ваквата состојба со невработеноста на младите луѓе треба да ги загрижува не само тие луѓе што се на власт туку и сите добронамерни фактори. Но она што најмногу ги разгневува младите е тоталната незаинтересираност на владата на СДСМ за решавање на најважното прашање -невработеноста.

Дали Владата му дава значење на проблемот кога доаѓаат парламентарни избори? Да.

Токму во функцијата на следните парламентарни избори Владата ќе реши да преземе краткорочна мерка за намалување на невработеноста. Со Законот што го предлага Владата на Бранко Црвенковски ќе се постигне краткорочен ефект за административно намалување на невработеноста во замјава. Всушност, со овој закон ќе се легализира вработувањето на „црно”, кое досега сме го имале, а нема да се отворат нови работни места. Со предложената мерка на владата за две години ќе ни се случи тие што сега ќе се вработат, односно административно ќе се евидентираат како вработени, повторно да бидат отпуштени од работа и да се најдат на улица.

Ваквите„ефекти” кои се очекуваат од законот, им се познати на Бранко Црвенковски и неговите„експерти” за економија предводени од Димитар Бузлевски. Исто така, голем ќар од овој закон не очекуваат ни младите луѓе. Меѓутоа, на нашата влада чиј брод тоне $ е потебен ваков закон, полн со демагогија и економски-пропагандни по-раки (ЕПП) до гласачите. На сите им е јасно што е најдобро од СДСМ, најдобро е за тесен број привилегирани луѓе од власта. Па затоа обичните смртници ќе треба да попричекаат некои подобри времиња и луѓе што навистина ќе се зафатат со решавање на невработеноста.

Меѓутоа силата на народот е да донесе правилно решение во моментот кога тоа е најпотебно, на ИЗБОРИ. Она што владата на Бранко Црвенковски не сакаше и не можеше да го направи, ќе се корегира со владата избрана од легитимен состав на Собранието.

Секоја следна влада за да ја оправда довербата на својот народ мора бескомпромисно да опстои на предходно поставена и објавена програма. Основни премиси на економската програма што ќе ја намали невработеноста, а особено кај младите се: привлекувањето странски капитал, ослободување на странскиот капитал од давачки ако вработи млади луѓе, форсирање млади и средни претприатија и инсистиање и инвестирање во (за) програми за вработување на младите.

Таква ке биде владата на ВМРО-ДПМНЕ.

## *Распад*[7]

Кога во една држава власта не го почитува највисокиот акт што ја воспоставува неа - Уставот, кога таа држава е Македонија и власта е онаа на СДСМ, треба ли понатаму да се прави каква било критичка анализа за тоа каде ние одиме. Примерите се многубројни. Не постои речиси ниеден член на Уставот што досега не е прекшен.

Кога во истата таа Македонија власта нема чувство за ниту едно национално обележје: име, знаме, грб, треба ли да правиме понатамошна анализа за љубовта спрема татковината?! Примерите се исто така многубројни: поранешно име, невкоренето во традиција знаме, комунистичко-социјалдемократски грб на државата, не е изградена стратегија -визија што сака да се има или да се осмелиме да кажеме изградена долгорочна стратегија за уништување на оваа последна наша држава.

Кога во таа опустошена држава и по седум години самостојност недостигаат закони што ќе го регулираат системот или народски кажано ќе кажат каква држава сакаме да градиме. Треба ли да се прашуваме воопшто кој ни е виновен?! СДСМ, ќеречат: "Не е така, ги имаме сите закони што ни се потребни, задоцнивме со некои само по неколку години". Земете го само законот за локална самоуправа од 1995 година, кој патем требаше да биде донесен шест месеци по донесувањето на Уставот во 1991 година. Што имаме во него освен нефункционирањето на на новите општини? Тука е следното ниво на парчењето на оваа држава. Импликациите се и ќе бидат невидено катастрофални и далекусежни. Потпишана е капитулација и надитрен е евентуалниот надворешен непријател со тоа што е дозволено одделени парчиња на внатрешноста на Македонија да се исчистат, гетоизираат и подготват за отуѓување (мирно или насилно).

Кога во таква држава згора на се процентот на невработеност е рекорден не само на европско ниво туку и на светско ниво, треба ли да бидеме толерантни и да не дадеме "отпор" како што некои милуваат да го наречат гласот на младината? Треба ли да замолчиме пред фактот дека половина од десетината од граѓаните на оваа држава што се во работен однос не добиваат плата навреме, а другата половина добива колку да преживее?

[7] Дневник, 28.2.1998

Најсетне, спуштајќи се низ нивоата на државата од Уставот преку националните симболи, законите, граѓаните, до младината, што да кажеме за неа? Да кажеме ли дека нема никаква перспектива, да кажеме ли дека се иселува, за никогаш да не се врати, да кажеме ли дека младите (и не само тие) се дрогираат и убиваат по улиците како да сме на Дивиот Запад. Сакате ли и тука примери?!

Отворете ги весниците, ќе читате бесконечно за тоа.

Вака допрени сите нивоа на овој живот што го живееме не даваат ниту малку розова слика за нашата реалност. И сакам да признам дека на човека воопшто не му е потребен некој извонредно голем коефициент на интелигенција за сите тие работи да ги разбере. Во животот е многу полесно да се критикува.

Тогаш, каде е сега поентата на претходно набројаните критики? Чуму воопшто констатирање на негативностите ако признаеме дека е полесно да се критикува? Прашајте ја младата комуњарска алтернатива - СДСМ.

Имено, тактиката што во последно време ја зафаќа младата алтернатива што ***„се гледа во огледалото"*** е многу провидна. Да преживее по големиот октопод што го загуши цел СДСМ, да се успее да се придобие некој нов млад човек во своите редови што не е син на пратеник или директор. Заборавaат дека ќе им бидат потребни шкрги затоа што октоподот отиде веќе под нивото на површината на водата. Се чека ред за воздух.

Провидна е тактиката на владеачката партија (внимавајте: партија, а не подмладок), која е свесна за својата непопуларност и знае дека ако не се регенерира со младите е загубена. Па така дајте им малку слобода на алтернативците. Дајте им можност да употребат зборови на скопската шема колку да се знае дека знаат да зборуваат и дека знаат кој е Вујаклија. Но, овојпат тоа нема толку лесно да оди, без разлика што дури и самите за себе ги употребуваат погрдните зборови од типот : ***"октопод, комуњари, политбировци..."***. Многу тешко ќе биде со тоа да се исчистат од постарите нивни. Згора на с#, ако таа катарза ја бараа преку оние "само" два-триесет илјади "***копилњаци***", како што милуваат да ги наречат учесниците во ланскиот протест што покажаа "***минимум бунтовност***", се излажале. Треба ли повторно и повторно да кажеме дека она што му е својствено, инхерентно на човека го чека моментот што ќе го иницира и тогаш избувнува со сета силина. Јас поголема сила од ланската младинска не сум видел. Никој од нас не заборавил дека тогаш единството не можеше да го скрши ниту полицијата ниту службите за безбедност на државата, ниту заканите дека некој ќе заврши овде или онде.

Немало отпор? Каков отпор сакате, господа млади комуњари, сакате ли војна за тогаш да имате оправдување да не излезете на редовни избори? Сакате ли вечно да владеете? Нема да може. Октоподот сега веќе се претвора во црв и преку младите комуњари одвнатре го јаде она што останало по етиката. Ако некогаш ја имало. Распадот е неминовен.

### ***Со болшевички речник младите скоевци повикуваат на уништување на своите противници***[8]

Петок на сабота во **00:24** ја добив следнава порака

од Горан и Виктор: “Каплару читај Дневник”. Немав поим кои се тие Горан и Виктор, но секако дека имав претпоставки кои може да бидат. На 28.02.1998 година во истоимениот весник објавив текст со наслов “Распад”, кој беше делумно испровоциран од текстот на извесниот Ицев кој медитираше на тема политиката и младите, една недела пред тоа. Тој текст со оглед на тоа што беше напишан од политички неистомисленик (внимавајте: не велам противник) беше, со оглед на целта, прилично коректен во начинот на соопштувањето на мислата. Ама, во еден момент, извесниот господин се беше подзаборавил и размислувајки за минатогодишните протести, помеѓу другото, учесниците, што студенти, што средношколци, што постари граѓани кои ги подржуваа барањата, ги беше нарекол “копиљаци”. Секако дека ни е позната терминологијата, но зборот сепак доби во текстот претежок контекст и предизвика кај мене реакција. Затоа што мислам дека не е ниту најмалку коректно таков збор да се употреби на такво место. Реакција како реакција. Се роди еден краток текст во кој неколку формулации беа тврдо, но не и неоправдано изречени, на пример :”млади комуњари”, согласно со тоа, повеќе од очекувано беше да се појави одговор, би рекол рефлекс (условен -Павлов). Така и би.

– Фокус, 13.3.1998

По онаа порака го купив весникот. Имаше внатре еден текст кој по насловот веднаш повикуваше да биде прочитан -”Национал-социалисти”. Веројатно Горан и Виктор на тој текст и мислеле кога ми ја пратиле пораката. Почитувајки ја нивната желба го прочитав текстот. Од него излегоа повеќе прашања на кои што е многу тешко да се одговори (од страна на авторите на текстот), но тоа не значи дека одговори и не постојат. Потоа, гледам на следната страница уште еден текст, обид за есеј -”За политиката и Брус Ли” (автор, извесен Виктор Божиновски). Повторно прашања, прашања, многу. Навреди, вулгарности и измислици вешто протнати со некои полувистини во текст кој би бил невкусен дури и во поранешните еднопартиски времиња. А во исто време текстот беше неуспешен обид за сопствен маркетинг. Зошто? За жал, текстот изобилува со грешки и празнини кои што на внимателниот читател му се подаваат веднаш. Нагласувајки дека од личните навреди се дистанцирам без коментар, сепак ќе ги коментирам елементите што се трудат да прозвучат како политичко-филозофска платформа.

***Чија болна креација се обидите на „младите комуњари” да им ги исперат мозоците на своите врсници?***

Несомнено во таа насока и бил обидот на пишувачот (или пишувачите) на „национал-социјалисти” кое го започнува текстот со набројување на најосновните вредности, слободи и права на поединецот кое ги гарантира Уставот. И до тука не гледам проблем, бидејќи јас Уставот на РМ го разбирам како основен акт којштоја утврдува и верификува државата. Па, така, повикувањето на слободата на мислата и говорот оди во прилог на пишувачот на текстот (Горан Бошков), но, доколку останеме на тоа. Ама, не се останува на тоа бидејќи слободите се предизвикани, би рекол, со цел налепени на термините: Глупост, небулоза, измислица, дури и терминот „болна креација”. Воопшто е нејасно како тој успеал да ги спои основните слободи со болни креации, секако читањето на спомнатиот текст. И уште понејасно е како таквиот производ кој што бил создаден (намерно) од поединци успева да изврши „влијание врз делот на населението кое што е лесно подложно на медиумска манипулација”.

Веројатно господинот Бошков не сакајќи $ го претставува на македонската јавност рецептот кој што го користи СДСМ, во процесот на креирањето на јавното мислење кое што некои го нарекуваат “перење на мозоци”. Да, да се согласувам со вас дека во Македонија постои таков процес и дека „реципиентите” се изложени на невидена тор-тура и манипулација. Само што проблематично е тоа да се накачи на ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи тажниот факт говори дека истата партија не поседува поголемо средство за јавно информирање кое што може да го формира јавното мислење, а владеачката гарнитура располага со добар арсенал за оживување на споменатиов рецепт.

Втората проблематична теза во текстот следува веднаш потоа. Авторот претпоставува дека концепцијата за „перење мозоци" е доволно силно префрлена врз ВМРО-ДПН-МЕ, што понатаму ја продолжува својата медитација со историска димензија во која што ни раскажуваа за тоа колку животи и домови растурило „монструозното капларче" (како што бев и јас наречен во веќе споменатата порака?!). За на типично препознатлив начин да истакне дека со оглед на тоа „македонските социјал-демократи не молчеле и нема да молчат на бугаромансиот национал-социјалистички концепт и суштина на ВМРО-ДПМНЕ???"

***Во СДСМ и СДММ нема одговорност и самоконтрола***

Еве, можеби јас и немам доволно објективност во себе кога станува збор за ВМРО-ДПМНЕ, но навистина ми е нејасно како од перење на мозоци преку монструозни каплари доаѓаме до бугаромански национал-социјалисти. Ама, бидејќи текстов негов и тој почнува со апострофирање на слободите на мислења и говор ќе $ оставиме на јавноста да процени каде е вистината зад чии размисли стои логиката.

Слободата на печатот, говорот и мислењата кои толку многу се спомнуваат во Македоња, па и во овој текст, секако дека се моменти кои се мерило за демократија во општеството. Такви биле и се предмет на интерес на многу филозофи кои што се интересирале тие да бидат составен дел од новите општества што требало да се воспостават. Единствено во сите овие претходни размисли недостасува еден момент. ***ОДГОВОРНОСТА.*** Ако сме навистина заинтересирани, искрени дека сакаме да градиме цивилно општество, односно да дојдеме до поголемо ослободување од стегите на државната власт, треба да видиме која е компонентата што ќе овозможи самоконтрола. Повторувам, одговорноста. Никој никому не му брани да мисли, да објави што сака и тоа е вредност која што мислам дека досега во Македонија сме ја постигнале, ама слободата е плодотворна само кога се применува со одговорност. Имаме слобода на говорот, но, и одговорност да говориме цивилизирано. Без одговорност не може да просперира слободното општество. Во нејзино отсуство, менталитетот на овластувањата создава политика на тесни групи, а индивидуалната слобода е само себичност.

Ако се согласиме дека компонентата одговорност е неопходна, да го погледнеме следниот цитат : „Е токму затоа македонските социјал-демократи не молчеле и нема да молчат на бугароманскиот национал-социјалистички концепт и во суштина на ВМРО-ДПМНЕ. Многу опасен, но и препознатлив модел на национал-шовинизам кој кога ќе помислиш дека си го уништил тој со ***гасна***?! свежина оживува"! Или овој цитат : "На сите македонски граѓани и на СДСМ не им останува ништо друго освен со сите сили да се борат да се оддржи мирот како овие осум години и во нормална ситуација на есен пак да ги победи повампирените бугарофашисти олицетворени во ВМРО-ДПМНЕ".

Намерно не ги скратив речениците кои што ги цитирав за да не се приговори дека сум истегнувал зборови од контекст. Речениците се автентични (види"Дневник" од **7.03.1998**год). Прашање е каде во тие реченици е одговорноста за изречените тврдења, а каде е неодговорноста. Не можеме ли врз основа на она "уништил" да се прашаме кој повикува на потреба на национал-социјалистички методи без разлика што можеби се наоѓа на лево во политичкиот спектар. Екстремното лево и екстремното десно се среќаваат.

***Социјалдемократските младинци се наследници на скоевците, затоа што СДСМ според сопствениот Статут е наследник на СКМ***

Натаму, останува да се прашаме која е целта на еден текст ако тој не афирмира одредени вредности. Социјал демократски вредности. Јас ги барав тие вредности во два-та "дневнички" текста.

Наместо нив, го најдов следново себекуражење :”како масовна организација со околу осум илјади членови и типично социјал демократска ориентација, без багаж од минатото, а богами и од сегашноста (СДММ е основан на 9.11.1991 година и не е ничии правен наследнок)”. Или (во вториот текст): “од една страна имате СДММ чија организациона поставеност и функционалност навистина ветуваат остварување на целите и задачите за кои е и формирана и активно дејствува”. Ова се единствените два пасуси со бои на афирмативна содржина во двата текста. Но, за жал, и тие се оставени на ранг на тафтологија, а откриваат и големо непознавање на функционирањето на партискиот систем во Македонија. Имено според законот за политички партии нивните подмладоци се само составен дел од истите и не се правен субјект. Тоа значи дека СДММ не може по своја желба и потреба да промовира јавно дека не е ничии правен наследник! Таа е составен дел од СДСМ, а СДСМ јавно, во својот Статут, член 2, декларира дека е наследник на СКМ и другите деривати после тоа! Во прашање е многу еластично претставување на корисните им работи. Кога се работи за имот и влијание и апарат, тогаш се прогласува континуитет, а кога работите не се добри, односно кога популарноста е на најниска можна скала во сиве овие години тогаш никој не сака да биде наследник на СКМ. Е не е така! Постои ред, а тој ред оди спротивно на цитираните ставови.

Прашање е дали потпретседателот на СДММ толку слабо го познава политичкиот систем или е во прашање мислена-недомислена стратегија. Типувам на второто. Сениорите на СДСМ се веќе толку искомпромитирани што младите нужно мораат да бидат на што е можно поголема оддалеченост од нив. Погрешно е што истата се обидуваат да ја направат на, условно кажано, алтернативен начин во кој ќе се колнат во социјалдемократските вредности за кои никој ништо не знае и никој ништо не слушнал, а истовремено ќе плукаат по с# друго. Еве, јас јавно се прашувам: кои се тие имплементирани социјалдемократски вредности што сме ги добиле во текот на повеќегодишното владеење на СДСМ? Велам вградени, затоа што практикувањето власт е инструмент за оживување на своите идеи, предлози, новини врз основа на кои и се добиваат гласовите. Барам тие вградени вредности и достигнувања јавно да се истакнат, а не сувопарно да се бројат учебнички вредности кои што може секој да ги промовира за свои. Многу е лесно да се каже дека настојувањата се за социјална сигурност, вработувања, подобар животен стандард или пак образовен систем!! КАКО И КОГА ДОСЕГА??? На тоа треба да се одговори. Сметам дека одговорите ќе отсуствуваат.

На крајот во светлината на вонредните избори што во недела се одржаа во Битола, би сакал да се осврнам на насловот и последната реченица од текстот што толку многу ги возбуди младите во СДСМ - ”Распад” и “Распадот е неминовен”. Повторно повеќе од очигледно е дека не сум бил разбран, бидејќи тие се прашуваат : “Каков е тој млад и надежен политичар кога гледа само неминовни распади пред себе?” Одговорот е повеќе од прост. Битола, избори. Совет! СДСМ... Нешто пред да почне распадот, јас го потенцирав, мислев на СДСМ-овската пирамида, која после Битола - с# повеќе ми личи на кула од карти.

## *Митинзите на ВМРО-ДПМНЕ и оние на албанските партии не може да се изедначат!*[9]

Подолго време во македонските средства за јавно информирање во кои се соопштува мислата со пишано слово, се провлекува една теза, која некој упорно се труди да ја постави за важечка платформа во државава. Имено, станува збор за тезата дека излегувањето на улица и манифестирањето на незадоволство на таков начин е пониска форма на демократијата. За излегување на улица, меѓу другото обично се сметаат митинзите како поорганизиран начин на соопштување на демократската порака. Значи, тезата е насочена кон оние што ги организираат митинзите, а и кон митинзите воопшто.

***Излегувањето на улица не е грев само по себе***

Но во последно време, а особено по неодамнешните митинзи на албанските партии од Македонија (така некој упорно ги нарекува откако се формирани до денеска, иако можеби поправилно би било да ги наречеме партии во кои мнозинството членови се припадници на албанското малцинство во Македонија), за поддршка на косовските албанци, притисокот се зголемува. Истата поддршка лидерот на ДПА Арбен Џафери ја нарекува "***поддршка на барањето на Албанците од Косово за слобода и независност како наследено право***".

Нормално е што повеќе колумнисти, интелектуалци и критичари пишуваа за настан со толкава политичка

- Фокус, 20.3.1998

тежина, притоа обидувајќи се да го разобличат на позитивен или негативен начин. Дотука поводот за овој текст и не е проблематичен, бидејќи сите ние се залагаме за правата и слободите на говорот, мислата и пишаниот збор. Ама, на првата теза која што подетално ќе ја коментирам веќе трендовски $ се налепува нова, според мене тотално некоректна и невистинита теза, врз ВМРО-ДПМНЕ, која е најверојатно без некое поголемо остварено политичко влијание, но сепак заслужува да биде коментирана.

Целта, сепак, не ми е да влезам во полемика со оние кои таквите тврдења ги изнесуваат, бидејќи имаат право на нив. Повеќе сакам да ги изнесам сопствените видувања по истите прашања.

Втората теза што ја проблематизирам е дека сите оние што ќе излезат на улица јавно да го манифестираат своето незадоволство од некаков проблем се исти. Тие (митинзите) „***личат едни на други и се одлична илустрација на бурето барут наречено Балкан***". Секако дека Балкан може популарно да го нарекуваме „***буре барут***", но загрижува леснотијата со која од тоа се изведуваат констатации. Да одиме со ред.

Излегувањето на улица не е пониска форма на демократско општење, но знае да биде индикатор дека општиот демократски развој можеби се наоѓа пред некаков застој. Зошто? Затоа што не се излегува туку-така на улица. Не се презема тој последен демократски чекор „од ракав", само за да се рече дека нешто сепак е сторено. Ако пак, по секоја цена бараме „рачка", таа треба да $ се упати на власта, establishmentот, елитата, бидејќи и повеќе од сигурно е дека власта нема да излезе на улица да протестира сама против себе. Тоа значи дека товарот на таквата демократска противтежа паѓа врз опозицијата, било да е партија, интересна група, или можеби невладина организација. Со еден збор, било кој што се наоѓа погоден од моментално донесената политичка одлука може да се појави како противтежа на таков начин - т.е. да излезе на улица, на ми-тинг. Она со што не можам никако да се согласам, е тезата дека јавно манифестираното незадоволство сите н# правело исти?! Доколку ги прифатиме првите две тези, може да помине и опасната подтеза - дека сите незадоволници што излегле на улица се државни непријатели, а оние што се на власт се идентификација на државата. Никој нема право да се идентификува со државата, ниту пак да мисли дека после него ќе настапи потоп и затоа ја има историската задача по секоја цена да остане во право, односно вечно да владее.

### *Потребата да се владее -позначајна од лојалноста кон државата*

А, за оние што се на власт и оние што се во опозиција да бидат сигурни дека правата се запазени, а одговорноста кон државата функционира, во ваквите, сепак, критични моменти на демократијата треба да ја провериме категоријата ЛОЈАЛНОСТ на тие што се на „митингот". Посебно ЛОЈАЛНОСТА и почитта кон државата во овој случај, кон Македонија.

Граѓанскиот концепт во нашата држава, за кој што толку многу се залагаме, предизвикува, бара од поединецот да се вклопи во системот, односно тојсамиот да се интегрира во него. Таа лојалност која што треба да произлезе од таквиот концепт, може да се изедначи со доблеста на љубовта кон своите родители, интересни групи или татковината. Или, поинаку речено лојалноста е особина која го краси оној кој ги исполнува своите обврски. Верниот, искрениот, чесниот, преданиот -собрани во едно, го сочинуваат лојалното.

Дали беа такви тие што митингуваа во Скопје, Дебар, Тетово кога неодамна ја интонираа химната на една туѓа земја? Дали носењето на туѓи знамиња можеме да го сметаме за чесно, искрено, лојално кон оваа земја -Македонија?

Условно кажано и не мора да се согласиш со симболите кои се основни во една држава и можеш да бараш тие да се променат согласно идеите што ги имаш. Ама за тоа постои процедура во институциите на државата. Се иницираат референдуми, се врши притисок врз власта преку одредени институции, партии, но никако тоа не се прави насилно или со тоа што ќе ги заобиколуваш или прескокнуваш истите тие симболи. Згора на тоа неистакнувањето на обележја на македонската држава од било каков вид на истите тие митинзи проблемот го прави посебно тежок, кога се знае дека за тоа постојат јасно пропишани законски норми. Тоа што истите тие закони не се применуваат од власта која главно и ги донесе, отвора други прашања. Јасно видливата непринципиелност доволно убаво ја отсликува позицијата на уценетост која во овие околности се чини мора да се прифати, бидејќи некој не е чист. Како, колку и зошто останува да се види, но да се дозволи поредокот редовно да се гази, јазикот да се исвиркува, знамето да се плука, за власта се контраприлози за чесноста. Или прагмата толку многу е над сето останато, што потребата да се владее станува нешто без кое не може да се живее и што ги оправдува сите методи.

### *ВМРО-ДПМНЕ не сака последици за неистомислениците*

ВМРО-ДПМНЕ протестирало исто како што протестирале и многу други кои не се согласувале со фалсификуваните избори од 1994-та, со уништувањето на државата, со нејзиното доведување во меѓународна изолација, со донесувањето на дрогата и блудот во секоја наша улица, со целосното разградување на образовниот систем, со укинувањето на етиката.

Ама, се протестирало со желба нешто да се промени на подобро во оваа држава за сите, од сите. Не ми е јасно, земајќи ги предвид сите погоре изнесени размисли, како сега некој може албанскиот политички фактор од едната страна и ВМРО-ДПМНЕ и останатите опозиционери од другата страна, да ги сместува во „дует на невоспитаници" кој може да доведе до смртни последици. Премногу предвидувачи се појавија кои се спремни катаклизмите да ги подадат на другите. Мислам дека веќе на секој граѓанин на РМ му е јасно кој протестира со лојалност и почит кон државата, а кој не.

Прашувам, до кога ВМРО-ДПМНЕ, а и сите оние што на било кој друг начин не се согласуваат со нешто од политиката на СДСМ ќе бидат најголемото зло, а за нив ќе се отвора "лов на вештерки".

Време е работите да се разбираат и да се прифаќаат поцивилизирано. Време е да се разбере дека ниту ВМРО-ДПМ-НЕ, ниту новата генерација млади луѓе што доаѓаат, не се спремни и не сакаат катаклизми и било какви здравствени последици (најмалку смртни), за (условно кажано другите)

неистомислениците.

Доаѓа време на промени, доаѓа време за подобро дожи-вување на ова што го имаме. Доаѓа време на надеж, вера, етичност, љубов.

## *Затвор*[20]

Безмалку пет години поминаа откако Македонија влезе во ООН. Фактот дека таму влеговме е неспорен, но при една аналитичка размисла се наметнуваат многу прашања. Кое е нашето име таму, до кога ќе бидеме "поранешни", "привремени" и не знам уште што? Изгубено ли е засекогаш името на "оазата на мирот" кое потекнува од нашите Мојсиевци, Ноевци? Официјалната демагогија Ви е добро позната. Македонија ништо не менува и името останува исто. Само за два месеца ќе ја користиме "смешната" додавка, придавка, сложенка... што ли?

И додека "кучињата си лаат, карванот си врви". "Јавачот на Апокалипсата" денес веќе митологизиран, со полна одговорност, би се рекло без срам, излезе и го лажеше народот, што цел овој век го лажат, де од север, де од југ, де од...

Слушајќи за неговите заслуги, човек навистина може да се замисли кој е во право, а кој греши. Да се потсетиме, изборот е наш, но да не заборавиме дека можноста за избор е „наше проклетство". Ова, се разбира не е никаква алузија на слободните, фер е демократски избори на „Сојузот за Македонија" што еднаш се одржаа во нашата земја. Оттогаш народот реши дека повеќе нема потреба од избори, достигнат е комунистички плафонот на „владеењето на народот" -популарно кажано демократија. "Секој според можностите секому според потребите", дали за Водно или за Кратово, сеедно.

Меѓутоа парламентот, трибината на народот не смее де биде како комунистичкиот, затоа мора да се измисли не-

[20] Дневник, април 1998

кој што ќе глуми опозиција. Како што самите велат, "ќе биде поинтересен парламентот". Народот е како дете па нека се занимава со нешто, додека "комунистичкиот слоган" безусловно се применува, ама само за нив.

Сега да размислуваме за димензиите што се пред нас. Една е внатрешната која може да се поистоветиме со 25 713 км$^2$, колку што Македонија ги има сега. Таа квадратура некој свесно ја претвори во затвор. Ми се чини дека е во прашање подолгорочна стратегија за создавање на аморфна маса од македонискиот народ. Може ли Македонија да биде затвор? Може! Доволно е само да ги имате СДСМ на власт, за претходно поставеното прашање да стане реалност (проблеми со сите соседи, визи за сите земји, неафирмираност на ниедно меѓународно културно поле). Нема потреба некој Македонија да ја оградува со боцкава жица - одвнатре ја оградија!

Втората димензија е надворешната која може да ја поистоветиме со другиот дел на светот. Ајде да бидеме објективни во воспоставувањето баланс меѓу тие фактори, поставувајќи го името Македонија

помеѓу нив. Колкава и да е големината на субјектот, на јас, на нас (бидејќи јас себе не се викам по име, туку само јас), колкава и да е желбата да се поистовети јас со бесконечниот небески свод, сепак самото ќе мора да дојде до заклучок дека нешто надвор од него сепак постои. Што?

Излезете од ЈАС, излезете од Македонија! Проектирајте се надвор од себе и тогаш побарајте го ЈАС, побарајте ја Македонија. Дали ќе ја најдете? Можно е да останете збунети и да не знаете каде сте. Но, можно е и, ако аналитички му се спротивставите на губењето во просторот, да сфатите дека дел од ЈАС, дел од внатрешноста, дел од Македонија, гине и пропаѓа. Меѓутоа, пропаѓајќи, со себе сака да ги повлече и сите други делови, а "по мене потоп".

Макијавели со „Владетелот" очигледно е дека е читан од тие што се зрдужија за да ја потопат Македонија, но за жал, погрешно е толкуван. Тие би требало де се потсетат на неговите зборови, да најдат толкувач ако не ги разбираат: „Ја сакам татковината повеќе од душата".

## *Која е разликата помеѓу јавната разврска на љубовните афери на американскиот и македонскиот претседател*[2]

Љубовниот триаголник на Глигоров што во јавноста го протна минатата недела „Денес", отвора некои сериозни прашања во врска со политичкиот живот, кои досега во Македонија не беа предмет на јавен интерес. Не дека за нив не е дискутирано помеѓу политичарите, во затворени кругови, по кулоарите, но едноставно, ништо од тоа не излегуваше на „обична светлина на денот". И ете, тоа веќе не е така, затоа што некој, еднаш во оваа земја, со-бра храброст да го направи чекорот напред, кој без разлика дали е исправен или не, вистинит или не, е веќе сторен.

Пред обидот за било каква анализа, морам да кажам дека дел од овие минатонеделни случувања, ме потсети на сличните проблеми што ги имаше американскиот претседател во јануари годинава. Имено, по игра на случајот, се најдов во Вашингтон Д.Ц. ден пред избивањето на аферата со Моника Луински. Она што сакам да пишувам се моите доживувања за истата таа афера, а не да судам дали било така како што беше објавено или не и во случајот со американскиот, а и со македонскиот претседател.

Од првиот момент кога веста се појави во американските медиуми, настана невидена трка за и околу тоа кој ќе пронајде што порелевантни и поинтересни моменти околу наводниот интерес на Бил Клинтон за неговата помошничка во Белата куќа. Освен агенциските пренесувања на скандалот, набргу започнаа да се организираат

[2] Фокус, 24.4.1998

дискусии од секаков тип, во кои од страна на психолози, адвокати, професори се анализираше секој најмал детал во врска со случајот кој со денови, а потоа и со недели остануваше вест број еден во САД. Бидејќи таму престојував како Македонец, како човек сепак со не премногу големо искуство во политиката, ми требаше време малку да сфатам зошто постои толку голем интерес околу една навидум небитна, којзнае колку вистинита афера на Бил Клинтон. Дотолку повеќе ми беше нејасна целата ситуација затоа што во Македонија во тоа време (јануари 1998) немаше ни сигнал за зафаќање на таа

димензија во политиката.

### *Семејството е темелна вредност која му помогна Клинтон*

Велам - димензија, бидејќи од веќе споменатиот случај на Бил Клинтон може да се заклучи дека приватниот живот на врвните политички личности и особено нивната, условно кажано, моралност, доблесност, и посветеност на семејството и тоа како може да има влијание врз јавноста. Граѓаните можат и веројатно дека тоа и го сакаат, низ таквите вредности да го формираат ликот за личноста на која што $ ја дале довербата да ги води, посебно ако станува збор за најмоќниот човек на планетата. Ако со овој пример заклучиме дека во развиените демократии приватноста на јавните личности е прашање кое што е од интерес на јавноста, тогаш се чини дека е неминовно тоа да го очекуваме и кај нас. Ама, да се вратиме на американскиот случај.

Најмоќниот човек на планетата, за каков што Бил Клинтон секако многумина го сметаат, го снајде љубовна афера. Секојдневните истражувања ја продлабочуваа проблематичната ситуација и веќе се чинеше дека почнуваа да го загрозува неговото претседателско место. По 3-4 дена, голем број новинари се прашуваа дали Клинтон ќе биде принуден да си поднесе оставка или пак можеби с# ќе оди на суд, согласно тамошните закони кои санкционираат било каква злоупотреба на моќта што ја носи политичката функција, овој пат во (условно) љубовна, сексуална насока. Обична помошничка во Белата куќа се закануваше дека го чини мандат американскиот претседател.

Од Белата куќа -молк! Тензијата растеше неподносливо брзо и во еден момент помислив дека навистина е готово со Клинтон, дека ќе мора да се повлече. Тогаш настана пресврт. Неочекуван пресврт што го донесе сопругата на Клинтон, Хилари, која без било каква резерва застана зад својот сопруг. Таа, без разлика на тоа дали веруваше во Бил или не, дали ја сметаше за вистинита аферата со Моника Луински или не, застана зад Клинтон. Што е тука поентата? Семејството!

Јавноста мораше да сфати, да се убеди дека семејството на американскиот претседател функционира без проблеми, дека тука шпекулациите за наводната афера се отфрлени, и дека цврстината и истрајноста, најпотребните елементи за да се води нацијата, тој има од каде да ги добие.

Деновите потоа, дискусиите „за и против" не стивнуваа, но рејтингот на Клинтон без проблеми го достигна највисокото ниво на популарност откако е во Белата куќа. Од состојба на можно повлекување до состојба на највисок рејтинг, Клинтон дојде после само една кратка и јасна изјава на својата сопруга, дека семејството било и останува неговиот извор за напојување со енергија за водењето на САД.

Клинтон е демократ, но таа политичка определба кај него нема доведено до строго профилирање за одредени прашања во политичкиот живот. Некои конзервативни вредности тој ги има вградено во своите претставувања во јавноста. Една од побитните е секако, семејството.

По сето ова, доаѓаме до денешната македонска реалност, за која што се тврди дека верува (поголемиот дел од електоратот) во семејството како една од основните тредиционални вредности. Проблемот е во тоа, што во последниот голем политички скандал, тоа воопшто не изгледа така.

Правата и редот кои во секое општество се засновани на нормални обичаи, треба да ни бидат пренесени преку семејството. Тоа е таа заедница што треба да н# научи на основните вредности и стандарди. Ниту една политичка фигура без разлика колкава политичка моќ и да има, не смее да ги заборави тие постулати и уште повеќе да наметнува некои нови функции кои се отфрлени од традиционалното семејство. Политичката структура треба да се базира врз општо прифатени стандарди за правилното и погрешното, а тие се вообичаени за сите религии и морални филозофии од кои што е изртена цивилизацијата. Тие се универзални и нефлексибилни и општествениот поредок не може да опстојува без нив.

***Со смената на врвот нема да пропадне и државата***

И на крајот, останува на вас, самите да си заклучите што од овие вистински традиционални кај нас е вредност. Колку на нашите политичари им значи семејството? Споредувајќи ја, за последен пат, нашата ситуација со онаа на американскиот претседател Бил Клинтон, кој несомнено на многумина од нас ни се чини за најмоќен човек на планетата, да кажеме нешто и за новинарите. Американските новинари го напаѓаа Клинтон, некои премногу жестоко, ама во ниеден момент не спомнуваа дека со неговата евентуална пропаст, ќе пропаднат и САД, а и целата планета. Најголемите негови новинарски противници едноставно само го најавуваа Ал Гор како нов претседател. Ова, преведено за нашите новинари, дека слободно можат во зависност од својата определба (политичка левица, на пример) и финансиска зависност, да бранат секого, па дури и претседателот на државата. Но не би требало да пишуваат дека со било каква смена на врвот, ќе пропадне и државата. Никој од нас не смее да се идентификува со државата. Не е таа неколкугодишен производ и желба на поединци. Таа е произлезена од долгите традиционални напори и наследените мудрости од многу претходни генерации.

А за господинот Киро Глигоров да не се секираме дека поради наводниот сексуален скандал наводно му била загрозена претседателската функкција. Не е ова прв пат неговите морални особини и неговата доблест да се ставаат на испит. Издржа притисок од 220.000 потписи за предвремени избори, издржува притисок дека атентатот врз него најверојатно го направија неговите, издржува притисок од сите оние незадоволни луѓе во оваа држава од оваа власт, ставајќи се безусловно на страна на владеачката структура. Ќе го издржи и ова мало семејно несогласување, кое што, се чини, му го подметна токму неговата сопруга, ќе демантира, ќе се огради, ќе отфрли. Народот кој многу работи не смее да заборави, веројатно ќе заборави с#. Такви сме си ние.

## *И најчесните намери од нашата програма, новинарите ги користат за отстрел на партијата*[22]

Осумте години плурална политичка сцена, за кои веќе може да се каже дека ги имаме зад нас, на Македонија $ донесоа многу новини. Освен веднаш видливите и препознатливи придобивки на парламентарната демократија и придобивка на власта на повеќе нивоа, која што исто времено одредува граници на моќта, се појавија и некои нови, неочекувани важни прашања. Формирањето јасни ставови кон овие прашања всушност значи и позиционирање кон политичкиот спектар од една страна, што истовремено доведува до појавување на приврзаници кај оние кои што со ваквите идеи се согласуваат. Кај другиот дел (неистомисленици) доаѓа до спротивставување кое, во зависност од нивната организираност, е послабо или посилно насочено кон овие првите. Особено ако вторите се организирани во партија, а уште повеќе ако таа партија е на власт.

***Позитивна критика и негативен призвук***

Токму на овие начини на комуникација со приврзаниците и опонентите сакам да пишувам. За да се соопшти било што како политички став постојат два начини на промовирање. Позитивен и негативен. Позитивниот се дефинира како истакнување на свои ставови со кои очекуваниот прогрес треба да се случи без нивно доведување во било

– Фокус, 8.5.1998

каква врска со другите можни платформи и опоненти или пак преку нивно критикување.

Додека пак, негативниот се дефинира најмногу како критизерство на опонентите за нивните погрешни чекори, за грешките кои што се веројатно со последици за сите и слично. Секој од нас по сопствен избор се определува за тоа на кој од овие два пристапи ка му даде предност. Сепак, во најголем број случаи не се останува на чисто позитиивна или негативна определба. Тука се разните комбина
ции. Првата отприлика значи дека на нашите предности ке ги прикачиме (придодадеме) слабостите на опонентот, со што убавата слика на нас ќе стане уште поубава. Со ваквиот метод најчесто се служи власта во Република Македонија. На пример кога се зборува за „ефектите" од реформите, не се заборава да се потсети дека опозицијата за тоа не била способна „ни под точка разно". Обратната комбинација пак, е посвојствена на опозицијата која шти ги лоцира промашувањата и за тоа се труди да понуди соодветни решенија. Тоа е толку нормален тек на нештата во политиката, што на никој кој со внимание набљудува или се интересира за она што се случува со него, не верувам дека му е неприфатлив. Проблемот е во нешто друго. Се чини дека премногу е во употреба негативниот пристап или варијантата каде што тој доминира. Младата плурал-на свест и култура ја навикнавме на лошото, црното. Тоа заморува, а во извесни случаи доведува до одбојност кон „инкримираното" прашање-политика. Дали е тоа случајна појава или од некого посакувана сосстојба останува самите читатели да проценат.

Како и да е, на оној кој што не се помирува со преовла-дувачките тенденции му останува да се обиде да го промени пристапот - да го тестира позитивното решение. На оваа точка ќе се спуштиме од теоријата во реалноста и ќе се обидеме да анализираме еден пример како може да заврши еден таков обид, односно како е дочекан од оние кои што треба за него да ја запознаат јавноста.

Подмладокот на ВМРО-ДПМНЕ веќе подолго време ги следи и анализира состојбите во државата поврзани со проблемите на младите. За жал, констатацијата произлезена од тоа говори дека младите во оваа држава не се наоѓаат во добра положба и дека итно е потребно нешто да се промени.

Со таквата јасна идеја дека нешто е потребно да се менува се пристапува кон изработка на платформа која што ке понуди алтернативни и квалитетни решенија и некои новини кои што не се практикувани досега во Македонија. Секако, врвот на таквите напори би било формирање на Министерство за млади кое под свое би ги зело овие проблеми и би се обидело, согласно предходно зацртаната програма да ги решава. Можеби за некого ова претставува утопистичка идеја, но добар дел од младите во неа уште на почетокот би виделе придвижување и барем некаков „нов почеток". После с#, критичниот период на зреење на таквата идеја е веќе завршен, политичките пречки се отстранети, и сега претстои реализација, односно раѓање.

***Во идејата за Министерство за млади нема болна амбиција***

Згора на тоа, кога сето тоа е ставено на хартија во документ во педесетина страници навистина се отвора хоризонт на оптимизам. Во таква ситуација нормално е да се посакува идејата да се направи достапна за секој, а оптимизмот по можност да се сподели. Како да се допре до јавноста? Новинарите се одговор.

Еве како помина една таква средба и што остана запи-шано од неа. Мислам на новинарот на неделникот ПУЛС Бранко Ѓорѓевски, кој во просториите на УМС на ВМРОДПМНЕ дојде со јасна намера да разговара за нешто сосема различно од нашите потреби во врска со младинската политика. Не навлегувајќи во неговите интереси (бидејки сега говориме за нешто друго) кои по правило се негативни, имајки ја предвид политичката наклонетост на неговиот весник, мора да се потенцира дека на увид му беше ставен нашиот документ. На сите прашања кои што беа поврзани со неговиот интерес (***негативниот пристап!***) му беше одговорено јасно. За тоа тој фаќаше кратки забелешки. Нашата интенција (бидејки не бев сам на разговорот, намерно) сепак беше поинаква. Да разговараме за новостите што ги нудиме од нашата сфера, за излезните решенија, за новото што треба по изборите да дојде во Македонија.

Во целата таа ситуција, интересно беше да се види дека, кога се зборуваше за она на кое ние му придававме најголемо значење, Ѓорѓевски остана незаинтересиран. На провокацијата дека иако е апологет на власта, што тој го негираше, му нудиме можност да докаже дека не сме во право, тој одговори на свој начин. Дури, отидовме дотаму што западнавме во дискусија, дека дискфалификациите и негаторскиот однос доминираат и во новинарството.

Новинарот вешто ја избегнуваше темата, но тоа што бевме повеќе на број, веројатно го натера Ѓорѓевски да посака да биде поразбран. Сега, откако го прочитав неговиот текст кој произлезе од разговорот во кој што само еден па-сус е цитат, а с# друго „конструкции во воздух" стопроцентно сум убеден дека доколку бев сам во разговорот, немаше ни да го погледне понудениот документ.

А вака, тој го прифати, велејќи дека штом толку инсистираме ќе го погледне и ќе види што може за него да напише. И напиша -„котирање кое истовремено се совпаѓа со личните амбиции на Петровски. Тие, судејки според ангажманот на подготвување на скорешниот младински собир на ВМРО-ДПМНЕ во скопската Универзална сала одат и подалеку. Веројатно кон првиот човек на, евентуалното формирано Министерство на младина. Контурите на она што партијата го посакува во сферата на младинската политика се веќе исцртани -постоење на независно Министерство за млади, промена (индивидуализација) во системот на образованието, форсирање на таленти, вработувања, стопирање на миграцијата...". Ова е малку подолг цитат пренесен со цел согласно првиот дел од текстот да може да се види од каде доаѓаат негативните тенденции во нашиот политички живот, каде што секако спаѓаат и ваквите новинари.

Сепак, на Ѓорѓевски сакам да му заблагодарам за можноста што со неговите „конструктиви писанија" ме натера да го појаснам. Притоа говорам само за цитираниот дел од текстот, бидејќи другото таму напишано е надвор од мојот интерес и без никаков допир со реалноста. Но, да би-дам прецизен, потребата за појаснување не ми е насочена кон новинарот од ПУЛС и со моето пишување не сакам да помисли дека цитираниов текст ми бил толку интересен, па сум губел време на објаснувања, правдања или негирања. Поентата лежи на друго место, во ТРАНСПАРЕНТНОСТА. Таа значи да бидеш подготвен со она што го мислиш и планираш, јавно да го истакнеш и браниш. Јавно кажаниот збор-значи!

Токму затоа, еве го одговорот кој што е мое кредо и зад кој со полна одговорност можам да сакам и да стојам.

1.На Македонија $ е потребна доследна, прецизна и јасна младинска политика. Таква досега немаше.

1. 2. Документот е подготвен и чека на своја реализација после изборите, односно, навистина контурите се исцртани од страна на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

2. 3. Таквите контури не значат она што Ѓорѓевски сакал да го истакне во својот текст, дека владата на ВМРОДПМНЕ ќе биде преголема и прескапа. Министерството за

млади не мора и најверојатно нема да биде формирано како посебно за да задоволи било чии амбиции (вклучувајки ме и мене). Најверојатно ќе постои во рамките на некое друго министерство. Најбитна од

с# е симболиката!

Практично, тоа значи дека ќе има кој да се занимава со решавање на проблемите на младите, бидејќи младите имаат проблеми кои им ги создаде државата, под водство на сегашниов естаблишмент.

## *Вистински решенија*[2]

Ако не знаевте, најдобар доказ дека нешто ново и позитивно се случило во државата и дека тоа навистина е добро -е молчењето. Молчењето посебно се засилува ако новоста (настанот) доаѓа од страна на опозицијата. Што и да стори опозицијата, ако е позитивно, ако носи промена на подобро од било каков вид - е подложно на медиумска блокада од најтежок степен! Некои новинари одат дотаму што дури се обидуваат да ги прикажат како непостоечки некои од случувањата, да ги антидатираат, или пак да ги избришат!

Тоа не е случајно, бидејќи на режимските апологети секако им е познато дека се она за што заеднички не ја известиле јавноста, се смета за непостоечко. А ако нештото не постои, тогаш не може да има ниту ефект. Системот со тоа е сочуван и конзервиран. Промената - оневозможена!

Примери за ваков третман има безброј. Еден ми е свеж во сеќавањето. И пред да дадам видување за него мо-рам да признаам дека, за среќа денес во Македонија нема само режимски новинари, туку нешто веќе почнува да се менува. Во вид го имам ценетиот неделник Фокус кој што го отстапува просторот за искажување на различни или алтернативни мислења.

Враќајќи се на она што го најавив, како пример ќе го земам последниот голем младински собир во Универзална сала, одржан на 9-ти мајгодинава. Станува збор за годишната конференција на подмладокот на ВМРО-ДПМНЕ која работеше со импозантна бројка на делегати и која што обе-

[2] Фокус, 22.5.1998

лодени една новина во младинското живеење во нашата држава -МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА. Тоа е документ на педесетина страници што тргнува од потребите и желбите на младите луѓе. Документ кој има за цел да ги подобри и развие условите за живот и можностите за учество на младите луѓе низ целиот ранг на социјални, културни и политички нивоа на нашето општество. При тоа во документот - Младинската политика е запазена и усогласена активноста што треба да се преземе низ различните сектори на политиката и администрацијата. Освен подобрувањето на можностите и условите за живот, настојувано е да се понудат решенија за интеграцијата на млаадиот човек во нашиот современ економски, социјален,политички и културен живот.

Значи, младите луѓе се во сржта на овој, според мене, значаен документ, но не се предвидени како негови корисници, туку се и негови креатори.

Сепак мора да се нагласи дека со тоа не се нудат некакви волшебни стапчиња кои по принципот на абракадабра ги менуваат нештата, како на пример, владиниот трик - Закон за нови вработувања, туку во прашање се реални излезни решенија, зависно од тежината на проблемот -краткорочни или долгорочни. За актуелните проблеми во доменот на образовниот систем, поддршката

на младите таленти, невработеноста, социјалната политика, криминалот, миграциите, невладините организации, културата, уметноста, спортот... се направени сериозни истажувања и анализи и се нуди одговор. По седум години владеење на СДСМ и воведувањето на хаосот во нашите обични животи, време беше да добиеме алтернативен, со позитивен дух создаден материјал кој што треба еднаш-засекогаш да ја осигури промената и да го запечати (во својот домен) напуштањето на еднопартизмот и тоталитаризмот.

Само за потсетување, истата власт, слободно можеме да кажеме, го дезинтегрираше образовниот систем, воведе квоти кои опасно почнаа да го доведуваат во прашање македонскиот идентитет (студентите ја менуваат македонската националност за индекс!?), ја укина автономијата на Универзитетот, ги стави под своја капа сите невладини организации, ја зголеми невработеноста до процент кој ни го осигури водечкото место во Европа, го закочи развојот на младиот човек вградувајќи му без исклучок на секој чувство на очај и бесперспективност...

На сите овие проблеми им е даден приоритет за реша-вање, особено на невработеноста која кога ќе се намали, веднаш ќе ја релаксира целокупната тензија и ќе го зголеми степенот на внатрешната стабилност во државата.

Универзалната сала со својата големина дозволи во неа да се најде секој илјадити гласач од државата! Таа бројка му дава особена валидност на спомнатиот документ, ако се знае дека секој го имаше во рацете и се произнесе позитивно по него.

Па, така, ако сега се вратиме на почетокот на текстот и на новинарското молчење, ќе видиме дека и за тоа постои какво-такво решение кое несомнено ќе доведе до резултатите. Тоа што на тој собир го слушна, виде и почувствува секој таму присутен, ќе го пренесе до својата база. Секој ќе зборува, ќе раскажува за идеалите што самите ги крепат. Секој ќе ги истакне уште еднаш љубовта, верата и надежта кои со изборите неминовно надоаѓаат.

Токму тие христијански, традиционални вредности без кои не се може, му ги спротивставуваме на секој повик за излив на гнев и на бес.

Сечини дека некојсака да н# доведе во состојба да станеме агресивни и лути. Божем способноста за лутина е нужна за да се одржиме. Таа е темел на карактерот. Негувајте го и чувајте го тој ѕвер што е тука да ве пази и заштити.

Вака пишува еден наш филозоф, нудејќи ни некои вредности кои не ни се својствени, ниту културно, ниту традиционално, ниту ако сакате религиски. Ама секако се вклопуваат во нашата денешна живеачка и слика наметната од власта. Сепак, сметам дека и покрај тоа, можеме да му одолееме на предизвикот -, ***чувана од синџир, од кој може да биде пуштена, покорна нам, нескротлива кон нашите противници, нашата лутина (ни биде) е наш најдобар пес чувар.***

Ако мудроста е сублимат, односно ги соединува љубовта, верата и надежта, тогаш сето неопходно што ни е потребно за промените го имаме! А силата е доволно голема да им се одолее на повиците за разгневување, налутување односно грешење!

## *Не може ЛДП да јакне, на сметка на слабеењето на ВМРО-ДПМНЕ!*[24]

Оние што со себе се сместуваат во центарот, демек го поседуваат најисправното и најдоброто видување на граѓанската опција. Се создава привид дека политичкиот одговор не е само и само во центарот и дека по секоја цена да се биде таму. Можеби на ВМРО-ДПМНЕ му се нуди коалиција пола-пола за нова влада или ништо. Пристапот е погрешен. Неприфатливо е да се пишува „фифти-фифти" коалиција, непоткрепено со доволно бројки, а наместо тоа да се нудат недоволно јасни дефинирани принципи!

Есенските избори полека, но сигурно, наближуваат. Сите ние, што на било кој начин се занимаваме со политика, чувствуваме како расте тензијата, веќе до енормни височини. Сакајќи или не, се запаѓа во математики, анализи, договори, одговарања, претпоставки... Би се лажеле ако кажеме дека не е така.

Од друга страна она што е интересно, а што овој пат ме испровоцира да коментирам, се некои новинарски текстови на темата избори.

Анализата која што еден новинар ја прави, доколку се покаже како правилна, точна, може во голем обем да му го зголеми рејтингот донесувајќи му реноме на добар познавач на состојбите во политиката. Таквиот статус е најпосакуван од сите новинари кои што пишуваат за политичкото. Но во исто време со ваквите текстови се појавува и опасноста од грешка, односно текстуална анализа која ќе резул-

- Фокус, 29.5.1998

тира со тотално промашување. Сепак, негативниот ефект од таков обид (текст) е далеку помал од позитивниот, од причина што нашиот народ и тоа како заборава. Секое чудо за три дена. Кој од нас отворил неделник од јануари 1998, или пак од март 1997?

Така, с# бргу останува заборавено. Веројатно за тоа се свесни оние што прават анализи. Ама, не се заборава само негативниот ефект, туку и позитивниот. Тоа, сепак, за разлика од негативниот, му остава простор на пушувачот да се повика на своите погодоци, па ако ништо друго, останува сам да се истакне.

### *Центарот „единствено" политичко решение*

Веселата математика во која „Гошев + Георгиевски се еднакви на нова влада" секако дека претставува интересна хипотеза која повикува на коментар. Не го земаме текстот од претпоследниот број на„Денес" (од 21 мај 1998) од проста причина што не станува збор за издвоен обичен текст, туку напротив, тој со некои свои елементи само му се придружува на трендот кој што го нуди власта веќе со години. И не само таа, ами и сите противници на ВМРОДПМНЕ.

Ако тргнеме со ред, ќе забележиме набрзина нафрлени тези дека сите во политиката се исти, дека партијата ВМРО-ДПМНЕ е нестабилна и подложна на афери, дека наспроти неа стои ЛДП со својата сила, дека Македонија ке ја добие својата нова влада сигурно, но само со фифтифифти коалиционен договор. Згора на тоа, несомнено најсилната партија во државата (намерно или ненамерно) се насловува само со вториот дел од своето име - ДПМНЕ.

Ова се тези кои ги издвоив, ама не со цел да го сецирам споменатиот текст, бидејќи секој има право да пишува што сака. Намерата ми е поинаква, нафрлените тези кои најмногу се препознатливи како дел од едно големо антивмровско сценарио, да ги погледнам од свој аспект.

Прво, веднаш сакам да ја отфрлам тезата дека сите партии се исти. Не се сите исти, посебно не на македонската политичка сцена. Никако не можат да се изедначат оние што ја опустошија државата (со познати параметри кои што застрашуваат) со опозицијата. Тука (за да не се сфати дека не препознав и добри елементи во текстот) ќе се согласам дека нашите граѓани од страна на власта се доведени до ѕид. Да, тие се доведени до ѕид од злото што ни се случува минатите седум години и секако, на изборите ќе му се спротивставаат кажувајќи му силно -НЕ! Другите партии, и да сакаа, не можеа да направат такво зло, едноставно беа во опозиција.

Народот знае колку ВМРО-ДПМНЕ е нестабилна и на афери подложна партија. Исто така, ја знае и популарноста на партијата која спротивно на овие тврдења е со највисок рејтинг кај народот според сите анкети и истражувања на домашни или странски агенции. Што се однесува до нестабилноста и повеќе од јасно е колку службите за безбедност работеа на разбивање на идејното и човечкото единство, само за да ја спречат промената и да го конзервираат тоталитарниот систем. Како и да е, нивните напори ќе останат залудни и без било каков успех што најубаво ќе може да се види на следниве избори. Со оглед на тоа што с# партијата преживеа во текот на изминатите осум години од своето современо постоење, сега можеме со сигурност да кажеме дека сите таканаречени детски болести се прележани. Најверојатно тоа не можат да го видат само оние што не сакаат да ја препознаат автентично непоколебливата патриот-ска позиција на ВМРО-ДПМНЕ. Оние кои што се тепаат за некаква си граѓанска опција треба да знаат дека сите ние всушност сме граѓани на оваа држава. Токму затоа предлагам да прекинеме веќе еднаш да со тавтолошките искази кои по секоја цена милуваме да ги прикажеме како единствено можни за нас. Ќе останеме сите ние граѓани, никој од нас нема да се откаже од својата граѓанска димензија, веднаш после она што сме го наследиле преку нашите стари, кои долго за тоа се бореле- правото како народ да имаме држава.

Кога станува збор за граѓанство во Македонија, проблемот со определување со политичката терминологија искривоколчено се сврзува за политичкиот центар. Демек, оние што себе се сместуваат во центарот го поседуваат најисправното и најдоброто видување на граѓанската опција. Ама, не е тоа определба едиствено на центарот. Единствено, сите оние што не се губат во екстремите имаат свое видување, горе-долу слично, за веќе наведениот проблем. Дефектот е поинаков. Се создава привид дека одговорот е само и само во центарот и дека треба по секоја цена да се биде таму.

***Целта на фифти-фифти предлозите, разбивање на ВМРО-ДПМНЕ!?***

Можеби затоа на ВМРО-ДПМНЕ (во споменатиот текст) му се нуди коалиција пола-пола за нова влада или ништо. Веднаш ќе кажам-пристапот е погрешен. Неприфатливо е да се пишува афирмативно за коалиција пола-пола непоткрепено со доволно реални бројки, а наместо тоа да се нудат недоволно јасно дефинирани принципи. Фактички, делот во кој што се пишува за коалицијата е посветен едиствено на ВМРО-ДПМНЕ со акцент на слабостите кои авторот сакал да ги потенцира, за на крајот да го изведе дури заклучокот дека на г-н Лубчо Георгиевски му се врзани рацете во тој поглед. Но одејќи понатаму, едно е јасно, новинарот избрал да навива и да ја застапува втората страна во овие обиди за коалицирање (што е негово неспорно право), но притоа повторно погрешил бидејќи јакнеењето на партијата преку неговиот избор сакал да го стори преку слабеење на ВМРО-ДПМНЕ.

Уште еднаш ќе повторам: ваквиот пристап е погрешен, од проста причина што на секој, што барем малку ги знае моментните движења на политичката сцена, му е јасно најверојатно дека некој сака да ги протне во јавноста овие ставови. Со оглед на наклонетоста на почитуваниот неделник „Денес" работите можат погрешно да се протолкуваат и таквиот текст да доведе до несакани затегнувања. Значи, контраефектот е многу возможен.

На крајот, останува уште еден многу значаен момент за спомнување, повредата на името на партијата. Веќе спомнав дека во сите овие анализи името на ВМРО-ДПМНЕ се касапи, со тоа што се употребува најчесто само вториот дел (ДПМНЕ), кој денеска ја објаснува современата позиција на ВМРО. Реков и се надевам дека станува збор за случајна, несакана, ненамерна позиција која во овој случај би имала оправдување едиствено ако станува збор за заштеда на простор во весникот. Во спротивно, ако сето тоа е намерно направено, се оди во прилог на метод кој го користи власта против ВМРО-ДПМНЕ, со цел разбивање.

Како и да е, оној што е добронамерен нема да се навреди од овие забелешки туку од нив ќе најде

позитивна енергија- последното нешто што на моменти ни недостасува, а толку неопходно за промена на досегашната власт.

И сосема на крајот, со што малку ќе излезам од контекстот, уште да кажам дека зад сите мои пишувања, текстови, стои потпишано моето име. Јас немам причина, ниту пак сакам да се кријам зад други имиња.

## *Бранко во територијата на чудата*[25]

Ги прелистувам весниците што ми останале, а навистина не се малку и не можам да се начудам, та с# е тука пред нас кратко и јасно напишано и изложено. Се чудам што ни стана, па не можеме да ги видиме сите тие работи. Или изгледа секој го гледа и чита она што сака да го види и прочита. Но не е така. Согласно сопственото убедување дека апсолутна вистина не постои му се приклонувам на законот за бесконечно изобилство, кој вели дека никогаш нема да ни недостасуваат аргументи кои го објаснуваат и бранат ставот, тезата, платформата во која поради било која причина сакаме да веруваме. Значи секој избира сам за себе, во која вистина ќе верува. Според тоа јас го гледам и читам во истите тие весници, што ми заостанале токму ова!

Гостите од Косово одбиваат помош од хуманитарците од „Ел Хилал”, МВР тврди дека Балтовски се виновни, пола одмор пред конзулат, пола одмор на море, инспириран од весниците се обидел да силува четиригодишник.

Се прашувам нели немавме, во земјата на чудата, бегалци од Косово како што н# учи владата? За сопрушниците Балтовски не ми е јасно како се дрзнале да возат по ист пат (како обични смртници) по кој се возат и нашите поглавици? Грците божем имаа добри односи со нашиот летачки „холандез” г-н Ханџиски кој сигурно не бара виза кога оди на гости таму долу, како и другите смртници кои што сигурно нема да изгорат на одморот -поцрнуваат пред скопски конзулат. Шлаг на ова ни дава обидот за силување на ептен малолетникот, своевиден доказ дека општеството ни е сосема здраво.

[25] – Фокус, 17.7.1998

Продолжувам да прелиствувам по наредните страни, бесплатните авиони прекрасни за Македонија, разговорите за името продолжуваат, грчкиот став непроменет, концертот на ***Чолиќ*** ја оштети државата за 9.000 германски марки, родителски протести за уписот на медицина, приватните фармацевти се жалат за селективното применување на законот од страна на фондот, прва жртва на инфекцијата на гинекологија Чаир... Секако дека ова некој внимателно го следи, и да, размислува како да го амортизира. Истиот тој знае колкава е читаноста на весниците во нашата држава и колкаво е нивното влијание. Можеби сето тоа доведува до релаксираност кога се знае дека спротивно на полето на печатени медиуми кај електронските ситуацијата е далеку подобра и позаводителна -с# е под контрола.

Народот како аморфна маса треба да се измеси, ни доаѓаат изборите. Токму затоа основците ќе добијат книги без пари (кои што мораат неоштетени да ги вратат), а сите што положиле на приемниот

-индекс. Навистина с# е во ред со општата појавност на оваа мерка, народот кој нема пари со радост ќе го дочека ова мало олеснување на семејниот буџет. Владата и нејзиниот министер за образование и физичка култура, ***Софија Тодорова*** (инаку добро позната на македонската јавност како хуманист и педагог за време на минатогодишните студентски и средношколски протести) се толку задоволни што од опозицијата бараат оваа мерка да се критикува како политички изборен маркетинг, туку со реални анализи. Во ред, ама за да не се разбереме погрешно, уште еднаш ќе нагласам дека учебниците се потребни и е сосема нормално дури и потребно да им се дадат на оние на кои им се најпотребни. На тоа никој нема да се спротивстави, барем не на појавното. Но да видиме што постои под тоа. Премиерот и сам ни кажа. Парите биле од приватизација. Значи народе ти што во изминатите педе-сет години ги создаваше богатствата и фабриките (таков беше системот сакале ние или не!) во знак на благодарност што ни дозволивте да си ги купиме фабриките, ние сега ќе ви дадеме бесплатни книги. Ако толку вредат македонските фабрики и ако толку пари успеа да собере нашата власт од приватизацијата тогаш нека ни е наздравје.

Со оглед на тоа што е и повеќе од очигледно дека мер-ката е 100% плански донесена, на точно сто дена до првиот изборен круг (најавени за 18.10.1998) можеме само да претпоставиме што с# благодет ќе ни се случи до изборите. Не ќе е лошо да се обидеме да си погодуваме.

На 50 дена до изборите Премиерот најверојатно ќе објави дека телефонски сметки нема да се плаќаат во наредните 6 месеци. На 30 дена водата и ТВ претплатата ќе стане бесплатна за исто толку долг период, а на 15 дена пред изборите (3 октомври) и струјата ќе стане бесплатна. За крај на 5 дена пред изборите н# изненади со подготвен ајвар за сите семејства, да речеме со по дваесетина килограми.

Така ќе ги добијат изборите, можеби. А ако сево ова не успејат да го излажат народот, само простум да не ги чита, гледа, слуша секојдневно му се нудат во оваа состојба на комплетен распад, па ако сакате и чувствува на сопствена кожа последиците од ова безскрупулозно владеење, може да ни најават дека сме посилни. Може да пробаат и да не се одржат избори во име на една повисока цел, зачувување на СДСМ - овските фабрики и одржување на најсовршена власт што Македонија ја имала.

На нас единствено би ни останало да провериме кај психијатрите, зошто од црнилата не можеме да ја видиме розовата боја на нашата живеачка.

## *Бранко Црвенковски болува од вмровски комплекс*[26]

Во пресрет на третите парламентарни избори мно гу дилеми се отвораат пред македонскиот гласач. Како да се гласа на денот “Д” е секако централно прашање, кое веќе многу ги мачи оние кои се замислиле над суштината, односно правилата на игра според кои денешниот модерен свет функционира, и истото ги сублимира сите дилеми кои до денот на изборите неминовно ќе се родат. Секако дека парламентарната демократија можеби и не е најидеалниот модел на функционирање на нештата, со кој, условно кажано, обичните смртници ги имаат стапот и морковот само еден ден во четири години, но ако нештата се такви, треба да ви-диме како со нив да се справиме и што може од тоа како последица за нас да произлезе. Иако еден ден е

малку, спореден со 1461, со еден сериозен пристап може да се отстрани надоаѓачкиот наплив на нихилизам, кој се појавува кај секој еден гласач, во моментот кога сите негови сетила ке бидат нападнати во беспоштедната кампања која што го очекува во деновите што доаѓаат.

А дека е така доказ е Премиерот и емотивниот настап кој тој ни го испорача за време на приватната прослава на Илинден во организација на СДСМ. Тој ни објасни дека Македонија, секако под негово водство, станува рај на планетава и дека сите параметри кои што значат нешто за развојот се неверојатно позитивни. Црвенковски единствено беше помалку резигниран што не се собравме сите под знамето на СДСМ за да ја зголемиме нивната партиска

Фокус, 14.8.1998

прослава. А на неа, како на пример на минатогодишната на ВМРО - ДПМНЕ, немаше изливи на воодушевување од страна на државниот печат и електронски медиуми.

Та нели лани партиски знамиња беа ерес кога се појавија на државен празник? Оваа недела внимателно ја прочитав Мирка Велинова сакајќи да видам како ќе регира на партиската прослава на Илинден од страна на СДСМ бидејки со својот "бескомпромисен" начин на пишување таа веќе подолго време се обидува да се прикаже себе како голем патриот (читај: љубител на СДСМ ). И што најдов? Ја нема овојпат Велинова со своите најмакедонски критики да ги опомене СДСМ дека го узурпирале државниот празниот празник, или таа смета дека државата - тоа е СДСМ, односно Бранко Црвенковски?! Се има подзаборавено во бесрамната апологија на она што не може да се одбрани. И обидот да се брани власта со претпоставки дека некој се уплашил од СДСМ делува и премногу несериозно затоа што идејата да не се учествува заедно со власта на прославата доаѓа од фактот дека таа не е подготвена очи во очи да се соочи со нејзините неистомисленици без злоупотреба на сила. За несреќа (секако, нејзина) таа пишува во весник кој нема ама баш никакво влијание врз јавното мислење во Македонија.

И не е во прашање само Велинова, туку и комплетните изданија на Нова Македонија, за кои знамињата на СДСМ не се партиски, туку државни.

Не е тешко да се препознае безрезервната поддршка која што истите му ја даваат на премиерот во неговите напори, во предвечерието на третите избори од неговата партија да го направи она што го гледа во ВМРО- ДПМНЕ, идеализмот, посветеноста, вербата, надежта која што никогаш не престанува, бескомромисноста. Нема да погрешиме ако забележиме дека всушност Црвенковски боледува од вмровски комплекс. ***Би сакал тој да може во очите на своите истомисленици да го види сјајот на безрезервната поддшка за своите потези, наместо невешто сокриената потреба од задоволување на ниските страсти низ каноните на политиката и моќта.***

Замислете го разочарувањето на Црвенковски кога од стоте платени автобуси успеале да дојдат одвај четириесетина и тоа главно со борци од одамна завршената борба, за која што, во многу, с# уште н# учат невистинито. На оваа точка ќе си дозволам да испаднам од контекст (ако досега не испаднав?!) и само да ја споменам небулозната ситуација која сега ни ја нуди СДСМ со законот за борците, со кој се предвидува борците да добијат подмладок. Ако тие не можат да ја согледаат глупоста на оваа идеја и само гледаат како да најдат начин како да ја вратат сосила во живот оваа фантомска организација која секогаш пред изборите им дава поддршка, тогаш ние можеме да кажеме дека ќе го прифатиме предизвикот. Како млади луѓе ќе влеземе во оваа организација за одвнатре да ги поставиме прашањата за вистината, непартиската ориентација и за оправданоста воопшто за постоењето на организацијата.

Сите ние сме сведоци на виртуелната реалност која вешто испланирано, мајсторски прецизно ни ја пласираат нашите владетели, преку максимално контролираните државни медиуми. Можеби во одреден процент и ќе успеат во својата намера уште еднаш да н# излажат. Уште еднаш ќе ни ја ветат пругата кон бугарската граница, новиот пат од Велес до Прилеп, нови странски инвестиции, достоинствена социјална политика кон секој граѓанин, сигурно здравство, квалитетно образование

(Софија Тодорова која што се прослави со своето министерствување сега треба да стане амбасадор) и што уште не.

Колку ќе успеат во тоа зависи од нас, обичните смртници, од тоа колку и овој пат ќе им поверуваме, знаејќи што с# ни ветија во 1994 и колку од тоа исполнија. Сега е моментот, со сериозен пристап, којго заговаравме во почетокот на овој текст да му се одговори на Црвенковски дека ова не е ***територија на чудата*** ( употребено наместо името на држава затоа што во ерата на владеење на СДСМ сите н# сметаат или за бивши, посебно нашите соседи, или за поранешни, или за привремени, или за недефинирана аморфна маса на која $ е потребно месење).

Настрана ветувањата и високата политика, пред да гласаме уште еднаш треба да се потсетиме на оној, нашиот обичен живот во кој се соочуваме со последиците од несовесното владеење на оваа гарнитура. Во сите пори на животот ни се вовлече несигурност, страв од затвореност, изолираност, бесперспективност, безидејност, сивило, распад, пониженост, корумпираност...

Навистина можеби на некој овие костатации ќе му се сторат претешки, необјективни, дури можеби и измислени. Има и такви кои што не ја почувствуваа тежината на приватизацијата на својот грб. Станува збор сепак за мал, недоволен бројна гласови за да се добијат општи избори. А другите без многу проблеми ќе можат да си најдат примери од животот во кои тие ги почувствувале ефектите на успешната македонска транзиција од социјализам во тоталитаризам.

Јас на пример не можам да одолеам да не го споменам последното патешествие до Турција во обид да се направи нешто слично на одмор. Велам обид затоа што за да се отиде само до Турција потребно е човек да штеди и да планира со месеци однапред и повторно да не биде сигурен дека ќе успее да собере доволно пари. Се случи да патуваме во автобуси кои по своите стандарди не одговараат ниту за петпати пократки релации. Се случи во агенцијата каде што уплаќавме да бидеме грубо излажани за типот на автобусите, се случи да стоиме пет часа на бугарската граница затоа што некои односи помеѓу двете министерства не биле допрецизирани и доуредени. По тој повод еден од шоферите ми рече дека тие не сакаат да плаќаат за патарината, таму кај што се најдовме, затоа што некој службеник во македонското министерство им рекол дека доволно ќе биде ако само на него му платат (потплатат), а понатака на меѓудржавно ниво тие ќе се договореле со другиве.

Ова е пример како нефункционирањето на системот на вредности во политиката се рефлектира врз обичниот човек. Да не се залажуваме дека работите можеби случајно се случиле токму така, а не поинаку. Кога ништо не функционира како што треба, обичниот чиновник може да си дозволи сосема слободно да излаже за типот на автобусот, другиот да земе мито за лажно ветување дека работите околу дозволите се во ред, а парите да си ги стави во џеб. Да, ама некој тоа го чувствува и регистрира. Работите едноставно не може така да се воспоставаат и остават, затоа што постои можност да бидат и подобри. Доаѓа време кога работите може да тргнат на подобро, доаѓа време на нови избори, доаѓа време на *промени за достоинствен живот* за кои ќе решиме самите, во тој еден единствен ден кога работите се во наши раце.

## ***По неуспехот на изборите,***
## ***ЛДП ќе бара спас во коалиција со СДСМ***[27]

F/те, сите сме сведоци дека долгоочекуваната, мно

гу најавувана коалиција помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ЛДП нема да се случи. Велат, ВМРО-ДПМНЕ и ЛДП не се договорија. Имено, кон средината на минатата недела на македонската јавност со помпезна прес-конференција тоа и го соопшти портпаролот на ЛДП. И тоа на начин кој што остава сомнеж, односно префрлајќи ја вината врз ВМРОДПМНЕ. Случајно ли? Со тоа Либерал-Демократите наведуваат на мисла дека ВМРО-ДПМНЕ не била со автентична потреба да се победи СДСМ и да се превземе власта во Македонија. Ќе се обидеме да погледнеме дали е тоа навистина така, како што ЛДП се обидуваат да ни го прикажат.

Од страна на ВМРО-ДПМНЕ (а тоа остана недоволно познато за јавноста) до ЛДП беа упатени три предлози за коалицирање. Првиот, изразен во проценти **65-35**, кој без разлика дали некого остава навреден, сепак реално говори за вистинската вредност на партиите, таму од каде што силата на партите и произлегува, т.е. кај гласачите. Овој процент беше повеќе пати оспоруван, во смисла на тоа дека станува збор за субјективни бројки кои не се базираат на реалноста. Исто така, беше приговарано дека секоја партија ги зголемува бројките во своја корист, повторно небазирајќи ги врз реалноста. Ама, некако во тоа време, кога на македонскиот народ помпезно $ беа упатени (не)автентични барања за коалиција од ЛДП до ВМРО-ДПМНЕ, излегоа

¹ Фокус, **21.8.1998**

неколку истражувања на независни меѓународни и домашни индтитуции кои само го потврдија она што предходно се зборуваше.

ВМРО-ДПМНЕ е рангирано на прва позиција, неколку поценти зад него е СДСМ, а на пола пат и нешто помалку стојат ЛДП, ДА, а уште понатаму СП. Резултатите на изборите за општинскиот совет во Битола и да не ги споменувам, кои ако ништо друго, беа добра проверка на предизборното расположение на гласачите.

Тоа ја изгради основата (а што друго?!) со која што ВМРО-ДПМНЕ се обрати до својот можен коалиционен партнер, во сооднос кој што кореспондира со цифрите од тие анкети. Предлогот не беше прифатен, а згора на тоа, беше коментиран како нереален во смисла на тоа дека една стабилна влада може да егзистира само со рамноправни носители, дека не е за демократијата добро владата да ја носи една силна партија, а сето тоа беше истакнато повикувајќи се на политичката теорија и пракса!? Со ова, некако несакајќи се отвори првото прашање -колку тоа ВМРО-ДПМНЕ треба да ослабне пред или по изборите за формирање стабилна влада или партијата да се доведе во состојба да не може сама да биде главен носител на идната македонска влада?!

Сепак, кога овој предлог пропадна, ВМРО-ДПМНЕ го понуди својот втор предлог, партијата која што нема да помине во вториот круг да ги предаде гласовите на другата. Иако ова изгледа како лабава коалиција, всушност е групирање на опозиционите гласови во вториот круг затоа што се претпоставува дека во борбата за пратеник тогаш би останале кандидат на власта и кандидат на опозицијата. Ваквиот договор повторно носи големи изгледи за победа над кандидатот на власта, затоа што било која анализа што ќе ја направиме, покажува дека во Македонија денес преовладува опозиционо расположение. Ако победата и навистина ни е намера, тогаш треба да се најде позитивниот момент во нас, за предлогот и да се прифати. За жал и овој предлог беше одбиен.

Потоа дојде и третиот предлог од страна на ВМРОДПМНЕ, кој се чини дека беше неприфатлив. Со него се предлагаше да се оствари коалиција **50-50**, но само во „сигурните места на СДСМ". Имено, кога беше создавана нова-та шема на изборни единици во Македонија, власта за себе направи, исцрта, ако така може да се рече, сигурни изборни единици, т.е. фиксови. Согледувајќи ја ваквата намера, третиот предлог претпоставува дека со постигнат договор ќе се оди на одземање на власта во тие изборни единици. Со својата добра волја, ВМРО-ДПМНЕ, со третиот предлог дури и го прифати она што

ЛДП толку многу го бараше, поделба **50-50**. Значи, фиксовите на СДСМ, како на пример Ресен, Македонски Брод, Гевгелија, нешто во скопската општина центар, можеби и Карпош, би се поделиле по принцип **1** за **1**, што се чини дека ќе ги задоволи барањата на обата коалициони партнери. Мислам дека после овој предлог паѓа во вода и констатацијата дека ВМРО-ДПМНЕ инсистираше на квантитативниот принцип пред квалитативниот. Иако е многу навредувачки за потенциалниот коалиционен партнер да се говори единствено како за моторна сила што треба да ги потурка изборите на ЛДП. Интересен е начинот на кој што некој се кити со стручност за сметка на сите други, демек „само нашата партија има паметни луѓе". Затоа изненадувањето беше дотолку поголемо, кога и овој предлог не беше прифатен, но не и за добрите познавачи на состојбите кои предупредуваа дека ЛДП не сака договор за коалиција уште пред и да започнат разговорите.

Кога сето ова на крајот од краиштата ќе се изанализира, повторно на човека му останува да се запраша- во што е проблемот? Се чини дека нема да погрешиме ако се прашаме дали воопшто е автентично барањето на ЛДП да се постигне коалиција со ВМРО-ДПМНЕ за да се победи оваа власт, или сите овие настојувања се само трик пред јавноста?!

До ЛДП се испратени три предлози, сите три либералдемократите ги одбија! Дали тоа им одговара во еден изборен систем кој дозволува само два кандидати во вториот круг, со проверен рејтинг на најмногу трета политичка сила, е прашање кое либерал-демократите сериозно ќе треба да си го поставaт уште еднаш. Во спротивно, ќе треба многу бргу да $ одговорат на јавноста кои биле нејзините плано-
ви. За да ги осветлиме работите и од друга гледна точка, ќе кажеме збор, два за можната врска на работите.

По изборите, ЛДП нема да може да се пофали со голем број пратеници, што ќе рече, со оглед на нивните барања, настапи, желби, ќе добијат многу помалку од очекуваното -односно, жалам, ќе ги загубат изборите!„Што да се прави"- во таква ситуација е вистинското прашање и аналитичарите во таа партија веќе сериозно се подготвуваат да го дадат одговорот, само за внатрепартиска употреба. Изворите кажуваат дека сликата во ЛДП не е воопшто толку розова, а во таква ситуација треба да се има алтернативен одговор. Веќе се говори дека таа алтернатива, преку играчите што контактираат со СДСМ, се бара токму таму. Секако тајно, бидејќи тој притисок од електоратот не би можел да се издржи. Тоа значи дека сосема е релно и возможно, по избониот пораз, свртување во лево на можниот коалиционен партнер на ВМРО-ДПМНЕ. Плановите се, да се влезе во владата по секоја цена, без разлика дали ќе се загубат изборите. Навистина, објаснувањето пред членството дека, ете, иако се изгубени изборите обезбеден е влез во владата, секако постфестум може да биде последен доволен момент за спас пред целосниот распад на партијата. Значи, ако играта е таа, останува само докрај да се изигра, да се фингира опозиција за да се излаже обичниот гласач, да се разбие опозиционото гласачко тело.

Во прилог на тоа дека станува збор за креирање на виртуелна реалност, детално подготвено сценарио, говорат повеќе моменти, пред с# јавно упатеното, апсолутно нереално барање до ВМРО-ДПМНЕ за коалиција **50-50**, па потоа с# друго, за што веќе зборуваме.

Се согласувам дека некои од овие констатации се пре-тешки, меѓутоа не постои друг начин освен со дела да се покаже нивната евентуална неточност.

Да, да, во СДСМ уште сега, добри педесетина дена

пред гласањето чувствуваат дека овие избори ќе ги загубат катастрофално, максимално, жестоко како што само тие заслужуваат и си го бараат - на начин на кој што ни на најлошиот непријател не би мо гу посакал. Доаѓа времето кога ќе си го добијат заслуженото место во буништето на историјата. Поради тоа, а и некои други елементи за кои ќе проговориме, јасно е дека партијата на власт во оваа изборна кампања ќе го преферира негативниот политички пристап при што најбитно е да се дисквалификува неистомисленикот, кој тие јасно го гледаат, само и единствено во ВМРО-ДПМНЕ. Наспроти тоа верувам, сообразно со христијанските верувања, дека и на политичкиот конкурент можеш да не му посакуваш лошо, било да е во прашање неговото здравје, било да е во прашање неговата политичка кондиција, ако имаш нешто човечко во себе.

За жал, денес, можеме да констатираме дека н# очекува жешка политичка есен, во која с# ќе биде возможно, од намерна дестабилизација на земјата до тежок изборен фалсификат. Дестабилизацијата безсрамно ни ја најави Тито Петковски, кој дури изјави дека е можно да се одложат изборите во една таква ситуација, а фалсификатот можеме со сигурност да го очекуваме доколку власта не се согласи да се користи спреј за обележување на гласачите. Паѓаат во вода, божемните намери да се создаде слика дека во конструктивна атмосвера се прифатија забелешките на опозицијата. Неслучајно се одбиени токму најсуштествените ба-

– Фокус, 4.9.1998

рања, помеѓу кои и за користењето на спрејот. Зошто толку големата желба да се биде фер и коректен се запечати и со овој момент кој со сигурност го елеминира гласањето на една личност по повеќе пати? Декларираната опозиција треба сериозно да се замисли над овој проблем и заеднички да се сложи за тој да се реши. Да не го споменуваме застојот во доставувањето на легитимациите, кој исто така може да биде сериозен проблем.

Сето ова ни се случува бидејки намерата на постојната гарнитура е да си ги армира своите позиции ад инфинитум. Логиката на власта овие денови станува ептен очигледна и тие, луѓе, ќе употребат с# што им е на располагање за да останат таму каде што се сега и се -во територијата на чудата, во која с# е можно, каде што владее корупцијата, криминалот, подземјето, и каде што најголема доблест стана да си припадник на овој или оној клан, на оваа или онаа мафијашка, рекетарска, шверцерска група. Но, овој пат да ги оставиме на страна овие општопознати придобки на плурализмот што ни ги донесе СДСМ. Нив впрочем, сигурен сум, ќе знаат да ги санкционираат гласачите. Овој пат предлагам да ги соголиме плурал-ните, демократски (а колку да се знае зборот демократија најмногу се употребува во тоталитарни општества) методи на оваа наша многу сакана власт која ете ни се прадлага повторно, засекогаш, со своите популарни мерки за вработување, бесплатни учебници (одамна дебело платени и преплатени), зголемена стапка на производство... Значи с# е идеално?!

Е па, ако е така од каде тогаш тој страв и панични реакции манифестирани преку слугинските печатени медиуми, а од вчера (31.8.1998. "Дневник плус") и на државната телевизија? И на крајот од краиштата, прашање е зошто во една ваква идеална ситуција (за нив) нашите владетели се одлучуваат за плукање по ВМРО-ДПМНЕ. Мој народе МАКЕДОНСКИ, со какви идеи си ти? Доста беше разбуди се, свести се, не спи ти.

Наспроти с# погоре споменато, работите стојат малку поинаку. Изворите кажуваат дека на државно ниво е направена анкета од странска агенција (бидејки за ништо самите не сме способни), која за СДСМ е поразувачка и јасно ја покажува нивната позиција во наредниот парламент, како малубројна опозиција.

Мала дигресија,човек кога се наоѓа во долина тојнаоколу не може многу да довиди, но колку повеќе се искачува нагоре добива можност с# подобро и повеќе да ги гледа нештата. Од ридчиња се

гледа до околните ридчиња, а од планинскиот врв се гледа убаво с#, сите ридови. Целата долина како дел од тебе. Ако условно се сложиме дека по-литички незаинтересираните, неуките (без намера да навредиме никого, а ценејќи го сопственото право на избор, дури и да останеш неупатен), неупатените, се во долината, а оние што се заинтересирани за политиката и нејзините движења зависно од позицијата, горе на ридовите или пак на рет-ките врвови, што мислите каде сака сите нас да н# смести СДСМ?

Погодувате, сите ние треба по секоја цена да останеме долу. Над таквите најлесно се владее.

За таа цел сега сите работат и треба да се елиминира оној кој што сериозно ја нарушува таа завера. Бидејќи приказните за мали деца сега помалку поминуваат, луѓето с# повеќе се искачуваат нагоре, упорно сакајќи да видат што има долу, останува употребата на крајно ниската, невистинита, крајно некоректна и подмолна дисквалификација на ВМРО-ДПМНЕ. Отворете ги само бегло страниците на „Нова Македонија", „Вечер" и с# ке ви биде јасно. А ако добро се сеќавам тие побараа работите за време на изборите да одат посмирено, тврдејќи дека тие ќе бидат овој пат коректни, што само по себе имплицира дека и тие самите се свесни дека и досега не биле такви. Типичен пример за тоа како се гради вавилонска кула од ништо се токму погоре споменатите весници. Морам да признам, технологијата на владеење, преку перење на мозоци ја имаат усовршено до крајни граници. Таков е последниот напад кој започна пред неколку дена и кој, според динамиката, не се знае до кога ќе трае. Имено се избра погоден момент и се креираше случај на кој почетокот суптилно се објави како странична вест. Имено минатата недела, во петокот (19.8.1998), беше објавено писмо на еден поранешен член на ЦК на ВМРОДПМНЕ, во исто време и во двата весника одеднаш, што е редок случај бидејќи тие се трудат да изгледаат како два посебни весника. Потоа врз основа на писмото се направи сензација, на која што се очекуваше да реагира ВМРО, за случајот да може да продолжи со својот тек, во недоглед. И не случајно се избра петокот бидејќи тогаш се објавува и тв-програмата поради која и тиражот на весниците е нешто поголем. Веќе утредента надградба на нападот продолжи со вклучување во игра и на„Макфакс" (чиј што сопственик се знае со кој од владеачката гарнитура е во роднински врски) тнр. Независна информативна агенција повикувајќи се на неидентификувани извори и приватно писмо со цел, иако ВМРО-ДПМНЕ не реагираше, работата и понатаму да се силува. Случајот не е ништо ново, туку само личи јајце на јајце на минатогодишниот (токму од ова време), кога сите ние се потсетивме дека и ждановизмот може (и ќе се користи) против првиот човек на ВМРО, а и против целото ВМРО.

А мене навистина ми се смачи, како член на ВМРОДПМНЕ, секојдневно некој да ми ја прозива партијата како против државен елемент, како дежурно сметало кое треба да ги покрие сите пропусти, промашувања, грешки на естаблишментот. За вас, како одговорни луѓе, кои решиле да се занимаваат со политика и без да н# прозива екипата естаблишметски новинари, секогаш е отворена инстанца на преиспитувањето. И тоа во насока секојдневно потсетување на идеи кои што н# донесоа во политиката, желбата да се стори нешто повеќе за македонскиот народ, желбата да се подобри животот, па ако сакате да ги направиме толку дол-го очекуваните промени за достоинствен живот. Искрено кажано, ми пречи што некој тие икрени и автентични желби постојано ги доведува во прашање, а неговата позиција може уште полесно да се оспори од аспект на автентичност. Сепак, нереално е очекувањето дека овој текст нешто ќе промени. Матриците на споменуваните се ептен цврсто вградени, непроменливи. Но, што е, тука е, останува вербата дека досега граѓаните успеале да се искачат доволно високо од каде работите се гледаат доволно јасно и недвосмислено.

## *Пустина - Градина*[29]

Од сите суштества што ги создал бог, единствено
човекот со својот ум е способен и слободен врз основа на погрешни претпоставки (појдовни точки) да создаде привидно (а зошто само привидно!?) совршени системи во кои с# е хармонично, логички издрано и без ниту еден недостаток, освен почетните точки, нели?!

Во ова предизборно време, кога страстите зовриваат до максимум, не случајно го почнувам текстот со теза што ја нудам на размислување. Не велам дека таа е прифатлива, како универзален закон, но тврдам дека е повеке од експлоатирана кај нас. Експлоатирана од луѓе што се обидуваат да се наметнат како експерти за креирање на јавно мислење, односно насочување на тие што нема да можат да ја согледаат, да ја воочат скриената замисла. Таа замисла веќе ја споменав -креирање на јавно мислење според сопствен терк. Па така, неретко се случува некој, знаејки дека тргнува од погрешна претпоставка, заради исполнување на сопствени цели да го практикува токму тоа - создавање привид, систем што треба да биде оправдување за намерата.

За вистината тука веќе нема место, таа се остава на страна. С# се подредува на потребата. Сите сме сведоци дека има безброј примери за тоа. Сепак решив да експлоатирам неколку, во обид да ја објаснам мојата аргументација, направени од донеодамна владеачката гарнитура.

Да ги земеме примерите со Фени, Хемтекс, па ако са-кате и Окта, кои со години донесувале загуби. Сите тие за-

[29] Дневник, 25.9.1999

губари самите сакаа да ги затворат, а сега демагошки контрираат, не верувајки си ниту самите на себеси.

Ми се чини дека проблем што го има поранешниот естаблишмент, бизнисмените збогатени во тој поранешен режим, во транзиција на македонски начин, е ВМРО ДПМНЕ. Зошто ВМРО ДПМНЕ? Токму затоа што списокот е долг, токму затоа што сите се засегнати од нечесни побуди за она што сега го сметаат за свое, токму затоа сега не избираат средства да се жигосува, да се линчува, па ако сакате да се сатанизира различниот начин на мислење, симболизиран преку „Промените за достоинствен живот". Само дали тие што не веруваат во ништо, па дури и јавно истакнуваат дека се не-крст, воопшто ќе ме разберат што сакам да кажам?!

Поради сиве овие работи кога избираме претседател на државата, многу крв е зовриена, а страстите н# обземаат. Секој сака да победи по секоја цена! Иако се знае дека претседателските избори имаат помала важност (значајност) за државата од парламентарните, во согласност на македонскиот Устав. Македонија е парламентарна демократија според уредувањето, а не претседателска држава каде председателот има големи овластувања, освен во надворешната политика и во креирањето на животот на земјата. Сепак сите се подготвени да одат до крај.

Со оваа никако не сакам да ги минимализирам изборите за Претседател или пак да ја потценам таа позиција во државата, напротив сакам да ја извлечам поентата. Но за тоа подоцна.

Тоа одење до крај е од други побуди и заслужува внимание. Загубените позиции на стариот режим кој во континуитет владееше повеќе од 50 години, предизвикуваат голема болка, траума што предизвикува потези несвојствени за избори од ваков тип. Работите се јасни, мотивите видливи за секој што ќе сака да види.

Претседателските избори се гледаат како можност за пресметка, со пресметан ефект, подобро кажано со надеж и желба народот, гласачите да соберат сила да паднат во колективна амнезија во која гревот не е грев, кражбата не е кражба, грешките, неодговорноста, растурањето на државата по сите

основи, најмногу по транзициска основа, не се тоа, никако.

Тоа очекување јасно го манифестираше кандидатот на СДСМ, кој самоуверено тврди дека неговата победа ќе значи и парламентарна криза со нови избори. Ете ја крајната цел! Но цел што, кога се бара секоја цена, ако се анализира, открива една бескурпулозност во потребата болката (што ја споменав претходно) да се замени со пријатност на претходно долго поседуваната, со ништо ненарушена позиција на владеење!

Некој ќе рече, демагошка одбрана од власта за власта, поради не знам каква побуда, поради потреба да се владее. Мислам дека, сепак, секој што ќе го каже тоа ќе се соочи со проблемот да ја објасни трагедијата, пропаста што системот му ја донесе на обичниот македонски човек, по сите основи во минатите години. Современиот македонски човек се соочува со состојба на безизлезност, бесперспективност, неможност.

Без разлика што некој ќе рече:"па по 10 месеци ли ви-ната с# уште ќе ја префрлате на претходните?!". Ќе прашам можно ли е 50-те годишни аномалии да се отстранат за 10 месеци, можно ли е да се вработат 300.000 луѓе кои некој многу години ги отпушташе од работа според принципот на македонски директори (менаџери) од СДСМ: „фирмата да пропаѓа полека и што е можно побавно", додека со финансиските шпекулации тие се богатат. На крај фирмата да пропадне, работниците де одат на улица, директорот да стане богат, а новата влада виновна за с#! Можно ли е ако наследите пустина од неа за 10 месеци да создадете градина?

Значи треба да се спречи некој да продава демагогија. Македонскиот гласач да сфати дека СДСМ го создаде методот на манипулирање. Дали и понатаму лагата како главно нивно оружје, некој ќе ја прифати, ќе покажат овие избори. Единствен судија е народот, а тој еднаш веќе им покажа.

***Број: 25-05-_68/_***
***Дата: 26.9.2002***
***Број на страни: _***

***Министерство за надворешни работи на Република Македонија***

***Врска: Ваш бр.07-__6_8/2 од 24.9.2002***

Во врска со написот објавен во Утрински весник на 24.9.2002 година со наслов "***Четворица македонски амбасадори добиле опомена пред враќање***" и брзата реакција на МНР со свој демант, би сакал да го потенцирам следново:

Текстот го доживувам како притисок врз оваа служба која што работи во интерес на македонската држава и ка-ко своевидна најава за реваншизам. Отфрлам било каква анализа на текстот и интелектуалното ниво на кое што е срочен, оти очигледно е дека е напишан од егзекутор, а некој друг е нарачател.

Уште еднаш истакнувам дека сум горд што сум во слу-жба на мојата држава Македонија. Во и за тоа име, во мо-јот ангажман нема друг приоритет.[30]

[9] Интерно писмо до МНР по повод текст во Утрински весник

## *Расчекор*[10]

Провокациите, намерни или ненамерни, многу често кај нас не наидуваат на одговор. Тоа е така од проста причина што вообичаено нив ни ги испорачуваат некои сомнителни типови, со потпикнувачка интелигенција, кои милуваат да се расфрлуваат со неологизми кои им се најголемото достигнување, во искачувањето кон неограничената мудрост (власт). Еден бегло фрлен поглед е доволен таквите типови да ги прозреме, а нивните провокации да ги разбереме во вистинско светло - како борба за фотелја, која ќе им ги обезбеди потребните привилегии да можат да си го покажат вистинското лице.

И навистина не е потребна никаква анализа или пак интелектуално задлабочување за да се сфати оти моментната болка манифестирана во споменатата колумна, "излечена" преку јавно кажаниот збор, не е ниту патриотски чин, ниту за сопственото парче, грутка земја. Таа никако не е болка за загинатите за Македонија, сега и тогаш, ниту за тешката историја, ниту за наследството наше и традиција, туку само, и уште еднаш ќе повторам само, крик за себе. Сето тоа е лесно видливо и докажливо. Во име на вистината во овој краток текст ќе покажеме дека провокацијата искажана во колумната "Талион"на г-дин Бучковски може да се смета за неквалификувана, непрецизна, навивачка и со еден збор идолопоклонувачка. Секако прашање на слободен избор е во што ќе верува и на што ќе се поклонува г-дин Бучковски и во тоа не сакам да навлегувам. Само кратко, ќе заклучам дека неговата верба не е, ниту некогаш била Македонија и Македонците.

[10] Утрински весник, одговор на Бучковски, 24.10.2002

Правото така да заклучам и вака јавно да изнесам на увид на целокупната заинтересирана јавност (оти имаме и незаинтересирана јавност) ми го дава токму тој господин кој ме прозива по име и презиме, етикетирајќи ме за сопствени политички залети, оти тој сега ќе биде Министер за одбрана, приморан е да коментира, да создава привид дека ги знае работите. Некој тоа го гледа!

Затоа му се заблагодарувам и фрлената ракавица ја прифаќам и ќе му одговорам на несреќно изнесените констатации, плитките и за мене зачудувачки прашања, на кои извесниот господин можел и самиот да даде подобри одговори. Но, веројатно фотељата сега му ја заматува перцепцијата и визијата и затоа наместо зрелост, мудрост, и тактичност од него имаме фрлање на клетви и делење на Правда од позиција на врховен авторитет, синдром не така непознат во партијата што ја претставува. Потенцирам дека моите одговори не се реплика, оти најмалку сакам да влегувам во полемика со таков човек, кој што е подготвен на с#. Дел од неговата провокација е токму тоа - навлекување на реплика. Жалам, веќе видено. Одговорите се став кој не е само мој и немојте да се изненадите, најдете затечени од бројката на тие што на сличен или ист начин мислат. А така мислат од проста причина што имаат право на живот. Да, да на живот, неприкосновено право на верување и определба дека се Македонци.

Но, во понудената испревртена реалност чудни работи се случуваат. Нема да речам дека имаме „замена на тези", оти не сакам овој текст да се сфати како академска дискусија. Ова е само обичен народен одговор на таа испревртена, дегенерирана реалност во која нему му е логично и оправдано

обвинувањето дека младите „спроведуваат сценарија" кои ја „потпалуваат искрата на меѓуетничка нетрпеливост". Притоа за истиот господин не е сценарио убиството на македонскиот средношколец во Тетово, а секако тоа убиство не е ниту „потпалување на меѓуетничката нетрпеливост"!? За него не е ниту сценарио, ниту меѓуетничка нетрпеливост фактичкиот геноцид на Македонците во западна Македонија што лани го спроведе неговиот коалиционен партнер (УЧК -ДУИ). Сето тоа не е ниту вредно за спомнување, туку тој ни предлага колективна хипноза и амнезија со само единаесет лицемерни зборови:"ќе ја покажат реалната моќ и искрените намери на ДУИ". Искрени намери?! Чиста ли му е совеста на новиот министер за одбрана на Македонија?

Наместо на овие работи да одговори секако може да ги обвини нашите средношколци и студенти. Тие се виновни за потпалување на меѓуетничка нетрпеливост, тие "вградуваат омраза кај младиот човек". Неверојатно!

Напротив, сметам дека тие деца (ако така смеам да ги наречам), млади луѓе, се на браникот на нашата држава и на браникот на нашиот народ, мојот народ. Земете ги сериозно, нивната порака е многу јасна и чиста. Не ги фрлајте во кал нивните зборови. И секако не ги превртувајте работите за да им се допаднете на вашите тутори. Македонија е света работа (да не ви звучи патетично?!) и не се играјте со неа.

Нејсе, не е јасно зошто сметате дека „втурнувањето во политичка кариера" е привилегија само за вас? Земајќи ги во предвид досегашните искуства со вашето практикување на власта, во сите ваши влади, на куп, за повеќе од неопходен го сметам политичкиот ангажман на младите луѓе.

Ама против Вас!

Сето ова што го прочитав во вашата колумна само ме води до заклучок дека „ втурнувањето во политичка кариера"е „цондитио сине љуа нон" (услов без кој не се може) за Македонија.

На сите млади кои што протестираа со достоинство, со нужна почит кон другите и нивните права, гледам со полн респект и наклонетост. Ние имаме право да постоиме. Тие само тоа сакаат да ви го соопштат, ама вие тоа, се чини не можете да го видите, апсолвирате.

На крај, ако овие ваши текстови, писанија се најава, подготовка за реваншизам и неограничено дивеење, тогаш навистина сум загрижен за иднината на Македонија. Познати ми се вашите "демократски" досиеа и на "пријателските" закани по живот на учениците на студентско-средношколските протести во 1997 година. Тоа не беше така одамна.

И да не пропуштам и да ви се заблагодарам за тоа што, без мое барање, ме воздигнувате во синоним на ваше спротивставување. Толкава ваша опседнатост навистина никогаш не антиципирав, ниту пак очекував и посакував. Се чини дека нешто не ви штима, нели?!

## *Деминутив*$^{-2}$

**(Повод: текстот "Одговорноста е во политичарите" објавен во "Утрински весник" на 25 октомври 2002)**

Политиката е опасна работа! Внимавајте! Чекоре те со усул за да не изгорите! Во спротивно "Ние ќе бидеме тука за да ве поучиме, искараме или

за да ви го одземеме правото на слободно мислење (според наша процена на потребите), да ве демотивираме, да ве навредиме, премислиме. Нам нема да ни е проблем да ве нарекуваме погрдно, да ви се обратиме во деминутив. По с#, нели сте вие родени за да ни служите?! Ве прашуваме затоа што “Ние” се знаеме, од бога сме дадена елита. Едноставно, како сакате сфатете, ама нам ни е судено. Ова е приближно скратена и сумирана дефиницијата на ароганцијата на новата-стара политичка елита. За овој начин не сакам да се произнесувам про и контра. Народот е тој што донесува одлуки и тоа го почитувам. Меѓутоа, проблемот се раѓа кога ќе ги погледнеме новинарите (се разбира некои од нив) кои во својата неограничена потреба да се поклонуваат (понизно и до земја), се подготвени на својот пат кон олтарот с# да изгазат и исплукаат. Така извесната новинарка, на која што со овие зборови $ одговарам (без тоа навистина да го сакам и да ми е потреба) нашла за потребно, во својот пат на сатанизирање на младата македонска интелегенција, да ме искористи за да ги плаши (според неа) неуките и неспособните.

Нејзината оцена за тие храбри момчиња и девојки е длабоко субјективна и произлегува од некои духови од минато-

- Утрински, **26.10.2002**

то. Несвесно, таа влегува во клишето на тешката македонска историја, каде што брат на брата му е крвник. Токму за тоа, сето тоа треба да се изнесе на виделина, оти крајниот суд на нештата секако ќе биде историјата. А таа несреќна историја говори дека нашата младина секогаш знаела, насетувала што е вистинската потреба на нашиот народ. Таа македонска младина себе не се жалела во следењето на својот идеал и со саможртва е вградена како столб -носител во постоењето на независна Македонија.

Вчера ние бевме таа младина, еднаш тоа бевте вие. Денес тоа е една нова генерација. Таа генерација излезе на улица за нешто да соопшти, да сигнализира. И наместо да се ислушаат и да се зафатиме со решавање на проблемите на кои што зрело, здраво и разумно ни укажуваат, ние се зафативме да ги черечиме како да немаме што да јадеме. Во хор сите весници, медиуми се зафатија со сатанизирање, а оние најхрабрите и со хитлеризирање, за недај боже некој да не им поверува на децата. Нема ниту трошка вина за убијците, но убиените се секако виновни за с#. А правото на животот го заборавивте?! Отворено ќе прашам: Кој е тој што има право да доведува под прашалник кредибилитет и капацитет, да негира, да поставува теории на заговор против “новиве”, да дели на анонимуси и предодредени?! Кој е тој? Сигурно не авторот на текстот “Одговорноста е во политичарите”. Бидејќи сите ние се познаваме токму затоа и го заклучувам тоа. Се гледа дека намерата на текстот е да објави политички став. Текстот освен тоа што го затвора во ситна кутија и потценува умот, исто така и најавувa една нова реалност. Но, да почекаме да видиме како таа се распрснува болно пред очите на занесените и хипнотизираните следбеници. Оти суштината на “македонскиот проблем” не е проста. Таа секако не е во деминутивот.

## ***“Братот на конзулот во САД Филип Петровски осомничен за претепување на директорот на царина”***

Почитувани,

Денеска со голем восхит и занес го прочитав вашиот “мајсторски” текст во кој што со хируршка прецизност се пресметувате со туморите на модерното македонско општество. По тој повод би сакал уште еднаш да ви се заблагодарам што

постојано повторно и повторно го користите моето лично и од денеска и семејно име за да си го зголемувате тиражот на вашиот “ценет” весник. Познавајќи ја тактиката на неслучајните провокатори кои постојано се кријат зад името на вашиот весник, сигурно очекувате поради текстот да ви се обратам со зборовите: Вие мали бедни ситни душички, но нема да ви го направам тоа задоволство. Нема да си дозволам да ве навредувам, оти за вас навреда е и самото ваше постоење. Со вашите демони ве молам сами расправајте се!

Наместо очекуваниот одговор ќе си дозволам да ви напишам некој ред за “брилијантниот и епохален” текст, повикувајќи се на законското право на одговор на исто место и со иста должина. Ама секако, Вие не мора на тоа воопшто да се осврнете, сега кога сте под неограничена заштита на “Големиот брат”. Претпоставувам дека тоа ви носи голема сигурност, неограничен комфор и најсетне и компензација за натрупаните од детство - комплекси.

[33] Вест, 29.11.2002, одговор на текстот “Братот на конзулот во САД Филип Петровски...”,текстот не е објавен од страна на редакцијата

И навистина Вие не мора да го објавите мојот одговор, тоа сепак ќе го оставам на вас. Од моја страна пак, јас ќе се потрудам овие зборови да стигнат на што повеќе адреси, кај луѓе што сакаат да читаат. А ќе го запознам и МНР со овој текст, така што ако намерата ви беше да ме навлечете на одговор, сметајте се за успешни и можете и таа коцкичка да ја придодадете на мозаикот. Мајстори! Верувајте ве охрабрувам да продолжите со егзекуцијата и черечењето од проста причина што сакам да ве гледам во очи и притоа да ви бидам што поблиску. Сакам да го осетам тој ваш нагон. Тоа задоволство не се заменува со ништо друго.

Враќајки се на текстот, што да кажам?! Можеби да ве замолам, сега кога ќе останам без работа, да дојдам кај вас на специјализација (за која што би си платил) за да ме обучите како се шират шпекулации, како се создава магла и ако може обуката да ја завршам на тема: “лов на вештерки”. Во големото знаење што кај вас ќе го стекнам, секако предлагам да биде вклучена и лекцијата (посебна по можност) како се создава партиска држава, како се злоупотребува полицијата во име на тотем, како стопати повторената лага станува вистина, и како десерт да ми објасните како и со кои зборови да се постигне атомска бомбастичност во креирањето на насловот, кој што не треба да има никаква врска со текстот што ќе следува. А текстот што следува пак да нема никаква врска со реалноста, но тоа да биде занемарливо оти кај нас 80 проценти од луѓето ги читаат само насловите во весниците.

Бран на среќа ме обзема оти кога ќе ги запознаам ваквите мајсторски тајни, можеби еден ден и јас ке станам “успешен” новинар.

Останувам неспокоен и со трепет во душата, дали ќе ме разберете и затоа на крај ќе ви појаснам уште неколку работи, Апсолутно стојам зад превдината и законот. Кој се огрешил од законот - да одговара, на кој ќе му се утврди одговорност - да лежи во затвор. Имам само една мала, скромна сугестија - да се стават во истата линија, редот за чекање сите што се занимавале со политика, ама и со новинарство во периодот на суверена и независна Македонија!

Може ли така?!

_ *декември* ***2002,*** **Нењ Sорк**

***До главниот и одговорен уредник на “Утрински весник”***[34]

Деновиве брзиот развој на македонското нови
нарство е видлив со голо око и секојдневно се забележува освојување на нови хоризонти. Недогледот веќе толку се проширува и зголемува што ниту нашата држава, ниту пак нашиот правен систем и уредување не верувам дека за долго ќе бидат способни да го апсорбираат новиот бран. Постои само едно ама, можеби сепак координацијата доаѓа од некои штабови (мрачни, како што ги нарекува Црвенковски од поодамна) кои сепак ќе ја поттурнат реформата на поредокот и државните институции и на крај ќе имаме со што да се пофалиме. Можеби е ова првата појава на реформата и ремонтот на нашето општество?!

Шегата на сопствена сметка на страна, состојбата станува алармантна и димензиите добиваат епски големини, што имплицира дека е рамно на злостор кон самиот себе, во ова време, секое молчење. Плукањата на “хорот на подлизурковците” кои не штедат зборови и клетви за да му се додворат на “големиот брат”, т.е. на новата владеачка ели-та стануваат неподносливо невкусни. Очигледно дека некој понудил анализа во која што главното оружје е свртувањето на вниманието од суштествените работи, од стратешките државни цели кон забава на масите од стилот на “Колосеум и гладиаторите”, каде што само е битно колку повеќе крв ке истече. За жал во политиката методите низ вековите многу

Утрински весник, 1.12.2002, одговор на тесктот “Уапсените напаѓачи блиски луѓе на Даравелски и Петровски, текстот исто така не е објавен од страна на Утрински

малку или воопшто не се промениле, прашање е само кој како и колку од нашите ги усвоил.

Сепак денешново обраќање нема намера да понуди политичка анализа, оти тоа е нешто што допрва ќе дојде. Мојата намера е да ги посочам небулозите и за нив да побарам отворено одговор, кој што се сомневам дека ќе следи, познавајќи ги методите на тие на кои што им се обраќам. Затоа ќе понудам и одговори, а Вие како редакција -одмолчете. Можете и во стариот комунистички манир и да не ги објавите, таа можностја имате на располагање, иако правото на кое што се повикувам е втемелено во законот, односно во правниот поредок на Република Македонија.

Јас во никој случај нема да жалам ако не го објавите овој одговор, оти сум свесен дека се соочувам со луѓе и уредувачка политика кои се подготвени на с#. Одтаму ви признавам дека нема да ме зачуди ниту сега, ниту во иднина ништо што ќе прочитам и видам од Вас или пак слушнам за Вас. И ви ветувам дека што и да напишете, направите и објавите нема да ме натера да ве жалам или пак, не дај боже, сожалувам. Со тие категории сами ќе се справите кога ќе ги расчистувате сметките со бога.

Ама за да не помислите дека преку вашиот текст сум поминал плитко и бегло, ќе се обидам да го изведам на чистина инквизиторскиот метод во него применет, за да може уште појасно да ве види целата македонска јавност. Знам дека во наоѓањето на изговори ќе се повикувате на нормата “одговор со соодветна должина”, но овој пат на клетвите, подметнувањата (во кои сте се надминале и самите себе) и кулминацијата на “пофалбата на глупоста” нема да можам да ви одговорам со само 334 зборови колку што има вашата јавно објавена потерница. Затоа се извинувам и насекиран сум што тоа ќе го искористите како оправдување за упаѓање во “транс на инквизиторите”, аксиомот на вашиот тираж.

Неколку прашања ќе ви поставам:

-Познато ли ви е што значи терминот Презумпција на невиност, односно дека секој оној што не е осуден, додека да биде и ако биде, се смета за невин? Според на словот на вашиот текст - очигледно Не!

-Со што ќе потврдите дека брат ми учествувал во немилиот настан? Освен ако не се одвива монтиран случај за кој Вие ги имате сознанијата како ќе се заврши и луѓето се одбрани за жртви поради својата фамилијарна припадност и политичка определеност?!

-Останувате ли на тврдењето дека брат ми е во притвор

определен од истражен судија? -Сигурни ли сте дека брат ми се вика Марко Рашковиќ?

-Со што ќе ја поткрепите плукачката теза за лошо ми-нато на уапсените напаѓачи во кои што сместувате единка против која не се води официјална истрага, не е во притвор, не ја именувате со крстеното име, а без срам ја осудувате земајќи за право да линчувате, како нешто на кои имате инхерентно право?!

-Дали кога пишувате за лошото минато мислите на искористувањето на уставната можност за политичко определување, слобода на говорот и мислата?

-Сигурни ли сте дека сте имале соговорници од СВР-Куманово кои би тврделе дека уапсените напаѓачи имаат лошо минато, подготвени ли сте да ги повикате на суд за да ги потврдат вашите зборови или ги измисливте поради театралност и постигнување на ефект во текстот?

.-Каква врска има насловот на тесктот со текстот?

.-Каква врска има текстот со вистината?

-Каква врска има мојата слика објавена на вашето интернет издание со целата ситуација околу нападот на в.д. директорот на царина?

-На крајот од краиштата каква врска има целиот слу-чај со мене, кој сум на околу десет илјади километри во моментов далеку од Вас?

-Сигурни ли сте дека текстот не ви е нарачан од некој за да послужи како маша во политичката пресметка со неистомислениците, која што на големо деновиве се одвива во Македонија?

Останувам без зборови кога го гледам ова размавтување на злото кое со голема брзина се случува во Македонија деновиве. Тоа се стреми да н# проголта. А историјата наша жестока и трагична се повторува ли, се повторува. Само што сега улогата на јаничари ја играат некои други, нови, помалку приучени, но добро купени новинари. Да сте живи и здрави.

***п.с.***

текстот има 925 збора (несметан пост скриптумот).

***Њу Јорк, _ декември 2002***

***До главниот и одговорен уредник на Дневник,***[5]

***Повод: објавениот текст Ханџиски и Спасов се токмат...***

Почитувани,

Ово

ј пат не реагирам, ниту пак му одговарам на
вашиот текст. Овојпат појаснувам, за да не се доведете во заблуда ниту Вие, ниту пак вашите

ценети читатели. Во вашиот текст, со погоре наведен наслов забележав информации кои што е јасно дека произлегуваат од доушниците и тастерите во МНР, задолжени да го подготват јавното мислење за линчот кој што треба да уследи. Гледам дека доделената улога добро ја играат, фрчат текстови против мене на сите страни. Започнав да се запрашувам и јас веќе кој е тој човек што толку многу се плука по него?! Но...

Свечено изјавувам дека сум подготвен и очекувам с# од ново-старата гарнитура што ја владее Македонија. Апсолутно ми стана јасно дека Македонците и македонските кадри насекаде во Македонија во моментов се во го-лема дефанзива и го очекуваат судниот ден. Сепак, добро е што не можат да ни го одземат правото на размислување и зборување, така што нормално добиваме желба да се произнесеме.

Она што си дозволувам да го коментирам се неколку превиди направени од доушниците, кои штом со години чмаат низ ходниците на МНР требало да ги знаат следниве работи:

Прво, дека јас навистина дојдов во оваа служба без со-гласност на Митрева и тоа од проста причина што Генерал-

– Дневник, 3.12.2002

ните конзули ги назначува Владата, а писмата им се пот-пишуваат од Премиерот. По службена должност Министерот за надворешни работи е должен да ги потпише писмата, кои патем, произлегуваат како одлука на повисок орган.

Второ, во име на вистината, не сум дојден на служба во времето на Владата на широката коалиција. Назначен сум во време на Владата пред тоа, во Македонија бев за време на целиот конфликт, учествував во одбраната на Македонија на фронт како припадник на МВР, гласав за новата Влада што функционираше после широката коалиција, ги видов сите предавства и најсетне кога с# се смири ја презедов новата должност. И горд сум што беше така, а не како што тврдат сенките и невестулките.

Знам дека ништо од објавеното не е измислено од ва-шиот новинар, како што прават другите весници и овој одговор е упатен на тие добро упатени извори. Тоа ми остава надеж дека можеби ке го објавите.

И на крај уште една работа да кажам. Навистина му се радувам на моментот и времето кога повторно ќе стапнам на македонската земја.

*Дата: _4._200_*

## *До главниот и одговорен уредник на Дневник*[6]

Апсолутно е невозможно да се определи и измери прецизно кулминацијата на една хистерија. Секојпат кога ќе помислиме дека сме на прагот да ги осознаеме нејзините крајни граници, дознаваме за нови и нови егзибиции на талентираните инквизитори. Иако на прв поглед помислив дека станува збор за новинарски текст, после внимателно препрочитување разбрав оти станува збор за уште еден набрзина издиктиран отстрел, потерница.

Притоа повеќе од морални причини и секако за потребите на судската процедура ќе се занимавам со спорење на фрустрациите на една мала група на п....и кои што опстојуваат со години во МНР.

Истакнувам најодговорно (подготвен сум да излезам пред суд) дека сите наводи во текстот ви се измислени. Кујните што ви го подготвиле текстот, што ви го понудија овој рецепт се крајно деструктивни и непријателски расположени кон секој сојасна македонска ориентација. Вие како весник дозволивте да бидете вовлечени во беспоштедната меѓупартиска борба, ловот на вештерки, палењето на неверниците високо на крст, а се немаат обзири и се ризикува, за ич ништо, целокупниот меѓународен углед на Македонија. Над с#, текстотја вовлекува во волшебен круг и Американската амбасада во Скопје, со што на целиот случај се сака да му се даде на тежина. Верувајте тој што ви го донел текстот ви го покажал намерно само ангелското лице, криејќи ги инквизиторските алатки за истерување на Ѓаволот, таму каде што го нема.

–Дневник, 16.1.2003, одговор на тесктот "Наскоро крај на блескавата кариера...", објавен во „Дневник" на 15.1.2003

Не ми е јасно како и зошто си дозволи еден ваков весник, каков што е вашиот да се навлече така лесно? Та нели вие не заземавте страни?!

Ќе дозволите да полемизирам малку со небулозите од текстот од типот: "фалсификувал документи за визи" и "тепачки по барови, а имал и непристојни фотографии". Нема да барам аргументи за ова, кои исто така можат да се наречат и докази, затоа што тој метод не е веќе познат во функционирањето на македонската политичка сцена. Ќе ве прашам што навистина тие небулози Ви значат?! Спремен сум да одам на суд директно од аеродромот кога ќе се вратам во Македонија, ако можете било што од наведеното да го докажете. Можете ли? Знаете ли Вие другари дека Њујорк 24 часа на ден целосно се снима, посебно по 11-то септемвриските напади. Тука ни мува не може да прелета, а да не биде забележана. Ова е моментно најмирниот град во светот. За 14 месеци откако сум тука не сум видел ниту тепачка, а камоли да учествувам во неа. А Вие со вашиот ликвидаторски занес одите на користење на множина. Са-кате да го појачате дејството? Чекам докази!

И, хехе, што е за Вас, ве молам "непристојна фотографија"? Или како што повторно се залетувате со множина

-фотографии! Ве молам да ми дефинирате што подразбирате под тоа, како би можел да излезам во пресрет. Ќе ја смири ли вашата хистерија и истовремено образува вашата фантазија некоја интересна фотографија од Њујорк? Ка-жете ми слободно, јас сум тука за да ви помогнам. Не сум образован за психијатар, но ќе направам напори за да ви помогнам. Навистина сакам да ви помогнам. Можеби с# уште има надеж за Вас!?

Накрај (ова сериозно) Ве уверувам дека ниеден член на семејството Петровски нема ама апсолутно никаква намера да емигирира во САД. Ние сме МАКЕДОНЦИ и тоа ќе останеме. Од тоа наше свето право и од Бога дадена привилегија немаме намера да се откажеме и да отстапиме. Никогаш!

А имам и зошто да ви се заблагодарам. Ви благодарам што го забрзувате моето враќање во Македонија. Сенките и невестулките од МНР немаат храброст мојата егзекуција да ја извршат сами и без ваша помош. Веќе станав загрижен. Каде е веќе еднаш тој крај? Помагајќи им Вие само ми ги скратувате маките и ми ја растреперувате душата, оти конечно наскоро ќе стапнам на СВЕТАТА МАКЕДОНСКА ЗЕМЈА.

СЛОБОДА ИЛИ СМРТ

Филип Петровски Генерален Конзул на РМ во САД

***Дата: _6._200_***

***До главниот и одговорен уредник на Дневник***

## *Новинар, што беше тоа?*[7]

Почитувани,

Веќе ви пишував во врска и со двата текста што Вие ги објавивте во вашиот весник. Со моите одговори ви ги кажав моите ставови, целата афера, или ако милувате да ја наречеме - скандал, ја отфрлив како ништожна, а обвинувањата ги прогласив за бесмислени и на тоа тврдење останувам.

Наспроти тоа вие во вториот текст поврзан со нови де-тали за скандалот безобѕирно ја продолжувате нарачаната егзекуција, без трошка срам и како што веќе ви пишував, без трага и спомен од џентлменство. Затоа денеска, имајќи го целиот случај целосно на ум и поседувајќи официјални државни документи ќе ви поставам наколку прашања, на кои се надевам дека постои институција во која што ќе мо-рате да одговорите.

-Во првата реченица на текстот од 16 јануари велите: "Дневник вчера ги потврди информациите во врска со дипломатскиот скандал во кој е вклучен македонскиот конзул во Њујорк, Филип Петровски".

-Што сте потврдиле, дека сум "имал и непристојни фотографии"? Нема ниту збор од текстот и обвинувањата од претходниот ден. Ниту збор. Што сте потврдиле?

-Дали сте ги потврдиле наводните ***"службени белешки од разговорот воден меѓу американскиот амбасадор во Македонија Лоренс Батлер и претставник на македон-***

[7] Дневник, 17.1.2003, одговор на тесктови објавени на 15.1 и 16.1.2003

***ската Влада, во кои амероканската страна реагира на однесувањето на македонскиот конзул во Њујорк, Филип Петровски. Со белешките биле приложени и гарантни писма за добивање на американска виза за поблизок роднина на конзулот Петровски и за друго лице".*** Јавно ве повикувам ако имате такви белешки да ги објавите!

-Дали за Вас е доволен аргумент за черечење следнава реченица: Во МНР вчера ни изјавија дека "***немало писмо од Стејт Департментот, но дека имало индикации за недипломатско однесување на Петровски***". Кои се тие индикации? Тоа што сакам член од потесното семејство да ме посети? Што е за Вас недипломатско однесување? Конструкцијата "***имал непристојни фотографии ли***"?

Каде Ви се сега триумфалните зборови за протерувањето? Така тоа одело, седни, напиши, замижи и дедо мраз ќе ти ги оствари желбите.

Ех, мои занесени. Не се само дипломатите огледало на државата. И новинарите се! За Вас уште повеќе важи правилото да бидете чесни, сериозни, професионални и некорумпирани. Вие направивте Македонија по 12 години независност да не делува како најнормална држава. Таканаречените професионалци од вашите редови покажуваат слабо познавање на јазикот, културата, етиката, логиката и илуминираат со низок интелект, полни со фрустрации кои ги балансираат со фрлање на отров од зад безбедната маса -единственото место на светот каде што не се чувствуваат како проѕирна материја.

Да, да навистина ни треба посебна катедра за логика и нејзината примена во пишување на текстови. Па на неа детално да се проучуваат принципите на негација, импликација... Сето тоа во моментов е далеку од можно оти прво треба меѓу вас да најдеме образовани, културни луѓе, со широко познавање на нештата, исто така чесни, кои што ќе работат во интерес на државата, а не за некоја партија.

Тоа би биле луѓе кои нема да ја напуштат атрактивната и одговорна позиција креатори на јавното мислење за да станат портпароли по разни министерства или пак најобични трабанти-подлизурковци во темните кабинети и мрачните штабови на новите фараони. Знам, ќе признаете тешко е, ама дајте

веќе еднаш направете го прваиот чекор.

На крај од ова писмо (кое што не сакав да ви го пишу-вам) ве известувам оти во прилог Ви ја препраќам нота-та од МНР до Амбасадата на САД во Скопје. Таа нота ги фрла во вода сите ваши чуда и урбани легенди. Ве демаскира и деконспирира до крај. Претпоставувам дека нема да ја објавите и коментирате. Верајатно ќе ја игнорирате, но затоа сум тука јас да ве потсетувам. Никојпат не ми било премногу тешко да се борам со ветреници. Ме разбирате што сакам да Ви кажам, нели?!

Од нотата ќе биде избришан евиденцискиот број и куртоазните зборови на МНР до Амбасадата на САД во Скопје. Сепак суштината е непроменета. Секако Ве мо-лам, Вие имате целосно право да се обратите до МНР и да го побарате целосниот тескт заедно со евиденцискиот број на увид. Тоа можете да го сторите јавно, како што е ред или подземно, како што досега правевте.

Филип Петровски Генерален Конзул на РМ во САД

*Број: 25-05-__/_*
*Дата: 2_._.200_*
*Број на страни: _*

***Министерство за надворешни работи на Република Македонија***[8]

Почитуван г-дин Арсовски

Во врска со вашиот допис бр. К-87-194/5 од 22.1.2003 година ве известувам за следново:

-До МНР досега за "инкриминираниот" случај "Мар-ко Петровски" се доставени 5 дописи (бр. 25-05-222/1 од 31.12.2002; бр.25-05-8/1 од 14.1.2003; бр.25-05-11/1 и 2 од 14 и 15.1.2003 и бр. 25-05-13/1 од 16.1.2003 година). Од наводите на "Дневник" е јасно дека станува збор за "тастер" од МНР кој дошепнал оти постои наводен проблем и јасно е оти случајот е конструиран со епски димензии, како би делувал на колективната потсвест, впишувајќи порака што треба да се запомни. Во сите 5 дописи молев за заштита и негирање на конструкциите на Дневник. МНР не демантираше ниедна од конструкциите.

Очекував заштита на одговрната позиција што ја имам и негирање на с# што беше објавено.

Тоа не се случи. Затоа бев принуден сам да реагирам. Името на моето семејство се плука и гази во име на една пропадната идеологија. Мојата реакција беше нормална и човечка. Притоа нагласувам дека се водев од највисоки и најморални принципи - потрага и објава на вистината.

[8] Интерно писмо до МНР по повод барање заштита од МНР за тесктови кои што се објавувани во весниците кои не коренспондираат со вистината

Во Дневник се објавени само релевантните податоци, делови на нотата кои што вистината ја изведуваат пред широкото поле на критичката јавност.

Со тоа не е нарушен професионалниот однос на овој Генерален Конзулат со МНР, напротив, според мене, е зацврснат.

Генерален Конзул Филип Петровски

***Број: 25-05-26/_***
***Дата: __.2.200_***
***Број на страни: _***

### *До Министерот за надворешни работи г-ѓа Илинка Митрева*[_9]

Со големо олеснување ја дочекав пресудата на вашето височество. Тоа е нешто на кое што одамна сум подготвен, со дигната глава. Време беше да заврши оваа фалшлива сторија.

Сепак, една работа не сум подготвен да ја премолчам, а тоа се вашите аргументи и објаснувања. Не сакам со нив да се потсмевам, оти го немаат ниту тоа ниво. Единствено ќе ве предизвикам уште еднаш на вашето неприкосновено право на молчење, односно ќе ве повикам јавно да ги покажете и докажете вашите пароли, кои што толку многу милувате да ги извикувате.

Ваков примитивизам во живот не сум сретнал. И наспроти мојата несовесност во извршување на професионалните задачи ве повикувам да се замислите над вашата со-вест. Ако ја имате?!

Не ви поднесов оставка од проста причина што бев убеден дека за 100 дена владеење ќе си го покажете вистинското крвожедно лице. И бев во право.

Ви посакувам успешни министерски денови во владеењето со стручните, компетентни и професионални кадри, лојални на државата дипломати, како на пример Фазли Велиу! Знаете кој е тој, нели?!

Филип Петровски

_ Интерно писмо до Министерот за надворешни рабори по повод разрешувањето, 13.2.2003

***Број: 25-_4/2***
***Дата: _9.2.200_***
***Број на страни: _***

### *Министерство за надворешни работи на Република Македонија Г-дин Ристо Никовски, државен секретар*[40]

Предмет: Известување
Врска: ваш бр. 04-2154/1 од 19.2.2003

Г-дине Никовски

Благодарам за известувањето. Тоа е вистинскиот начин на кој што треба конечно да профункционира тоа министерство. Навистина бев загрижен за нашата институција и нејзиното функционирање. Та нели бев разрешен пред 9 дена, а никако да го добијам текстот на пресудата. Сега ми е полесно.

Ви предлагам да испратите итна дознака која што ќе ги покрие трошоците за моето заминување (***авио-карта, контејнер, селидбени трошоци, заостанати плати...***), а јас за возврат најитно ќе го напуштам Њујорк. Доколку ми излезето во пресрет на моите скромни и загарантирани барања (***c# тоа следува според правилниците на МНР***) подготвен сум да си заминам до крајот на март, ако не и

порано. Знаете не станува збор за мене во крајна инстанца, туку за откажување на резиденцијата, плаќање на режиските трошоци и слично. Така што се надевам дека ова нема да биде за вас и за МНР преголема милостиња и ќе најдете сила да се надминете и да ставиме крај на оваа фарса што поскоро и во заеднички интерес.

Филип Петровски

-0 Интерно писмо до државниот секретар во МНР Никовски, 19.2.2003

*Број: **25-05-_4/_***
*Дата: **20.02.200_***
***Број на страни: _***

***До:***

***Г-дин Борис Трајковски, Претседател на Република Македонија***

***Г-дин Бранко Црвенковски, Претседател на Владата на Република Македонија***[4_]

Почитувани г-дине Претседател и г-дине Премиер,

Се запознав со решението бр.**17/1** од **10.02.2003** на Владата на Република Македонија за моето разрешување, и притоа го забележав фактот дека нема образложение за разрешувањето.

Во ера во која што се заговара владеење на правото, борбата против криминалот и корупцијата како и почи-тување на Уставот и законите на Р. Македонија, ваквиот потег го толкувам како сосема спротивен на изнесените декларации.

Не приговарајќи на тоа што сум разрешен, за да не би-дам погрешно сфатен, барам образложение за моето раз-решување.

Генерален Конзул Филип Петровски

— Интерно писмо до Претседателот на државата и Премиерот во кое се бара образложение за разрешувањето, 20.2.2003

*Број: **25-05-4_/_***
*Дата: **5._.200_***
***Број на страни: _***

***Г-дин Ристо Никовски, државен секретар во МНР***[42]

Предмет: Известување
Врска: Ваш бр. **04-2414/1** од **25.3.2003**

Ве известувам дека согласно Правилникот за работа на при упатување на државни службеници на МНР на работа во, и враќање од дипломатски мисии или конзулати, од **13.5.2002** година, со вашиот допис бр. **04-2414/1** од **25.2.2003** година имате направено повреда на чл. **22** став **1** од споменатиот Правилник, според кој "***државен службеник во дипломатска мисија или конзулат кој се враќа во земјата се известува најмалку 2 месеци порано за точниот датум на враќањето поради превземање на неопходните подготовки за враќање во земјата***". Имено со вашиот допис под горниот број известивте дека по налог на Министерот за надворешни работи моето браќање во земјата треба да се реализира до **31.3.2003.**

Ова не значи дека не го прафаќам известувањето, напротив со задоволство ќе се придржувам до него. Но тоа на вас не ви дава за право да ги заобиколувате и прекршувате актите на МНР.

Филип Петровски

— Интерно писмо до државниот секретар во МНР Никовски со известување за повредена процедура, **5.3.2003**

***Број: 25-050_4/4***
***Дата: 5._200_***
***Број на страни: _***

***До: Г-дин Борис Трајковски, Претседател на Република Македонија***

***Г-дин Бранко Црвенковски, Претседател на Влада на Република Македонија***[4]

Почитувани г-дине Претседател и г-дине Премиер,

Уште еднаш од вас барам образложение зо моето разрешување, имајќи предвид дека сеуште не добив одговор на мојот допис бр. **25-05-34/3** од **20.2.2003** година со кое истакнав дека решението бр. **17/1** од **10.2.2003** година на Владата нема образложување за разрешувањето.

Генерален Конзул Филип Петровски

– Интерно второ писмо до Претседателот на државата и Премиерот во кое се бара образложение за разрешувањето, 5.3.2003

## *До сите Македонски Православни Цркви во САД*[44]

Почитувани,

Ве известувам дека од новата Влада на Македонија сум повикан назад во Македонија. Моите активности завршуваат заклучно со 31.3.2003 година. И како што е вообичаено за новиот режим во Македонија, не добив никакво образложение по повод моето разрешување. Министерката Митрева единствено се расфрлаше на прес-кон-ференции со зборови од типот: "несоодветно однесување, недоволен патриотизам и сл.".

Ви изјавувам дека сум горд што ме отповикува кому-нистичко-балистичката Влада. Со тоа ми се дава можност да се вратам таму каде што припаѓам и да се борам против нив. И сите нивни изјави и пароли ги сметам за антидржавни и антимакедонски. Новата Влада имаше 100 дена да си го покаже вистинското лице, и така бидна. Ако Фазли Велиу (координаторот на УЧК за Европа за време на војната во Македонија) е нов патриот, според нивните стандарди, тогаш јас навистина не сум тоа. Ниту сакам, ниту можам да бидам.

Генералниот конзулат во Њујорк ви останува на располагање и понатака. Ние во минатата година и пол се обидовме неговите активности да ги доближиме до вас и да ви бидеме на услуга. Секојпат намерата ни беше брзо и квалитетно да излеземе во пресрет на сите потреби на нашето иселеништво. За таа цел, за прв пат лани организиравме

– Писмо до сите МПЦ во САД, 11.3.2003

конзуларни денови и посети на скоро сите наши поголеми иселенички заедници. Исто така подигнавме веб страница на Конзулатот, с# со цел да се направи ефикасна мрежа која што ќе н# поврзува и ќе н# прави поефикасни и побрзи.

Најнакрај да ве информирам оти барав да му се овоз-можи на овој Генерален Конзулат, тука, на американска почва да изработува и издава пасоши, како би можеле да ја упростиме и забрзаме процедурата. Но, до ден денеска од Владата на РМ немаме одговор. Очигледно е дека за нив постојат други приоритети, како на пример прогласувањето на нови патриоти од редовите на УЧК и расчистување со сите неистомисленици.

Сакам да ви се заблагодарам за соработката и целосното разбирање што го покажавте кога станувашe збор за меѓусебната комуникација на овој Конзулат и вашите респектирани заедници.

Сигурен сум дека некогаш и некаде повторно ќе се сретнеме, оти борбата за Македонија не е завршена, е тешка и ќе биде долготрајна.

Со најголемо уважување, Генерален Конзул Филип Петровски

## *КЛОНОВИ или КЛОВНОВИ*[45]

Безброј пати досега се пишувани и читани тексто
ви по повод македонскиот систем на образование. Уште повеќе за еден негов сегмент, поточно за и околу образованието на албанското малцинство во Македонија. Тоа прашање е секогаш актуелно, но во овие неколку недели е повторно топ политичка тема која што помалку или повеќе ги бранува чувствата на секој Македонец и секако на секој граѓанин на македонската држава. Ова уште повеќе затоа што како што се чини историјата се повторува на веќе виден и одработен начин, а актерите се исти. Кога велам актерите мислам на исти чинители во Владата - СДСМ, исти баратели на права читај : угнетени и понижени душички т.е. албанците во Македонија, ама и како и пред 7 години исто и студентите на улица.

Кога веќе ја споменуваме историјата н# ќе е лошо да си спомнуваме на настаните што не опоменувале, а и на поуките што сме требале да ги извлечеме. Само накратко во оваа прилика ќе се осврнам на протестите на студентите и средношколците од 1997 година кои тогаш се одржаа против Законот за Педагошкиот факултет во Скопје. Накратко од проста причина што еден ваков текст во никој случај не може да пледира на целосна, завршена и објективна анализа, оти протестите во 1997 се настан со длабоки последици за македонската држава и македонската историја воопшто. Затоа само да си споменеме како голем дел од студентската напредна младина преку протест стави до знаење и ја предупреди власта, а и целокупната јавност оти

[45] Фокус, 9. 1. 2004 бр.447

овој наводно образовен проблем е само обланда во која се завиткани намерите на еден екстремен дел на албанското малцинство во Македонија и дека нивните цели се сосема поинакви. Но сите се сеќаваме кој, колку и зошто беше проглесен во тоа време за шовинист, ксенофоб, нацист... Секако мислам на македонската младина. Нејсе денеска со сигурност можеме да констатираме оти сигналите кои ги виде и на кои што укажа таа напредна младина на оваа држава не беа ниту разбрани, ниту протолкувани од страна на политичките елити на соодветен начин.

Денеска истото сценарио пред нашите очи се одигрува на многу поотворен и погруб начин поради охрабреноста на УЧК дека како победници на минатогодишните избори можат да постигнат заедно со СДСМ се што сакаат, а во име на големоалбанската кауза. Поуките не се извлечени и кратковидоста на режимот н# турка во федерализација и конечно распаѓање на РМ. Или можеби не станува збор за кратковидост на нашите владетели, ами смислен план?!

Како и да е, оваа проблем -ситуација сите нас н# повикува на акција. Акција со јасни цели каква што поведоа студентите надвор од парламентот, а и некои парламентарни групи внатре во Собранието. Акција со која на прецизен, демократски начин ќе се каже стоп на дивјаштвото на таканаречените интелектуали господа на власт со сомнителни дипломи. Акција која што ќе каже НЕ на седниците на Собранието со кои што експресно се влегува во историјата на македонскиот парламентаризам, како најдолги и едновремено најбесмислени. Мораме јасно и гласно да истакнеме оти намерата на власта ни ејасна и прочитана, проѕирна дека по секоја цена се турка Закон за легализација на дивиот универзитет во Тетово. И во ваква ситуација кога и на слепиот му е видлива намерата на Бранко и Ахмети тогаш мораме да се повикаме на сите расположиви средства во одбрана на нашиот неприкосновен и кристално чист македонски национален интерес. Во овој случај апсолутно демократско право на штрајк, демонстрации, протест е не само наше право туку и наша обврска. Недемократската Влада која што станува веќе и антинародна и антиграѓанска во интерес на сите нас

мора да се симне од власт.

Можеби ова ви звучи радикално, можеби ви ги параат ушите овие груби зборови, но сигурен сум дека секој оној што ќе се одлучи да им посвети внимание на овие зборови знае оти нашата реалност, обичната македонска живеачка е многу погруба, жестока и попоразителна од овој изнесен став. Затоа истакнувам оти ова писание не е срочено со намера да обврзува, но да биде уште еден сведок повеќе на с# она што ни се случува.

Најпосле сакам да споменам дека Законот за легализација на Тетовскиот див универзитет не е момент без своја причинско-последична поврзаност со други моменти, не е настан што предизвикува краткотрајно или еднократно дејство кое што завршува во и за себе. Овој Закон е во корелација со нашето секојдневно живеење и од тој аспект треба да се проценува неговата штетност не одвоено, туку во релација со другите несакани дејства што се раѓаат со секој нов ден од антимакедонската коалиција на власт. Да не заборавиме дека пред нас е уште еден изум на кабинетот на Бранко од кој се дообличува, завршува сценариото за распад на Македонија, Закон за територијална поделба.

Претпоставувам самозаљубениот спикер на Парламентот и за овој Закон да дискутираат до умирачка ќе ги гони сите неистомислечки пратеници, отворено вршејќи експерименти за границите на човечката издржливост, додека неговите клонови, парламентарното мнозинство од удобноста на домот ќе очекуваат да бидат повикани да ја извршат единствената работа за која што одвај ги бидува - да го притиснат копчето ЗА. Но сите овие нуспродукти на лошата дигестија од неквалитетната политичка понуда настана, и да ги погледнеме реално последиците кои што ќе настанат кога и овој Закон ќе биде донесен. Да спомenеме само два моменти од кои што се крева во ужас косата на главата, Струга и Кичево стануваат малцински македонски градови, а Скопје град со албанска двојазичност. Кога го пишувам ова верувајте не е во прашање ниту ксенофобија, ниту расизам, термини кои што милуваат да ги користат медиумските трабанти на власта, кога ние сакаме да се спротвставиме на дивото и неприродно менување на демографската структура на западна Македонија. Без желба за исмејување кога сакам да си го објаснам овој самоубиствен потег на Премие-рот помислувам оти тој сака на командантите на УЧК да им подели по парче земја, во неможност да им фалцне диплома за завршен факултет, магистратура или докторат, па макар и од Тетово. Парче земја како благодарност за ден повеќе на власт.

Да завршам. Намерата ми беше да ги поддржам отворено сите студенти кои без страв од сигурен реваншизам излегоа и протестираа против политиката на Владата која н# води во амбис од кој што нема да има враќање.

На крај, секако да се заблагодарам на партиските клонови, кловнови ама и апаратчици Кондарко и Ивановски кои го испочитуваа моето апсолутно убедување дека студентите се прогресивна сила која што секогаш навреме предупредува, најавува и знае што зборува, ставајќи ме повторно заедно со нив. Овој пат тоа повторно е најавата на паѓањето на оваа гарнитура од власт и будење на народот. Ова секако не се однесува на Стамболиева.

## *Министерство за незавршени работи*[46]

Посто

јните состојби и односи во Министерството за

надворешни работи на Република Македонија не се во функција на унапредување на меѓународните односи на земјава. Подолг период, а особено во последната година и половина, министерството целосно ја има напуштено функцијата поради која постои. А таа е да собира, обработува, систематизира, анализира, сугерира, предлага на Владата, владините и државните институции и стопански субјекти, ставови и решенија за донесување одлуки за важни државни проблеми и ситуации од областа на политиката, безбедноста, економијата, културата, заштитата на интересите на граѓаните на Република Македонија. Министерството с# уште се занимава самото со себе и не успева да се справи со работната, финансиската и безбедносната недисциплина, како и со непотизмот, непрофесионализмот, криминалот и со нестручното извршување на работните задачи.

Наместо продор и афирмација на Република Македонија во меѓународните структури, функцијата на Министерството сеуште се наоѓа во рамките на извршувањето на административно -технички работи, кои се исто така работа на дипломатијата, но не и најважни за дипломат-ска работа. Таквото опстојување на Министарството за надворешни работи е лишено од својата политичка и економска оправданост, поради политичките штети и огромните материјални трошоци. Како такво, Министерството им служи само на вработените во него за задоволување персонални и матерјални интереси.

-Дневник, 22.5.2004

Основите за таквите лоши состојби и односи во Министерството се лоцирани во нестручното и непрофесионално раководење со институцијата од моментот на осамостојувањето на Република Македонија. До катастрофалната сегашна ситуација дојде по превземањето на министерската функција на актуелната министерка, поради тоталното нејзино непознавање на технологијата и организацијата на дипломатската работа и ангажирањето на нови лица на врвни функции, чие познавање на предметната материја е еднакво на нејзиното. Во услови на отсуство на нов Закон за надворешни работи (кој се експлоатира за правдање на лошите состојби), очигледно е непочитувањето на Законот за вршење на надворешните работи од надлежноста на сојузните органи на управата и на сојузните организации (Службен лист на СФРЈ бр. 56/81), кој е во сила до донесување на новиот закон на Собранието на Република Македонија. Со ова во Министерството на голема врата засилено влегува и се зацврстува непотизмот (наследен од поранешниот општествен систем), генераторот на сите понатамошни штетни последици за Министерството и нашата држава. Така на највисоки одговорни функции се поставени лица без елементарно познавање на дипломатската работа, без никакво предходно работно искуство во таа област. Грешките се мултиплицирани и акумулирани преку десет години. Во министерството се вработувани лица без проверена работна и животна биографија, без лекарско уверение за нивната здравствена и психофизичка состојба, без документ за оформено соодветно образование, познавање на странски јазици, морал, углед и патриот-ска лојалност.

Од тие причини, останале и до денешен ден нерегулирани бројни елементарни, институционално-организацио-ни прашања: прашањето за задолжителна проверка на познавањето на странскиот јазик на вработените, презентирањето на лекарско уверение за лицата (и членовите на неговото семејство) кои се вработуваат во министерството или се упатуваат на работа во странство, пишувањето на извештаи по враќањето на амбасадорите од странство, оценување на работата на секој дипломат и многу, многу други прашања кои го оневозможуваат функционирањето на министерството.

Овие моменти од денешна перспектива се земаат како показател за тоа во какви дефектни раце е дојдена македонската дипломатија. Нашата министерка без ничија помош и местење се деградира самата себе си (сетете се на измислените средби со високи дипломати), поточно прет-ставувајќи се во вистинското светло пред домашната и странската јавност. Ама, како обично, во македонската политика, сопствените грешки најтешко се признаваат и како производ на тоа грешките се мултиплицираат, а со тоа распнат и политичките штети за Република Македонија.

## *Власта се плаши од пораз*[47]

Одложувањето на локалните избори од страна на владеачката коалиција предизвикува коментар. Овој потег на власта е грубо кршење на сите демократски начела и обичаи. Тој кореспондира со грубата и сурова реалност, поразителноста на македонската живеачка. Но, согласно досегашниот манир на функционирање воопшто не сум изненаден од ова одложување.

Се чини дека во моменти на општо пропаѓање на рејтингот одложувањето на локалните избори е единственото можно решение за да се добие момент на здив, како би можело да се побара некакво, било какво, решение за опстанок. Ако се демаскира и лоцира токму овој страв, од позиционираните гласачи на другата страна од намерата, на СДСМ и ДУИ да ја протуркаат непринципиелната децентрализација, тогаш е јасно дека не е опозицијата таа што прави опструкции. Напротив опозицијата нуди алтернатива, јасна и прифатлива на поголемиот дел од електоратот. Бара да се почитува мислењето на жителите на односните општини, изразено преку референдуми, кое е пореално, од со сила натуреното вештачко лепење на села за градови или обратно, за да се доведе математиката по секоја цена во ред. Воопшто не држи тезата за намерно поднесени амандмани од опозицијата кои би продуцирале бесконечни седници. Оваа власт ќе ги одложеше локалните избори дури и да не беше поднесен ниту еден амандман.

Власта треба да знае со ваквото однесување го пре-крши и Уставот на РМ, во кој што е јасно запишано дека

[47] Дневник, 7.8.2004

мандатот на избраните функционери трае 4 години. Со одлуката за скратувањето на мандатот на наредниот локален состав, за сметка на сегашниот, таа свесно и јавно се стави над Уставот.

Склон сум да верувам оти наскоро можеме да имаме уште едно одложување на локалните избори. Ако го сторија еднаш и им упали, зошто да не го сторат тоа повторно?! Тоа му одговара на парламентарното мнозинство. На сите им е јасно оти трпението на гласачите е на крај и веќе ниедна измама не може да помине така лесно, и сега единствено можно успешно решение е заобиколувањето на гласањето со разни изговори, по можност со вина лоцирана кај опозицијата.

Повеќе од јасно е дека се игра и на карта на заборавање кај електоратот. Онаа народната „секое чудо за три дена" добро би дошло ако е вистинита. А за да се породи во вистина постои широко ветрило на можности. Познати се начините на перење на мозокот со разни средства и помагала кога како печурки после дожд изникнуваат разно разни невладини организации, независни коментатори. Таквите методи и овој пат, за жал, нема да н# одминат.

Стравот од избори, секако ќе се обидат да го покријат со свртување на вниманието кон опозицијата. На секој внимателен набљудувач тоа му е уште сега јасно, кога во она што би требало да е суштествена парламентарна дискусија, од страна на некои претставници на власта, вниманието се насочува кон работите внатре во најголемата опозициона партија. Нема да н# зачуди и стимулирање на разни подземни начини на поделбите. Тие методи се досега добро испробани, често применувани и неретко успешни. Затоа не е на одмет на сите опозициони, добронамерни субјекти да им се упати апел да

внимаваат добро овој пат. Одговорноста се зголемува правопропорционално со секој одбиен амандман, со секое механичко кревање на рацете на мнозинството во Собранието. Овој пат нужно е да се остават на страна личните перспективи и да се согледа поголемата слика. Тука нема место за грешење. Посебно ако се знае дека власта отсекогаш има и користи методи за предизвикување на контролирано незадоволство. Тоа пак, низ чудните подземни канали на Водно, испарувало без да остави било какви пукнатини на лицето на власта.

Опозицијата во вакви услови може и треба да го експлоатира демократското право на притисок со штрајк, протест, демонстрации. Кога е намерно стеснет просторот за дејствување, поради тоталната контрола на бројките, нужно има обврска тоа да го стори. Онаа власт што не оди на избори е недемократска, а недемократската власт која што деновиве стана и антинародна и антиграѓанска во интерес на сите граѓани мора да се симне од власт.

## *Почеток на крајот*[48]

Трагичната претстава што последниве недели секој ден ја гледаме на МТВ наскоро ќе добие свое финале. Ќе добиеме нов пакет закони поврзани со локалната самоуправа. Да беше Македонија нормална земја претходната реченица немаше да побуди никаков интерес кај обичниот гласач. Ќе имаше илјада побитни или интересни нешта на кои што ќе беше насочено вниманието на граѓаните.

Меѓутоа во Македонија ништо не е како што навистина би требало да биде. Затоа од закони кои што требаше да ни ја подобрат комуналната ситуација денес имаме производ на беспоштедна партиска борба во која не се бираат средства за оцрнување на неистомисленикот.

И секако не треба ни да се спомене дека за оправдување во секакви пригоди и на секакви начини се користи охридскиот рамковен договор. Бидејќи истиот не го сметам за никаква библија, а и затоа што бев пратеник во времето на неговото донесување сметам дека не е на одмет на денешните пратеници да им се напомене оти смеат, имаат право да го коментираат и доколку наоѓаат за сходно на истиот и да му најдат забелешки. Тој договор не само што не е библија, туку е и во многу нешта неправеден кон мнозинската популација.

Опасно е судбината на една држава и една нација толку слепо да се врзуваат за парче хартија, кое што сите знаеме ни беше наметнато со сила во 2001 година. Токму затоа на сите денешни апологети на процедурата низ која се протнува с# и сешто како препорака од охридскиот договор да

[48] Дневник, 14.8.2004

им стане јасно оти играат на опасна карта. На крајот од краиштата можно ли е лојалноста на албанскиот фактор да се врзува единствено за тој документ и ништо друго. Кој и со што ни гарантира дека нема наскоро да се најдеме во ситуација на принуда за нов договор, бидејќи, на сите ни е видливо, условите созреваат за тоа. Нема ли веќе еднаш да бидеме сведоци на добра волја од страна на албанскиот фактор наместо закани, притисоци и уцени?!

Целава ситуација ја усложнува улогата која што на себе ја презеде доминантната македонска партија во коалицијата. Таа по секоја цена ја турка целата процедура без да покаже било какви обѕири кон огромното незадоволство кое што е насекаде околу нив. Тоа нужно н# води кон прашањето зошто

оваа партија се изложува на толкав ризик. Повеќе од јасно е дека на овој начин си го трасираат патот во опозиција. Тогаш зошто? Одговорот можеби лежи во концесиите дадени за време на вонредните претседателски избори, односно обезбедувањето на лична позиција на лицето Бранко Црвенковки. Овој исклучително погрешен потег денеска сите нас н# става пред свршен чин, а неговата партија и коалиција пред распад. Иако неговите сопартијци тоа сакаат да го сокријат од јавноста видлива е нервозата која што ги зафаќа сите нивоа. Не случајно Макрадули вели дека изборот за претседател мора да се остави за после локалните избори, да не се случи расцеп во партијата. На него му е јасно дека до расцеп ќе дојде и тоа по различни линии. И нема да биде сопирлив.

Струшката организација на СДСМ прогласи мораториум на активностите со централата, влијателниот пратеник Тито Петковски гласаше против законот за територијалната организација на локалната самоуправа, Трифун Костовски еден од коалициските носители на листи исто така гласаше против, со многу убедливи аргументи зошто тоа го прави така. Уште неколку пратеници од парламентарното мнозинство гласаа против. И во Кичево ситуацијата не е ништо подобра. Ова се само неколку точки на кои што наидува најголем притисок. Постојат во СДСМ и покрај крајно недемократскиот режим на владеење со таа партија луѓе кои размислуваат различно. Тоа во прва линија на Тито Петковски му носи извесна предност на претстојните партиски избори. Дополнително олеснување донесуваат целосно погрешните потези што во последно време ги влече нервозниот Бучковски, кој што инсистира да ја преземе партијата на Б.Ц..

Поради сите овие моменти може со сигурност да се заклучи дека дури и одложувањето на избор на претседател на СДСМ за после локалните избори нема да биде воопшто лесна процедура, која што ќе е уште потешка поради лошиот изборен резултат.

## *Трет обид*[49]

Во 1996 година тогашната опозиција се обиде со ре ферендум да ја принуди власта на повлекување. За 4 дена беа собрани и доставени на верификација до Собранието на РМ 220.000 потписи. Во исто време власта набрзина донесе законско решение поврзано со референдумите, сакајќи да го направи ништовен токму тој обид на опозицијата, со кое што за прв пат се регулираше ова прашање. За да ја оневозможи токму таа иницијатива, но и секоја наредна, се одлучија на законска варијанта, потписите да се депонираат во општините, пред државни службеници, знаејќи дека на тој начин ќе имаат можност на многу начини да вршат притисоци над тие што решиле да се потпишат за референдум.

Бидејќи не успеаја навреме да ги донесат законите, опозицијата ги достави потписите пред изгласувањето на законите, власта отиде еден чекор понатаму во сопствената ароганција и тој референдум вториот состав на Собранието го отфрли. Така пропадна обидот да се отиде на референдум за прв пат во независна Македонија.

Наредниот обид да се оди на референдум се случи во 2001 година. Овој пат обидот беше внатре во Собранието. Во тоа време на големо се расправаше за промената на Уставот на РМ, како последица на многу фалениот рамковен договор. Предлогот за пристапување кон промена на Уставот веќе беше поминат, после 4 продолженија на 80 седница на третиот парламентарен состав. Паралелно со

утврдувањето на нацртот на амандманите и со утврдувањето на предлог

– Дневник, 21.8.2004

амандманите на Уставот на РМ, се расправаше и за референдум. Иницијативата беше поставена на дневен ред на 83 собраниска седница и имаше 9 продолженија. Тогашната опозиција, а денешна власт повторно се произнесе против таквата иницијатива. Апелите беа дека за едно такво судбинско прашање, во такви судбински времиња кога комплетно се редефинира физиономијата на македонската држава, треба да се праша народот. Симптоматично е тоа што оваа седница, во такви судбински моменти, воопшто не е завршена. Не е презакажана и никогаш не е гласано по предлогот. Мистериозно, но сепак и повеќе од јасно зошто тоа така заврши. Така пропадна и вториот обид да се отиде на референдум.

Нејсе, денеска го живееме третиот обид. Веќе 6 месеци имаме можност да се потпишеме за референдум против територијалната поделба, онаква каква што ни ја наметна нашата насилничка власт. По трет пат улогите се скоро сосема исти. Едни се обидуваат да се повикаат на демократското право на референдумско изјаснување, загарантирано со Уставот на државава, за да спасат дел од државата од негово разнебитување, додека другите по секоја цена арогантно си ја туркаат својата агенда. Од една страна е народот, а од друга, како по правило СДСМ со своите коалициони партнери.

Баба ми, жена во години, тешко подвижна, сакаше да се потпише и да го подржи овој трет обид на народот да каже нешто што ќе мора да се слушне. За да го направи тоа таа мораше да има помош, некој кој што специјално за таа прилика ќе ја однесе во општинската канцеларија. Тоа ни го донесе Законот од 1996. Многу од тие што сакаат да се потпишат, за разлика од 1996 денеска се соочуваат со пречка која што Законот намерно ја предизвикува. Па сепак Законот треба да се почитува и тој важи за сите.

Ако се поставиме на тој начин, тогаш ништожни се заканите кои што деновиве ги слушаме од страна на некои неодговорни албански политичари, дека ако успее овој референдум тогаш тие ќе го активирале нивниот референдум за Илирида. Ако за сите во оваа држава важат истите Закони, тогаш немам ништо против сите тие наја-ви да се пропуштат низ институциите на државата. Нека се потпишат 150.000 жители на барање за референдум за Илирида. Потоа Собранието нека распише референдум. На него ќе треба да излезат мнозинството од избирачите, а од нив повеќето од пола да гласаат За, за да биде успешен. Само тогаш заканите преминуваат во реалност, во спротивно не се ништо друго туку играње со трпението на сите нас, проѕирно навлекување пред меѓународниот фактор и претставување за вечна жртва, на која што сенешто и фали.

Во меѓувреме на сите нас ни останува да чекаме да ја слушнеме конечната бројка на собрани потписи за референдум. Таа сама по себе многу што ќе каже. Ќе има ли среќа со референдумот овој пат среќа Македонија?!

## *Потценувачки однос на власта*[50]

Референдум ќе има. Овојпат народот, граѓаните и по крај сите опструкции успеаја да го соберат потребниот број на потписи. Трета среќа. Интересно е уште еднаш да се размислува како работите се развиваа и да се извлечат можните импликации, односно што е тоа што можеме да го очекуваме во наредниот период.

Односот на власта кон оваа иницијатива беше видливо потценувачки. Тоа е последица на бројот на потписи кои што беа депонирани во првите 5 месеци. Се чини дека тоа беше стапица во која што длабоко пропаднаа. Зошто? Игнорирајќи дека постои било каква можност за соочување на народот после донесувањето на пакетот закони за локална самоуправа, самоуверено одеа напред. Дополнително на тоа ароганцијата ја зголемуваше тоа што тие заклучија дека успешно ја поделија, и со тоа замолчаа, опозицијата. Изјавите на некои челници на власта одеа дотаму да нудат играат со оставки дури и ако се соберат потрисите за распишување на референдумот.

Оваа недела работите радикално се изменија. Потписите се собрани, настапи нова реалност. Приближно во исто време слушнавме две изјави од СДСМ кои што тие ги дадоа во врска со референдумот. Прво, СДСМ е сигурен дека референдумот нема да успее и тие ќе дадат целосна поддршка на иницијативата и второ, дека независно од опозицијата власта ќе направи референдум да го провери спорниот Закон, затоа што предизвикал незадоволство. Немам ништо против кога многу сакаат да даваат изјави

[0] Дневник, 28.8.2004

„високи владини извори" затоа што низ тие изјави гледам дека се во паника. Хаосот е толку голем што даваат контрадикторни изјави. Тие се с# подалеку од реалниот пулс на јавното мислење.

Се гледа од авион дека не веруваат во моќта на било каква иницијатива од страна на граѓанството. Бројката од околу 850.000 им изгледа недостижна и од неа произлегува комоцијата на изјавите за неуспех. Од тој аспект лицемерна е најавата за поддршка на иницијативата. Одозгора на се најлицемерно е, а што е најважно, видливо е, дека се играат со сите нас кога најавуваат дека тие ќе направеле референдум дури и да не собереше опозицијата доволен број на потписи затоа што Законот предизвикал незадоволство. Да им беше грижа на Нив за тоа каков е пулсот на народот и колкаво е незадоволството, воопшто немаше да се дрзнат на ваков начин, на очиглед на сите нас да ја делат Македонија со такво законско решение.

Можно е да дел од комоцијата доаѓа и од подметнувањата кои што смислено ги прават во таборот на опозицијата. Пишувавме веќе за способноста на власта да создава контролирано незадоволство. Затоа не е ни најмалку наивно појавувањето на гласовите за "***Влада во сенка***". Тие гласови сами по себе ја разбрануваа и во многу збунија јавноста. Сега голем дел од луѓето се прашуваат кој да биде Премиер, кој министер, од која партија да биде Премиерот, каков да биде процентот на застапеноста во таа Влада во сенка,... наместо да се запази суштината на оваа иницијатива која што првенствено е поврзана со други поважни прашања. Токму затоа треба многу внимателно да му се пријде на ова подметнување. Мора да се објасни и уште еден факт поврзан со праксата на Влада во сенка. Во земјите кои што имаат искуство со такво организирање на опозицијата, се знае дека таков облик на дејствување има од страна на најголемата опозициона парламентарна партија. Секако дека постои критериум, затоа што без критериум нема ни смисол таквата институција. Не сум слушнал досега за пример на Влада во сенка од вонпарламентарни партии, или ако сакате, од маргинални партии. Ако е тоа можно, тогаш секој ќе има Влада во сенка, за било каква потреба, што во крајна линија ќе и одговара на секоја можна власт.

Затоа некако само по себе се наметнува прашањето зошто така брзо и толку подготвено позитивно реагираше власта на оваа идеја?! Да не го знаеше некој тоа таму, пред да излезе предлогот во јавноста?

Како и да е, нашата концентрација сега треба целосно да се насочи кон најбитното, кампањата за успех на рефередумот. Ниедна бројка не е недостижна ако јасно се согледаат последиците кои што ќе ги предизвика спорниот Закон. Се чини дека сега секоја наредна изјава од прозрената власт уште повеќе помага. Тоа што ќе водат кампања против само уште повеќе ќе ја цементира желбата на луѓето да излезат и да го подржат ова изјаснување кое што полека, но сигурно се претвара во општ референдум против Нив.

Останува уште да се појават повторно „невладините" организации, како за време на

претседателските избори и ажурно да не потсетат на нашите мобилни телефони дека треба да гласаме на референдумот. Или овој пат ќе добиеме пораки да не излегуваме на гласање?

## *Нашата заложничка драма во Ирак*[5]

Драмата сотројцатакиднапираникумановци воБагдад и после 16 дена продолжува. Македонската јавност беше известена дури 10 дена по случувањето на инцидентот и тоа преку весникот Дневник. Од тогаш па се до моментот на пишувањето на текстот (среда навечер) поминаа уште шест дена, но никакви охрабрувачки вести нема. Неочекувано медиумите не ја подигнаа оваа случка до повисоко ниво на заинтересираност. Дури лека полека веста почна да исчезнува, или да оди таму некаде пред крај на вестите. Како да почнавме да креваме раце. Намерно или случајно?!

Во нормално (не високо!) организираните земји животот на поединецот е кренат високо на пиедесталот како највисока вредност. Единката е врзана во нераскинлива врска со државата. Државата од неа го црпи својот кредибилитет и право на постоење. Во вакви случаеви на киднапирање, но и било каков сличен случај, земјите соодветно реагираат, го користат сиот потенцијал за заштита на животот на секој нивен граѓанин.

Свеж е примерот на киднапираните француски новинари во Ирак. Тие се во заложништво и нивните киднапери бараат во замена за нивната слобода француската држава да го укине Законот за забрана за носење на фереџиња. Интересно е да се проследи реакцијата и делувањето на официјалните органи на таа држава. За да најде начин Франција да ги спаси своите државјани таа реагираше на највисоко ниво. Во Багдад отиде МНР ***Барние*** лично со својот авторитет за да се обиде да издејствува ослободување на двајцата киднапирани новинари. Значи видливо е дека во вакви сериозни и драматични случаеви државата се обидува преку својот Министер да постигне посакуван исход. И во ваквите потези не се осамени французите, односно ова што го прават не е единствено нивен ексклузивен дипломатски метод. Секаде е така. Германскиот МНР ***Фишер*** пред некое време се најде во иста ситуација кога спасуваше германски туристи во Алжир. Колку што можам да видам ниту им е срам на тие дипломати, ниту им е несоодветна за нивниот ранг ситуација кога се упатуваат и на крај на светот заради спасување на животи на нивните граѓани.

[5] Дневник, 11.9.2004

Би сакал да можам истото да го кажам и за нашето министерство, посебно за активноста на нашата министерка Митрева, кога станува збор за киднапираните кумановци. За жал не е така. Напротив ситуацијата е сосема обратна. Комформираноста е комплетна, а зачмаеноста се чувствува во воздухот. Начинот на кој што нашето министерство реагира, откако се најде затечено, личи на иницијатива поради срам и по онаа народната “дајте да направиме нешто за да мислат дека сме направиле нешто”. Во тој манир, заради алиби Митрева во Ирак испрати службеник од МНР, ***Попов***, кој донеодамна беше дел на протоколот. Апсолутно погрешен и несоодветен на сериозноста на ситуацијата потег. Попов е во Ирак со цел да дојде до податоци за киднапираните кумановци. Истовремено министерството ги води лицата како исчезнати, иако цел свет знае дека се киднапирани.

Сакаме да укажеме дека на овој начин проблемот не може да се решава ако мислиме да ги видиме живи и здрави нашите сограѓани. Пред се личноста која што требаше да се најде во Багдад и таму ако е потребно да подигне штаб кој ќе работи 24 часа на ден, за спас на киднапираните е министерката. Таквиот чин ќе и дадеше на целата процедура потребна сериозност. Македонија е рамноправен дел од сојузничките сили во Ирак и истовремено учествува во изградбата на таа држава. Наши војници таму секојдневно се изложени на смртна опасност. Исто така и нашите работници. Па, сепак тоа незначи дека тоа се фигури без име и лице. Тие луѓе имаат своја држава и свои права. А Македонија има свои права во рамките на меѓународната коалиција присутна во Ирак. Во овој случај присуството на министерката, сега и веднаш на лице место, на киднапираните им ги зголемува шансите да преживеат, а на нашите сојузници ќе им стави на знаење дека сме сериозна држава која што се грижи за своите граѓани. Митрева сигурно ќе ја прими највисокиот врв на Ирак, а исто така и тамошниот Амбасадор на САД, наместо заменикот на заменикот... што слушнавме дека го прими Попов. Таа лично има обврска да го преора теренот и на загрижената јавност да и даде соодветни информации. На тој начин проблемот ќе ја добие вистинската тежина и соодветен ангажман од оние кои што можат да помогнат. Тогаш и тамошните претставници на меѓународниот црвен крст нема да даваат изјави дека не се запознаени оти постои потрага за наши исчезнати граѓани.

Крајно време е нашата министерка да почне да настапува сериозно и наместо да ни зборува за рецептите од кујната на нејзината партија, да се зафати со она што навистина е работа на еден вака значаен ресор. Нас не н# интересира дали ***Бучковски*** ја мести во трката за претседател на СДСМ, н# интересира да ги видиме дома нашите кумановци.

## *Интерпелација - како да не!*[52]

*„Восхитен сум од мирот и правдата воспоставени во цивилното општество, ја благословувам мудроста на јавните институции и наоѓам утеха затоа што сум човек во тоа што се гледам себеси како граѓанин. Добро упатен во своите должности... заминувам од предавалната и гледам околу себе. Што да видам: беден народ офка под железен јарем... разбеснета толпа обземена од болка и глад... И секаде силните се вооружени против слабите со колосалната моќ на законот. Помирени со судбината... можеме само да офкаме и да молчиме...а сето ова е плод на миролјубивите институции."*

Овие зборови на Жан Жак Русо, напишани пред околу 250 години ги одбрав како соодветни за опишување на денешна Македонија, денешната владеачка гарнитура, но сечини и денешната целокупна политичка сцена. Веројатно е дека одреден дел на јавноста ќе ги доживее како драматични, што и навистина се, а на ист таков начин ги доживувам и јас. Навистина македонската реалност е драматична. Неправдата и насилството кај нас бесрамно се преименувани во правда и правичност. Сето тоа под покровителство на нашите моќни владетели. Самите тие неодамна прославија мал јубилеј, две години контрола над нашите животи и судбини. Необичен јубилеј прославен на уште понеобичен начин. Погодувате! Мислам на "интерпелацијата" на Владата која што трагикомично се одвиваше пред нашите очи и на наша

вчудоневиденост. Случајно или не?

– Дневник, 25.9.2004

Обично многу често сум во Парламентот. Оттаму работите се гледаат низ друг визир. Она што често недостига за вистинска информираност, она што исчезнува низ цензорските филтри на пријателски кон нас настроените “независни” уредници, може од таму да се види. Нема ден пред парламентот да не се појави група на незадоволни граѓани од оваа власт. Денес тоа се вработените во Сувенир, вчера тоа се вработените од Треска, а пред нив... Сликата е често драматична и понижувачка. Штрајкови има насекаде и за се и сешто. Разни социјално незадоволни групи препуштени сами на себе. Никој жив не ги зема во предвид во никаква калкулација. Хаосот е се поголем секој нареден ден. Животот не вреди ни пет пари. Полицијата гине од “криминални” команданти, но затоа “големото уво” не слуша секогаш и во секоја прилика. Киднапираните никој веќе не ги ни спомнува...

Во таква рамка Владата дејствува како намерно нем набљудувач на целокупната наша мизерија, без било каква желба да се спушти на земја и да види како тоа навистина работите стојат. Длабоко навлезена во својот пад таа единствено останува сервис на неколку влијателни лоби групи кои што го користат секој нареден ден за исполнување на својата лична агенда, која што варира од случај до случај. Притоа една лоби група на, сомнителни по квалитет и стручност, ликови е најконсистентна, најефикасна во тоа што го прави. Поврзува територии за оживување на вековен сон. Наочиглед на сите нас! На ова ли мислеше Шекеринска кога пишуваше за знаците покрај патот? Мене повеќе ми личат на дупки, големи дупки покрај патот.

Владата е интерпелирана од граѓаните. Голем процент од нив несакаат ни во сон да помислат на неа. Апсолвирано е прашањето дали е таа соодветна или не. Не е!

Железен јарем, болка и глад, хаос, штрајкови, незадоволство, мизерија, а Владата ја доживува, ужива саботната интерпелација со нагласено задоволство и комоција. Да и честитаме на опозицијата за непромисленоста. Да се присетиме и на насловите од весниците дека опозицијата помогнала да се спаси Владата. Немојте овие зборови да ги доживуваме несериозно. Сериозни се. За да преживее Владата, ваква каква што е, со историски најниско рангиран состав по квалитет, а и премиер, треба да $ се честита, капа да $ се симне на опозицијата.

Не е интерпелацијата оне ман схоњ како што некои ја направија. Таа исто така не е ниту играчка за поединци и на нивните неконтролирани ега. Најмалку е институција која што може да се користи неподготвено, а во име на народот. Ако ова не го знаеја тие што на овој начин му дадоа алиби да владее некој месец повеќе на чудно недефинирливиот лик (Премиерот), тогаш јавно да ги прашаме кој им даде право да незнаат?! Напротив интерпелацијата е секој ден, во сите нас, и сите се прашуваме има ли кој што на вистински начин ќе ја одработи?

Крајно време е да се пристапи сериозно кон организирање и заздравување на опозицијата. Некои глави да се изладат. Инаку и опозицијата ќе ја понесе еднакво, како и власта, целата одговорност за намерно наметнатата агонија. Супстанцијата е при крај.

## *ЛЕТ ТХЕМ ГО!*[53]

Законот за избор на пратеници смрди. Тој е неус
тавен, ама предизвикува правно дејство. Го огра-ничува правото на слободно размислување и

делување во име на избирачите, без притоа пратеникот да не ја чувствува стегата на партиската јамка која постојано и поради секоја прилика и неприлика ќе виси над неговата глава. Самото тоа имплицира слаба индивидуална активност и целосно комформирање кое што на големо го обезличува парламентот и истовремено го претвора во гласачка машина. Партиите целосно доминираат. А познавајќи ја нашата структурата на партиите, степенот на демократска зрелост, може со сигурност да тврдиме дека крајната импликација оди кон доминација на тесни групи собрани околу партиските лидери. Лично мислам дека ваквото тесно грло на големо не задушува неоставајќи простор за динамичен развој на политичкиот систем. Уставниот суд нема абер да реагира. Значи Законот важи.

Како дојдовме до тука? Просто. Сите бевме заложници на две крајно спротивставени фигури. Георгиевски и Црвенковски. Навидум лути противници, а под масата со вкрстени раце. Со договор направен молчешкум решија да ја санкционираат секоја либерална мисла, с# да биде под нивна контрола, предвидливо, заобиколиво, безопасно за догматски неменливиот ред на нештата. Малку јас на власт, малку ти, па ќе се смениме, до бесконечност и назад.

Е, ама нашиот народ вика дека е најтешко да се јаде ќотек од стапот со кој што самиот си тепал. Се врти трка-

– Дневник, 2.10.2004

лото. И двајцата веќе не се целосни контролори на нашите судбини, иако едниот само малку се поттргна, задоволен од статусот на награден послушник, додека другиот грчевито, скоро инстинктивно се бори да се врати назад. Во таа своја однапред загубена борба, со рака вкрстена под маса, ја растура, потресува најголемата опозициона партија обидувајќи се по секоја цена да остане релевантен. ОК! Тоа е негово инхерентно право и никој не се обидува да му го одземе. Но, затоа пак наше право е да ги коментираме работите и да предлагаме решенија за ослободување од оваа бесконечно монотоно-деструктивна стапица, чиј што единствен заложник е целата нација.

Сега пратениците блиски на таа опција (на Георгиевски) бараат да имаат право да ја напуштат партијата што им го овозможи мандатот. Поднесоа барање да се измени Законот за избор на пратеници. Видовме дека на Макрадули тоа му се гледа опасно, првенствено поради зачувување на редот во неговото подрачје на контрола (разнишаната и дезориентирана пратеничка група на СДСМ), што со други зборови значи оти ќе нема измена на Законот. За жал тие пратеници, баратели на промена на Законот, ќе мора да останат пратеници на ВМРО-ДПМНЕ. Тажно. За нас и за нив.

Разврската е можна на неколку начини. Прво, самите доброволно да си дадат оставки на функцијата пратеник и да чекаат време кога својот рејтинг ќе може да го потврдат повторно. Тоа е онаа таканаречена морална варијанта која што, како што гледаме слабо функционира и виреe на овие наши простори. Второ, Претседателот на ВМРОДПМНЕ треба јавно со писмо тоа да го побара од Нив. На тој начин ќе ја испочитува нивната волја да не работат за партијата поради која најголемиот дел беа избрани како дотогаш релативно непознати партиски и непартиски чле-нови. Законот сега не дозволува друга можност освен оставка. Наредното писмо треба да се упати на Претседателот на Собранието Јордановски од кого исто така ќе се побара да се ослободат овие личности од пратеничките обврски, согласно јавно изразената волја да не работат и помагаат на матичната партија.

Бидејќи сето побарано нема теорија да се случи, не им одговара ниту на СДСМ, ниту на трансфер играчите(кои што мораат лично да се откажат од мандатот), на ВМРОДПМНЕ му останува само уште една варијанта. Гордиевиот јазол може да се одврзе на само еден начин, ДА СЕ ПРЕСЕЧЕ! А тоа значи: Јавно да ни се соопшти од кои пратеници партијата ќе се откаже, за да може да продолжи да делува од чисти позиции пред јавноста и целокупното членство на кое што му се потребни јасни цели и луѓе што ги водат. Пуштете ги да си одат. Подобро е да останат макар и пет пратеници, ама да се има јасна слика за односот на силите во Собранието. Тогаш нема да може да се подметнуваат разно-разни интерпелации (како услуга на власта) или пак СДСМ да го продлабочува толку лесно раздорот кога ќе

посака (примерот со ДИК и Вељановски). Членството и поширокиот опозиционен фронт бара одговор и резултат.

А во некои подобри времиња белки ќе имаме и подобар Закон за пратеници и с# ќе биде поинаку.

## *Октомвриска револуција 2004*[54]

„Како падна од небото Светлоносецу? Како ли си сим-нат на земјата ти угнетувачу на народите?...Ќе се искачам во облачните висини, ќе бидам еднаков со Севишниот. А се сруши во Подземјето, во длабочините на пропаста!”

***-Книга на пророкот Исаија, _4, _2***

Да се потсетиме на ситуацијата на последниот охри дски конгрес на ВМРО-ДПМНЕ за да ја разбереме намерата на ова кратко видување на едни сериозни политички процеси кои директно или индиректно ги допираат нашите судбини и живеачка:

“... Длабоко ја анализирав мојата позиција како лидер на ВМРО-ДПМНЕ и дојдов до еден заклучок; дека ако останам и во идните четири години како лидер на ВМРОДПМНЕ едно е јасно, дека партијата не четири години, туку осум години ќе остане во опозиција. Затоа денес кога ќе го бираме новиот претседател на ВМРО-ДПМНЕ, треба да бидеме свесни дека го бираме и новиот премиер на Р. Македонија.” Георгиевски навистина ќе претставува историска личност. Заедно со многу од нас, кога денешнава власт не веруваше во тоа, вистински ја воскресна идејата за независна и суверена Република Македонија. Си спомнувам за идеалот за сопствена валута, македонска фудбалска репрезентација, македонски пасоши... Со него сите ние ги правевме првите чекори во етаблирањето на демократската мисла, во едни политички турбулентни времиња за Македонија, по падот комунизмот и почетокот на македонското

[54] Дневник, 9.10.2004

мачно, бесконечно транзитирање. Верувавме. Тој носеше и крупни политички одлуки, но правеше и грешки, и сите стоевме зад тоа, обединети на барикадите на македонската демократија, преку митинзите, штрајковите, студентските протести, расправиите со политичките неистомисленици во самата партија, во контекст на демократијата и нејзините прерогативи. Георгиевски како лидер на ВМРО-ДПМНЕ ја донесе победата на парламентарните избори 1998 год-ина и ја формираше првата вмровска Влада во независна Република Македонија. После четири години владеење, во кои што ВМРО-ДПМНЕ го понесе на грб товарот од двете војни, а посебно агресијата врз нашата држава од страна на сегашниот коалиционен партнер на СДСМ, следуваше поразот на изборите 2002 година. По поразот на изборите Георгиевски најави оставка од лидерската функција, и тоа по сопствено убедување. Иако многумина не веруваа во тоа, тој својата одлука на многу убедлив и недвосмислен начин ја опсервираше на конгресот во Охрид, (за да не бидеме уште осум години во опозиција!). Го предложи и цврсто застана зад Никола Груевски. Тој е човекот кој ќе ја донесе ВМРОДПМНЕ повторно на власт-ни кажа Георгиевски.

Начинот на кој Георгиевски посака да се врати на претседателската позиција не е познат во политичката реалност и пракса. Тешко може да сретнете случај кога некој претседател на голема

политичка партија по сопствена желба заминува, дава оставка, и за неполни десет месеци повторно има намера да се врати, и тоа на таков несоодветен начин, дезавуирајќи го партискиот Статут, кој што самиот го донесе.

Сите сме согласни со фактот, а впрочем тоа го потврдуваат и голем процент на политички неопределени луѓе, дури и политичките опоненти, дека од плејадата на брзо користени, ротирани и сменети министри и функционери, токму Груевски забележливо се одвои. Нема политичка логика, на луѓе кои нешто покажале во политиката да не им се даде можност да се повторат и потврдат, па дури и да си по некои прашања нивен неистомисленик. Освен ако не сметаме само за себе и низ себе дека е можно искачување на небесата, над Божјите ѕвезди.

Го заборавивме ли писмото од Галичник? Од онаа августовска вечер пред парламентарните избори 1998, кога на македонските граѓани им кажавме дека ПРОМЕНИТЕ се природна работа. Точно е тоа, промените се природна работа во една демократска политичка партија како што е ВМРО-ДПМНЕ, и убеден сум дека овие судири и делби, можеби еднакво големи со оние историските (кои што на чуден начин траеле и траеле), нема да ја срушат партијата која што исконски извира од силата на народот и неговата одлучност да има сопствена држава.

И за да не се разбереме погрешно, во духот на демократското разбирање на политичките процеси, ниту најмалку немам намера да негирам нечие право да се обиде низ друга партија и на друг начин да му докаже на електоратот дека ја заслужува неговата доверба. Тоа е сосема норма-лен процес, кој што е длабоко навлезен во македонските политички партии. Демократската мисла можеби била или е потиснувана, правото на различно мислење исто така, но тука некаде е крајот на таквата матрица. Новиот начин на размислување доаѓа.

Тоа го потврдуваат и истражувањата на јавното мислење, кои што неодамна ги слушнавме, недвосмислено покажуваат дека најголемата опозициона партија е со растечки рејтинг и во брз процес на заздравување. Поголемиот дел на македонската јавност тука ја гледа единствената алтернатива на оваа загубена власт. Санкциите за неа ќе дојдат на наредните избори, а тие се с# поблиску секој нареден ден.

## *Време е да се оди!*[55]

Во општеството и природата се чини кога нешто не се знае, е непознаница, е поголемо од опсегот на можностите, сите суштества се склони да побараат помош. Во моменти кога помошта е потребна (за било што) самостојната акција и ароганцијата се намалува правопропорционално со големината на потребата. Дури и најпримитивните видови, ако ги анализираме во слични критични ситуации, ќе видиме дека покажуваат инстинктивно обединување како потреба за преживување.

Во исклучителни случаи нема место ниту за его, нути за ароганција или пак самозаљубеност. По мое длабоко убедување сите ние се соочивме со нашиот случај на потреба за помош, за спас, самозаштита на самите себе низ примерот на тројцата кумановци кои што имаа трагична судбина. Тешко е да се пишува за тој случај со ладна глава, без зовриени страсти. Материјата е дотолку потешка затоа што посочените во овој текст можат да се бранат дека се користи нечија несреќа за политичка пресметка. Па се-пак се одлучив и покрај сето тоа да го прифатам ризикот, навраќајки се на насоките

кои што на нашето министерство за надворешни работи, јавно, му беа упатени по повод овој трагичен настан, а во соодветно време и со соодветни зборови (дневник, 11.9.2004).

Нашето МНР наместо да покаже жива, стручна и професионална активност за спасување на животите на кумановците, од првиот ден по веста за нивното киднапирање, се обиде да го направи тоа со голема помпа, но пост фес-тум, кога работите веќе беа завршени. Министерката тре-

–Вечер _. __. _00_

бало да знае дека МНР е најкомпетентно министерство за заштита на македонските граѓани во странство. Ако тоа не го знаела, требала да праша или да чита. Постојат методи во дипломатијата за кои што Македонија има стручни дипломати и потенцијал, а кои се соодветни во вакви ситуа

ции. Тоа е таканаречената ***тајна, за вонредни околности, дипломатија.*** Во вакви случаеви се работи ундергроунд, преку служби за безбедност и на терен, се со цел да се дојде до информации. Ние наместо тоа го одбравме сосема обратниот и најпогрешен метод на јавност, кој што може да биде дел од целата несакана реакција. Спротивно на секоја замисла на здравиот разум, наместо да се одработува стручно и професионално, одговорно и патриотски овој случај, ние бевме сведоци на обработување на јавноста. Направија се за да овој случај се минимизира.

Кога веќе во јавноста се прошири информацијата дека тројца македонски државјани се киднапирани, МНР зазема пасивен и неодговорен однос кон проблемот, ***лоцираќи го како шпекулација и непроверени информации*** со што се изгуби драгоцено време за пронаоѓање на тројцата Македонци и отпочнување на неопходните дипломатски преговори за нивното враќање во татковината. МНР се обиде да направи дислокација на проблемот, тврдејќи дека киднапирањето на македонските граѓани е од ***криминални побуди на неидентификувани криминални банди.*** Наместо да се реагира соодветно како што налагаат дипломатските процедури и вообичаено воспоставената дипломатска практика, МНР го избегна прашањето дали киднапирањето на тројцата киднапирани македонци е инспирирано од политички побуди.

Доколку, ги анализираме примерите на многуте вакви случаи во Ирак со киднапирање на државјани на други држави ( примерите со италианските, француските и бугарските државјани) може да се забележи сосема друг пристап на државните структури во однос на информирањето на јавноста и транспарентноста за таквите проблеми и можните решенија кои што ги нудат владите во однос на нив.

Оваа тема има многу агли од кои може да се опфати. Толку место за жал нема.

За да биде сепак појасна сликата на тоа што ни се слу-чува и зошто ни се случува, кога станува збор за нашето МНР, заштитата на нашите права и животи, кога е тоа потребно, неопходно е да се потсетиме каква тоа таму владее атмосфера. А таму хаос. Никој ништо не работи, освен кога станува збор за сопствените потреби. Тоа е просто кажано орган за задоволување на персоналните и материјални интереси на вработените. Внатре постои криминална група која што ги узурпира и монополизира сите функции во МНР. Воопшто не се продуцираат информации со истражувачка содржина, анализи и осврти со кои што би се антиципирале настани со импликации или последици за безбедноста на РМ, кои се неопходни за превземање на превентивни решенија и одлуки. Поради тоа Владата и јавноста често е изненадувана од случувања кои се однесуваат на Македонија.

Време е да констатираме дека нашата министерка е зрела за интерпелација. Ниту се справува со состојбите, ниту се гледа желба за такво нешто. Јавноста мора да слушне за криминалот што се прави внатре. Поднесени се повеќе пројави за високи функционери во МНР кои што нашата министерка ги игнорира. Зошто? Да потсетиме дека прикривање на кривично дело е исто така кривично дело и дека криминалот не застарува. Претпоставете зошто во МНР е вработен државниот ревизор ***Благоја Крстовски*** кој што ја направи ревизијата за работата на МНР. Тој констатираше криминал, министерката воопшто не реагираше, за накрај да го вработи?! Има нешто гнило во земјата Данска. Тиме то го Soyp Еџцелленцѕ Илинка.

## *Аушвиц - уште една дипломатска утка*[56]

Последниот дипломатски инцидент, кој неодамна се случи со испраќањето на заменик-министерот за надворешни работи во Полска, како највисок претставник на РМ, понатака ја отсликува мизеријата на македонската дипломатија. Многу интересно е што како и секогаш досега никој за ништо не е виновен, ниту одговорен. Едноставно стариот испробан рецепт во МНР функционира беспрекорно - или се молчи или вината се бара кај некој друг. Барем јас не се сеќавам нашето МНР да било доблесно и еднаш да ја лоцирало одговорноста за вакви мегаскандали или за некои слични на нив, кај себе. Домашната јавност можеби и може да се заобиколи, но има незаобиколиви протоколи надвор од нашите граници. Како илустрација е интересно да се спомене дека доцнењето на претседателот на Русија Путин на истиот настан, од полските европарламентарци беше оценето како скандал, односно како навреда за полскиот народ. Имајќи го предвид сево ова, очајно изгледа официјалното објаснување на министерката Митрева дека грешката се случила затоа што не била адресирана поканата.

За да покажеме на конкретен случај колку се работите драматични, ќе проследиме како се одвиваше, наспроти како требаше да се одвива, што се случи (а не смееше да се случи), а што мораше да се случи.

Овојслучајсо нашето присуство (на неприсуство) е многу лесен за опишување и анализирање од проста причина што нема што да се анализира. Владејачката гарнитура на МНР од името на сите нас, од името на државата навреди

[56] Дневник 5. 2. 2005

еден народ, кој сеуште со голема горчина се сеќава на оби-дот за истребување. Респект кон страдањата на тој народ секоја година на највисоко ниво оддаваат голем број држави. Во таква ситуација е логично да се постави прашањето каква порака и зошто сакала да испрати нашата дипломатија испраќајќи го заменик-министерот, што е неприфатливо ниско ниво во ваков случај. Или, што е уште полошо, а исто така изгледа како реално, дека никој во МНР воопшто не води сметка ама баш за ништо. Тажно. Тоа се случи, а не смееше да се случи!

И толку. Ситуацијата е зад нас. Нема одговорни, нема никој што ќе ни даде прифатливо објаснување зошто се дозволи еден ваков скандал. Штетата за нашата држава е направена и, верувајте, некој внимателно го нотира тоа.

А еве што требаше да се направи. по добивањето на по-каната, на која, како што велат, не било означено до кого е упатена, МНР морало по службена должност да упати циркуларно писмо до сите наши амбасади. Да се даде наредба да се провери нивото на кое ќе бидат застапени соодветните земји на настанот. Амбасадата на РМ во Полска мора-ла да има уште поголема активност и да биде во постојана комуникација со телото што ја раководело организацијата на целиот настан. Сериозните држави формираат штабови кога на нивна територија се наоѓаат голем број странски државници. Таа активност секако дека се следи и предвивува до најситниот детаљ. По службена должност можело да се дозна се, ако се сакало. тоа мораше да се случи!!

По утврдувањето на нивото, министерот дава предлог кој треба да ја претставува Македонија. Ако се утврди дека таму ќе бидат присутни неколку десетини претседатели на држави, нормално е да

предложи да и нашата држава ја претставува претседателот, додавајќи ја и значајноста на настанот. Ако евентуално повеќето држави најавиле присуство на министрите за надворешни, соодветно е на такво ниво и нашата држава да биде застапена итн. Тоа мораше да се случи!!

Техниката и потенцијалот се во МНР. Дури поканата и да била адресирана за претседателот истата процедура, по-горе наведена, морале да ја повторат. Кабинетот на претседателот на државата ја нема на располагање логистиката што ја има МНР. МНР е државен орган кој што мора да има по службена должност увид во с# што се случува како сообраќај кон државата и од неа нанадвор. Ова не е ништо ново, ова се вообичаени принципи на функционирањето на сите министерства за надворешни работи. Кои имаат закон!

Навистина интересно е да се размислува што се случу-ва внатре во МНР и дали некој воопшто нешто работи? Државата секојдневно трпи штета од ова жонглирање.

### *Дипломатија, дипломати или профитери*[57]

Дипломатскиот скандал со нашето игнорирање на одбележувањето на годишнината на трагедијата во Аушвиц, случајот со незнаењето на филмскиот животен бекграунд на Џеват Адеми, нереагирањето при киднапирањето и ликвидацијата на тројцата кумановци во Ирак се само мал дел од познатите работи на нашата јавност од неработата на нашето МНР. Тоа се всушност оние 10 проценти од видливиот дел на една огромна санта мраз. Добри 90 проценти внимателно се кријат и остануваат ненотирани и прокоментирани, со желба засекогаш да останат недознаени.

Се работи за добро организирана екипа на луѓе која по секоја цена си ги штити сопствените интереси, кои што ве уверувам немаат ништо заедничко со интересите на др-жавата, дипломатијата, професионализмот. На тој начин од министерството создаваат профитна тезга од која тешко се откажуваат, а било какво спротивно мислење се отфрла како несоодветно.

Во јавноста повеќе пати се споменувани и се вртат имињата на повеќе наши „дипломати" и нивните скандали, односно финансиски проневери за кои што никогаш не сме слушнале никаков епилог, ако за епилог не се смета испраќањето на служба во странство како амбасадори.

Сепак и во тоа министерство постојатчесни и навистина загрижени дипломати кои на целата циркузијада гледаат со крајна огорченост, и со свои поединечни акции се обидуваат да работите ги доведат во некаков ред. Како интересен пример може да се наведат предлозите за утврдување на одго-

[57] Дневник, 12.2.2005

ворност за повеќе наши дипломати кои со своето работење, неработење го оштетиле МНР, буџетот на државата, со тоа истовремено џебовите на сите нас, интересите на државата... Тоа се документи кои имаат свој архивки број во МНР, но за жал немаат соодветна реакција од страна на министерот до ден денешен.

На 22.07.2003 на министерката Митрева $ е предложено согласно Законот за државни службеници (член 71 став 2, архивски број 9630) да покрене постапка за утврдување на висината на штетата и на лицата кои што биле должни да ја спречат или со своето однесување ја предизвикале истата. Имено амбасадорот Виктор Габер при своето заминување со оставање на отворени прозорци

во резиденцијата предизвикал штета од околу 25.000 евра. Тоа ќе повлече сместување на следниот амбасадор Рушани Мерие во хотел повеќе од една година, што значи дуплирање на трошоците. По враќањето во Скопје од страна на Габер не е презентиран извештај за работата во Рим. Напротив веднаш е поставен на позиција државен секретар, а денеска веќе е амбасадор на Македонија во Австралија. Бидејќи друго не останува јавно прашувам зошто комисиски не е утврдена одговорност за штетите направени во резиденцијата во Рим, сместувањата во хотел на наредниот амбасадор? Вкупните штети се проценуваат на околу 50.000 евра. Кој е виновен за тоа и кој треба да ја надокнади штетата?

Истиот ден, таа 2003 согласно истите законски претпоставки (арх.бр. 9377/1) побарано е да се преиспита финансиското работење на нашата амбасада во Белград за време на службувањето на амбасадорот Славко Милосавлевски. Посебен акцент е ставен на енормните трошоци за набавки за мебел, опрема, потрошувачка на нафта и бензин, исплата на надоместоци на локална работна сила и др. Во прегледот на документацијата востановено е дека само за купување на мебел се потрошени 60.000 евра за што воопшто не постои валидна документација. Истовремено направени се енормни трошоци за бензин, нафта, надоместоци, одржување на резиденцијата, телефонски сметки. До ден денеска разрешница или пак било каква активност за овој случај нема.

Наредниот пример (8902/2 од 9.7.2003) заслужува исто така посебно внимание. Барањето за покренување на постапка против Ристо Никовски кој во тоа време е амбасадор на РМ во Тирана е посебно интересно од повеќе аспекти. Не е јасно кој дозволил нашиот амбасадор да ангажира 7 лица (албански граѓани) за работа во амбасадата, кога во сите наши амбасади во светот работат максимум 3 лица како локал стаф?! Истовремено еден од ангажираните е поранешен албански офицер. Кој ја одобрил безбедносната проверка и кој од МНР за тоа дал согласност? Во истиот предлог за дисциплинска одговорност се поставува прашањето зошто се изнајмени простории под неповолни услови со кирија од 7.000 долари, сместени во руиниран објект? Зошто Ристо Никовски не го потпишал договорот, туку истиот е спуштен на лице со пониско дипломатско ниво? Наспроти ова стои понудата за изнајмување на простории од поранешниот холандски конзулат, двојно поефтина, со 22 простории. Со средствата трошени во Тирана истовремено можело да се подмират трошоците на ДКП-а во Европа. Наредниот вршител на должност повеќе пати укажувал до МНР дека не е направено примопредавање на инвентарот во амбасадата и дека недостасуваат предмети и документи во амбасадата...

Погодувате... Ристо Никовски е денеска наш амбасадор во Москва!

Поради ограничениот простор тука застанувам, ќе продолжам во наредниот текст.

## *Интерпелацијата не е антидржавен чин*[58]

Крајот на набројувањето на криминалните актив ности направени во МНР не се гледа. Апсолутно е невозможно да се согледа целата слика поради повеќе околности. Најзначајно од с#, во таа смисла е однесувањето на министерот и на луѓето околу него(неа). Само површна анализа на експонираните луѓе на Митрева, односно привилегираните, гавазите, егзекуторите на тоталитарната контрола во смисла на НЕМИСЛЕЊЕ, молчење, замолчување,

повлекување... покажува или случаен неквалитет или спроведување на добро подготвен план за сопствено покривање со замаглување на реалноста.

До денес на јавно изнесените информации за с# она што се случува во МНР, објавено со архивски броеви од архивата на министерството, нема никаква реакција. Секако за реакција не го сметам закanувањето на некои од спomенатите дека за зборовите јавно изречени ќе следува пријава за клевета. Не е клевета објавувањето на информации за криминалот на нашите дипломати. Затоа чекам да реагира обвинителството, сеуште чекам! Уште повеќе затоа што ги ставам на увид на јавноста и следниве предлози за одговорност на наши дипломатски претставници. Во нашето ДКП во Отава, Канада се направени трошоци за репрезентација во Скопје, плаќани се членарини за играње на тенис, за потрошената нафта за греење и другите режиски трошоци недостасува документација за да се види партиципацијата на амбасадорот согласно правилниците во МНР. Исто така исплаќани се дневници и патни трошоци за присуства во Македонија

– Дневник, 26.2.2005

на Совет на амбасадорите, иако тоа е поинаку регулирано со правилниците или пак енормните трошоци за набавка на алкохолни пијалоци за Резиденцијата (невообичаено во дипломатијата). Овој предлог е со број 9501/1 од 18.7.2003, процесот на расчистувањето е запрен, нема епилог.

Со неспроведувањето на Решението бр.04-2916/1 од 7.3.2002 г-ѓа Ратка Чокревска, како раководител на струч-ната служба, со која што била задолжена да изготви решенија за одбивање на трошоците за месечните пречекорувања на корисниците на мобилните телефони,ја оштетила државата за голема сума на средства. Таа сугерирала и подготвувала решенија на штета на вработените, кои своето право го остварувале по судски пат, што верувајте не е воопшто евтино. Само за случајот Бранко Стојановски МНР треба да исплати околу 800.000 денари на име основен долг, кама-ти и судски трошоци. Трошоците за нестручност ги плаќа државата од буџетот, односно ние како даночни обврзни ци. Исто така не е изготвено од нејзина страна решение за враќање на незаконски исплатени средства на амбасадорот Димовски за одвоен живот и кирија за станот (согласно констатацијата во извештајот на финансиската инспекција, државната ревизија и Агенцијата за државни службеници). Како е можно во исто време да се исплаќаат средства за одвоен живот и кирија за стан? Истовремено с# уште не е утврдено по чија вина незаконски се исплатувани тие средства повеќе од 5 години. Јас сакам да знам, бидејќи овој криминал се прави на наш грб, од даноци кои што сите ние ги одвојуваме за државата.

Институција со вака затворен круг на луѓе, крвно врзани во поглед на кадровските решенија, внатрешни односи на латентно покривање на криминалните активности, не може да дава резултати.

И на крај што се случува како епилог? Минитерката доби интерпелација помеѓу другото и за нерешавањето на овие малверзации, на која што со својот одговор нај благо речено ме зачуди. Имено, доставен е еден краток, несодржаен, невообичаен и арогантен одговор кој што дефинитивно е надвор од досегашната практика на одговори на интерпелации. Тој е во најмала рака потценувачки во однос на пратениците и македонската јавност. Одговорот е преполн со декларативно и воопштено набројување на активностите на МНР. Отсуствува конкретно набројување, јасна методологија на активностите на ова министерство, отсуствува прецизирање на конкретни временски рокови. Повторно доминираат празните зборови над конкретните резултати.

Текстот на одговорот е своевидна кулминација на наврелите на сите заложби за професионалност и транспарентност на македонската дипломатија за која што толку многу се коментира во последно време од страна на истиот министер. Колку и да имате желба да се впуштите во една издржана и сеопфатна полемика со целиот корпус на аргументи кои го имате на ваша страна и да спорите со одредени ставови од одговорот ќе останете со празни раце и ќе наидете на едно големо ништо и празна аргументација.

Па така барањето на конкретни резултати во интерпелацијата се толкува како работење против македонските национални интереси. Секоја активност во поглед на скенирање на тврдината наречена

МНР, во која никој не смее да има увид, се претставува како табу тема, антидржавен чин и сомнителна политичка побуда. Дали со ова се оспорува легитимитетот и правото на опозицијата на следење и критика на активностите на владеачката гарнитура?! Тоа ни открива уште една карактеристика на структурата која што го раководи МНР. Политичка социјализација која што го исклучува постоењето на опозицијата. Како во државата така и во сопствените редови. Расчистувањето со квалитетните, изградени и докажани македонски дипломати, кои патем речено беа малцинство во ова министерство (Д-р Срџан Керим) го докажува токму тоа.

Објективно состојбата во македонската дипломатија не е на такво ниво за да може првиот човек во министерството да се однесува непрофесионално, комотно и да доставува вакви одговори. Најпосле суштината на одговорите во еден политички документ како што е интерпелацијата нема само за цел дискредитација на политичкиот противник, туку неговата цел се состои во придонес кон една квалитетна политичка дебата со која може одредени состојби да се прифатат како реални и да се придонесе кон нивно подобрување.

## *На власта $ треба демократска докапитализација*[59]

Локалните избори, гласањето во првиот круг, добија единствен можен епилог. Тој таков каков што е, е производ на 30 месечна континуирана социјална, безбедносна и над с# психолошка криза во животите на сите граѓани на државава. Уште повеќе што овие избори се поврзани цело време со драма. Притисокот да поминат Законите за територијална поделба по секоја цена и санкционирањето на западна Македонија со општини за потребите на коалициониот партнер на СДСМ, беше енормен и тојмора некаде да се испразни. Дополнително на тоа коалицијата не се снајде во овој период и според теоријата на мандат не исполни ништо од ветеното, потценувајки ја зрелоста на македонските гласачи и сведувајки ја на сопствен сервис. За брзо време 15-ти септември се претвори во симбол на лага, дволичност, корупција...

Меѓутоа недостатокот на моралниот аспект во поли-тичкото делување не ја исцрпува листата на проблеми на естаблишментот. Деновиве кога топ политичка тема се резултатите на изборите од првиот круг, целиот циркус со штимањето на резултатите, неојавувањето несватливо долг период, на површина го изнесе поопасното лице на власта -недостатокот на демократска определеност. Уште повеќе што неподготвеност да се прифати реалноста оди дотаму што сега сите ние сме заложница на мегаломанската идеја на Бучковски да се докаже пред неговата партија како вистински избор.

[59] Дневник, 19.3.2005

Тој за сликата за себе да ја комплетира, го активираше трабанстkиот медиумски потенцијал, како би можела да се наштима реалноста. Салто назад кон трагично погрешна тактика која што кратко ке трае е себеубедувањето дека има победено во голем број на општини со броењето на општините каде што легитимитетот на градоначалникот извира од гласови колку што има една зграда во Општина Карпош. Но, тоа орање најавноста е неопходно за одржување на привидот на успешност и подршка за владеачката гарнитура. И додека за руралните средини се воведе транспарентен, параден начин на истакнување на резултатите во Скопје се случи преседан, небаре ние сме Индонезија па тешко е да се

пребројат сто милиони гласови!? Повторно за овој случај добро работи спрегата за замајување. Тезите се заменуваат и од фактот дека некој два дена ги штимаше резултатите, сега проблемот бил што опозицијата сакала да се вози на бранот на Костовски?!

Интересна за опсервација е самата дрскост на овој плиток обид. Ова затоа што на секој и најмалку упатен му е јасно дека приговорите на опозицијата се однесуваат на заштитата на избирачкото право и на слободата на изразувањето, која со пиши-бриши на извештаите на избирачките комисии се загрозува. Вулгаризирањето на случајот со Костовски е само продолжение на ниската кампања која што ја наметнаа пред гласањето, со подметнување на афери, како би се постигнала што помала излезност и потпирање само на лојалната партиска бројка. Сепак планот не се остварува. Излеснота покажува заинтересираност на гласачите за квалитетот на животот во нивната улица, маало. Токму тие гласови ја расипуваат сметката и ги намалуваат шансите Скопје да добие градоначалник поради гола трговија или затоа што сега на картата се протега се до Тетово.

И дека не се работи за докапитализација на опозицијата на Костовски уште попластично ќе покаже вториот круг. Факт е дека опозицијата, или ако сакате десницата води во сите поголеми градови во Македонија. Поделеноста на гласовите која што ја имаше во првиот круг по дефиниција ке се надмине во вториот круг. Сакале да признаеме или не традицијата полека се зацврстува и на десната страна, што само по себе може да биде благопријатно за целиот политички систем. Бројките зборуваат дека мислењето на големите градови е опозиционо, што ја најавува победата. Сметам дека тоа владеачката гарнитура може да го види и токму тука лежи потребата од преседан во изборната комисија на градот и отворањето на можноста за поништување, штимање или манипулација. Тој преседан ке биде применет и во вториот круг, но не само во Скопје.

Па сепак власта мораме да ја повикаме мирно да ги прифати резултатите. Радикалните чекори од нивна страна можат лесно да предизвикаат радикален одговор. Затоа кога сме веке кај совети, нека дишат длабоко, но пред с# нека дишат побавно.

## *ИМА ЛИ КОНСПИРАЦИЈА?!*[60]

Катастрофално спроведениот втор круг на локални избориja допрецизираше сликата за оваа власт како неспособна, недемократска и без желба да одржи натпревар во демократски манир. Тие на еден начин беа клуч за отворање на портата зад која стоеше криминалниот џган во земјата, за неговата инспирирана катарза во себедокажување, на своите газди, во полнење на кутии.

Затоа веднаш на почетокот дозволете да поставам прашање: ***дали без дозвола и контрола на државните органи ваквите елементи би биле релевантни во изборниот процес?*** Ако мене ме прашувате -НЕ! Дури и на помалку упатените им е јасно дека државните органи за одржување на ред (ако сакате-за присила) се многу посилни од било која организирана банда, група која што тргнала против волјата на граѓаните. ***Тогаш како е можно да бандитите се појават на толку места и со толку голем интензитет?!*** Единствениот логичен одговор (оставам читателите сами да просудат) е дека постои спрега на овие структури со власта, или едноставно тие се дел од неа. И толку. Ова се јасни како солза тврдења и нема никаква потреба од нивно компилицирано објаснување при анализата.

Потезите на власта се провидни и токму затоа праволиниски прости. Лесно воочливи и за жал неверојатно штетни.

Од друга страна власта покажува неверојатна заинтересираност и активизам во обидот за хипноза на меѓународниот фактор. Се чини дека и тоа како се погодени од оценките кои што деновиве можевме јавно, јасно да ги слушнеме од

[_0] Испратен во Дневник, необјавен

Британскиот Амбасадор, кој што зборуваше во името на ОДИХР. Тој нималку нежно ја кажа вистината која што сите ние си ја знаеме, со ваков менталитет сме далеку, далеку од евро-атланските интеграции. Да потсетиме дека власта беше предупредена од меѓународниот фактор и по првиот круг, кога победата на опозицијата беше украдена во повеќе градови, дека овој начин на оджување на избори е неприфатлив. Сосема јасно беше истакната неприфатливоста на повторување на истите проблеми и во вториот круг. Па сепак, против секоја логика, а во тотално ист манир, арогантно, не послушаа и во залог не ставија сите нас.

Се чини дека треба да се помириме, навиките на власта тешко дека ќе се променат. Ова е веќе дел од секој изборен процес после 2002 година. Некако им лежи первертираната реалност во која што наместо да го санкционира ***Јахи Јахиу*** (се сеќавате го фатија жив со купче ливчиња во рака), Бучковски сега парадно најавува промена на изборната регулатива. Има ли некој да му јави дека не е проблемот во крајна линија во регулативата, туку во тие што ја спроведуваат, односно толкуваат за потребите на владеењето посекоја цена. Премногу му се долги и празни изјавите.

Видлива е нервозата во владините структури, уште повеќе што пропадна идејата на гласачите да им се продаде магла во манир на нејасни, апстрактни пораки за секојдневниот напредок кон замислената цел. Белите кошули не продадоа манир на работољубиви кандидати кои одвај чекаат да се фатат за работа. На празниот стомак Европа му е многу подалеку од празниот фрижидер.

И сега откако горе-долу резултатите во сите урбани средини се поразителни, се бараат виновници, што ми е сосема разбирливо. Некој мора да се прогласи за виновен за поразот на власта. Затоа некаков нов напад врз опозицијата беше очекуван, но во едно сум затечен. Имено вицепремиерката наместо да се обиде да го лоцира проблемот и насочи своите согледби и критики кон нејзиниот противкандидат од конгресот, едноставно нема попаметна работа и н# воведува во зоната на самракот, во теориите на заговор, каде што се чини сите сили на злото се обединиле против јадниот СДСМ. Ми делува многу конфузно ова мешање на теорија, со вообичаено плитките, а секогаш арогантни обвинувања. Не се тие никако успешен рецепт за спас на бродот што тоне. Понекогаш кога нема што да се каже најдобро е да се молчи.

Па сепак симпатично ми изгледа овој излет во фанта-стичното на младата дама. Можеби ги бара емоциите на гладните?! Токму затоа ми е жал што го кршам филмот - ***конспирација нема!*** Нема тајни мрачни простории на луѓе кои што планираат измама на народот, освен ако не се сметаат оние ликови кои што секој понеделник се сликаат во Владата. Има само избезумени луѓе, незадоволен електорат, бесперспективни ликови кои бесконечно ја чекаат својата шанса. Тие својата подршка овој пат ја дадоа на опозицијата, но не за да владее, туку за да донесе резултати.

## ***Успаванка за Радмилу М***[6_]

Во почетокот на осумдесеттите години беше попу

ларна една инструментална композиција на еден од водечките рок бендови на тогашните југословенски простори -Успаванка за Радмилу М. Токму оваа убава и приспивна мелодија ме асоцира на некои времиња од доцниот социјализам кога сите се среќни и весели и кога сите мислеа, а впрочем тоа го кажуваше и другарот Ленин дека можат да се занимаваат со политика, како примерот со добрата готвачка која изразила желба да се занимава со политика. Но ова беше одамна.

И еве денес сме во демократија и плурално општество, а оние стари времиња се зад нас, и ме чуди фактот што не-кои нашинци на високи политички функции во државата сериозно ја сватиле Лениновата теза (во комунизмот секоја готвачка може да биде и политичар!). Само овој факт не би бил толку загрижувачки, но мислам дека секоја владеачка елита треба сериозно да се замисли кога нејзиниот функционер кој е задолжен за дипломатијата почнува да се занимава со конспиративни варијации на тема (ВМРО-ДПМНЕ) и сериозно се обидува да теоретизира, темелно анализира и ги предочува консеквенците пред македонската јавност.

„Каде погрешил електоратот" или „да не наседнеме на финтата" и да гласаме за опозицијата зошто таа е по дефиниција лоша, измиена и конзервативно тврда и не е по мерка на власта, (умерена, модерна и конструктивна).

Ова само како еден вовед во она што се случи деновиве, а конечно се случи интерпелација за работата на министе-

– Дневник, 23.4.2005

рот за надворешни работи. Постојано се обидувам да потиснам еден впечаток и едно чуство кое го добив од настапот на министерот во неговото излагање, но не успеав. Впечатокот е толку силен што едноставно повторно ме врати со мислите на некои стари времиња. Кога го слушате министерот навистина ќе констатирате дека во Република Македонија ништо не се случило во последните четиринаесет години, ка-ко да не живееме во друго време и во друг политички систем. Така од министерот дознавме и слушнавме дека „Успесите на надворешната политика на република Македонија не секогаш сите н# прават среќни" или „Некои кругови одјавниот и политичкиот живот на Република Македонија очигледно се трудат на најразлични начини да ги минираат нашите успеси и овие побуди се од најразлична природа и се сомнителни". На овие констатации на министерот ќе се согласите би позавиделе и Едвард Кардељ и Александар Ранковиќ. Не можам да не се потсетам за кои тоа успеси станува збор кога е во прашање Илинка Митрева и политичката школа од која што таа произлегува. Дали се тоа промената на името во Оон и капитулацијата пред притисокот на Грција, трговија со знамето, откажување од македонското малцинство од околните држави соседи или целосната политичка и економска изолација на Македонија и изостанувањето од агендата 2000 на ЕУ?!

Наместо да ги има предвид овие теми, во не многу инспиративниот, но со опасни тези и тенденции говор, министерката Митрева се обиде да ни го дефокусира вниманието од лошите резултати во МНР со тезата дека „токму сега ние водиме „висока" политика околу спорот со името", а лошата опозиција или некои сили со сомнителни побуди, се занимава со периферни работи и непотребни интерпела

ции. А тоа впрочем значи, оставете н# да пливаме во хаосот, корупцијата, непотизмот, криминалот, неспособноста, нестручноста, оставете не да произведуваме афери, дипломатски гафови, да импровизираме во дипломатијата, зошто ние (Владата) водиме висока политика (спорот со името) и ние имаме хиерархија на теми. Опасните тенденции треба да и се предочат на јавноста за да таа биде во можност по сопствено наоѓање да проценува како се троши нејзиното право преземено со дадениот глас. Вчудоневиден сум на цитатот на Кикерон и смислата во која што им беше фр-лен во очи на легислаторите. Мерлива ли е загубеноста во сопствената самозаљубеност, ако се протолкува

интерпелацијата на пратениците како заговор! Дали е заговор потребата да се отвори парламентарна дискусија, па дури и на помалку битна тема? Па што е суштината на постоењето на парламентот ако не дискусија во него и секако спротивставување на различните гледања за политичките прашања?

Секое барање за одговорност од страна на опозицијата завршува или со демонизирање на истото или со аргументот дека сега не е погоден момент за отчет за работата. Си го поставувам прашањето во име на сите нас : кога веќе еднаш ќе биде вистинско време за работење по начелата на парламентарната демократија?

## *Цеца*[62]

Ајде да $ изградиме споменик на Цеца. Цеца е закон. Нека биде најголем.

Ова затоа што интензитетот на идолопоклонството кон овој лик е далеку посилен од оној на и за Тито, барем така говорат бројките. Замислете во продажба се пуштени 40.000 карти, добри 2 проценти од целокупната популација да се видат на едно место. Толкава бројка за било кој културен настан е незамислива кај нас. Дури значајните политички субјекти не можат да ангажираат толку луѓе одеднаш. Па тогаш во што е штосот?!

Целата општоселанска хистерија околу гостувањето на мега турбо ѕвездата од Србија кај нас отвора значајни прашања на кои што како што гледам во општеството воопшто не се отвора дискусија. Некои дискутанти оваа особа дури ја поистоветуваат со симболот за надчовек на денешницата. Замислете си го само Ниче од оваа перспектива (се превртува во гроб). Комедија. Или трагедија!

Длабоките идеолошко-културолошки импликации на овој настан, како и проблеми, како и секогаш не избиваат на површина. Некој намерно ги супресира. А исто така парира со медиокритетското становиште дека во музика не треба да се бара политика. Има тука и тоа како политика. Секое зрело општество за вака значајни паради (од негативна конотација секако!) отвора дебата за да се слушнат и мислењата на другата страна. И притоа секако не ми паѓа на памет да се самоцензурирам само затоа што некој можеби и ќе каже дека ова можеби е некоја нова делба во националното ткиво.

– Дневник, 21.5.2005

Не си дозволувам цензура од проста причина што носењето на Цеца во Скопје е поделба во националното пораѓање и дискурс! Дали сето ова е случајно, аргументирано, или ако сакате последица на (не)постоење на отсуство културен идентитет промовиран од сеопфатна државна стратегија. А за промена да се зафатат до автентичните македонски вредности.

Затоа не ги обвинувам паушално некои можни фанови што можеби и ќе се најдат подналутени од поинаквото мислење, туку причините поради кои што тие станале обожаватели на алтернативата на безидејноста, односно кич митологијата на ќорсокакот на обичниот ден. Нацијата ни е пред евтаназија.

Предлагам да го превртиме видното поле и од аспект на државна политика погледаме како стојат работите. Има ли некој намера, воопшто, да ги објави аргументите кои укажуваат на опасноста дека сме единствена земја во регионот, но и пошироко, увезувач, домаќин на културната профилираност на еден надминат, диктаторки режим. Се сеќавате ли дека Слободан Милошевиќ ја стимулираше експанзијата на оваа алатка (турбо фолкот) за опивање на масите со вештачко стимулирање за лажни вредности. Си споменувате ли за поврзаноста на нејзиниот маж со Милошевиќ, за воените злосторства,

за безбројте бегалци од целиот регион (дел од нив завршија и останаа во Македонија), нестабилноста на Балканот во последните 10 години. Неговите четнички параформации кои што беа присутни на аеродромот Петровец при повлекувањето на ЈНА кои што беа подготвени да делуваат против Македонија. И последното убиството на српскиот премиер Ѓинѓиќ и нејзината поврзаност со земунскиот клан. Може ли некој да ми каже дека Цеца се одрекнала или извинила за злосторствата на нејзиниот сопруг? Не верувам. Ама секако дека ќе чујам како всушност по неговата смрт таа продолжила да го тера неговиот бизнис и идеолошка матрица, тоа е веќе глас со митолошки димензии. Во недостиг на вистински вредности многу е значајно кој бил сега босот на мафијата. Навистина е тажно кога една цела генерација млади девојки се идентификуваат со оваа субкултура, и за главна преокупација во животот, статусен csмбол, имаат да се во друштво со таканаречените необразованите насилници. Филмот со задоцнување го гледаме во Македонија. Секогаш е така. Сакам да потсетам дека на Цеца не $ беше издадена виза за влез во САД, Канада, Словенија и Австралија. Исто така не се сеќавам дека одржала концерт во Романија или Хрватска. Мораме да знаеме дека по овие прашања во околните земји се води сериозна дебата, и организирана државна одбрана од сериозната контаминација. Сега е време да прашам: кој $ даде дозвола за влез во Македонија? Има ли некој кој што ќе биде одговорен за последиците кои се извесни. Ова заедно со пресијата по телевизиите од „отпишаните" до „среќни луѓе" ја заокружува сликата од филмот што е одамна веќе изгледан.

Ако работите стојат вака, каква е пораката која со нашиот неоднос кон работите ке ја пратиме? Оставаме ли впечаток дека имаме став, дека правиме дистанца кон она од кое што декларативно се одлепуваме, значи само во празните муабети. Побогу уште ли сме бановина? Или нашето профилирање е само празен муабет во времето кога хит е отворањето на кафеани за Тито? Дали е ова единствена алтернатива на безидејноста која ни ја нуди владејачката ели-та?

Си купивте ли карта?

## *Цеца интернационале*[6]

Цела недела, откакорешив да пишувам за македонска та телевизија, се обидувам прво сам на себе да си ги објаснам работите. И никако не ми оди. Право да ви кажам никако неможам да излезам начисто кога е во прашање МТВ. Подолго време ми врие од целокупната ситуација и сигурен сум дека ќе се сложите со мене дека во МТВ нешто смрди. Па сепак, иако така е подолго време, не се одлучив да пишувам. Како да чекав која ќе биде капката што ќе ја прелее чашата. За да на крај дојдам до поразувачкото сознание дека јас и Вие ја финансираме Цеца и нејзиното доаѓање во Скопје, а со тоа и некои понатамошни концентрични кругови, кои и тоа како за нас носат негативни импликации. Значи да не се разбереме погрешно -Цеца не е поводот, туку таа е крајната, логична и единствено можна импликација од идиотската поставеност на работите. Можеме ли да го лоцираме проблемот? Против нас по секоја цена. Сами против себе. Како некоја дегенерирана варијанта на Монти Пајтон.

Исто така цела недела се обидувам да погледнам, гледам, изгледам макар една содржина што нашата национална куќа има да ни ја понуди за да го оправда своето име. Ама и не само своето име,туку и нашите пари, кои што со децении во неа од нашиот џеб се одлеваат во нејзина корист. По долгата

недела заклучив дека немам што да побарам од таа телевизија. Ништо не го задржа моето внимание. Дури и низ програмата може да се осети распадот. Денеска за жал можеме да констатираме дека нашата МТВ нема ниту еден дел од програмата кој што предизвикува поголемо внима-

- Дневник, 4.6.2005

ние или пак влијание во и врз јавното мислење. Едноставно се пропаѓа наудолу. Се извинувам можеби за влијание се смета водење на сточлена екипа на евровизија и лечење на комплекси буквално секоја година на некакви си луѓе од естрадата. Кога ќе слушнеме колку тоа не чини?

А сите лесно ќе се потсетиме на времето кога нпр. Без наслов но со повод беше емисија која што сите ја гледаа. Се сеќавате ли на Театарче лево ќоше, што знам, Мечето Ушко? Едноставно за секој имаше по нешто.

Денеска работите драстично, во негативен контекст, се променети. Плурализмот го затекна надминатиот концепт на функционирање, но уште полошо, како да го замрзна. Не гледам никаква намера, потреба работите да се променат. Ништо не се мрднува на површината. Напротив квантумот на скандалозност секојдневно се зголемува. Како некој намерно да не тестира колку ќе можеме да поднесеме. Затоа да се вратам повторно на Триумфот на глупоста, која што можеби е нечија стратегија, односно финансирањето на концертот на Цеца. Логото на МТВ е под името на жена на воен злосторник, која што никогаш не се извинила за неговите херојски потфати и никој мува не го лази. Не ми е јасно каде е јавното мислење ова да го апострофира, да го извлече на површина, да му даде соодветно толкување. До кога сите ке бидеме само консументи на се што ке ни се сервира без притоа да си дозволиме макар и малку да го провериме вкусот на буќкуришот што е пред нас?!

Одозгора на тоа стои уште еден значаен, веќе споменат момент. Ние за сето тоа плаќаме. Како? Па со 310 денари месечно. И тоа на начин кој што го нема ниту во Катанга под раководство на Чомбе. Знаете, знаеме дека со закон е санкционирано плаќањето на тв претплатата на присилен начин преку сметката за струја. Не постои начин да се избегне плаќањето на претплатата затоа што на оној што не плаќа за македонска телевизија му се заканува исклучување на струја. Нормално доколку живее во крај во кој може да му се исклучи струјата. Овој закон по мене е неуставен, не дозволува право на слободен избор и од граѓаните без потреба со сила ги краде парите како надокнада за телевизија која што никој не ја гледа. Мислите дека се занемарливи 310 денари како месечна претплата? Воопшто не се. На ниво на година, помножен со 12, збирот дава можност да се купи нов телевизор. И повторно ке прашам каде е јавното мислење да се подигне овој проблем на соодветно ниво?

Немам избор освен да заклучам дека, бидејќи никој од нас не ја гледа МТВ (не онаа странската!), државата всушност н# глоби што сме се дрзнале да имаме ТВ апарат дома. Како некоја луксузна стока. Мораш да платиш за да ја имаш, односно мораш додека си жив да плаќаш. Пресметал ли некој колку пари имаат дадено до сега нашите постари одкако постои овој трошаџија, попознат како МТВ?

Немам ништо против ако оваа реалност не ви пречи работата да остане ваква до крај. А каде е крајот...

## *Македонија помеѓу доброто и злото*[64]

Кога Мојсие го повел еврејскиот народ низ пустина од Египет за ветената земја Јудеја тој тоа можел да го стори за неколку дена. Толкав е патот од

Египет до денешен Израел. Па сепак неговото патешествие траело педесет години. Зошто? Многу просто. Затоа што знаел дека тие што се родени како робови имаат дефиниран вазалски ментален склоп. Му биле потребни педесет години за да настане потполна смена на генерации, да ги донесе во слобода новороденитe, да се ослободи од ретроградните сили.

Денескаистиотпроцесповторноенаделовобалканскиот котел. Еден нов Мојсие упорно работи да донесе слобода и демократски навики, да го порази стариот менталитет, да ја смени генерацијата на застарени, истрошени политички и општествени структури со нови, млади, оние кои што би ја разбрале слободата. Историскиот процес, неговите темни реминисценции, со други актери, ама иста суштина, денеска и тоа како се гледа дека се обидува да функционира тука. На овој простор, секако преку Македонија регионалната реалполитичка состојба драстично се прекршува.

Низ горенаведената призма да ги погледнеме процесите кои што моментално се случуваат. Унилатералниот потег на СПЦ, со издадениот томос на т.н. охридска архиепископија, кој никако нема чисто црковна димензија, ја открива стратегијата на оската која што по секоја цена сака за го заврти овојрегион station наназад. Повеќе години сите предзнаци укажуваа каква ке биде завршната одлука на СПЦ, и тоа за мене не е којзнае каква новина. Но да ја погледнема шахоската табла од друга перспектива. На тој начин на некои елементи ке им

–Дневник, 11.6.2005

дадеме друга светлина и ке си помогнеме да подобро ја разбереме крајната намера. СПЦ не е осамена во своите наме-ри за негирање на македонското постоење, туку таа е само еден сегмент надоврзам на многу претходни. Не сум склон да верувам во теории на заговор, но исто така не сакам да ги занемарам и изоставам и останатите моменти, кои со години се провлекуваат пред нашите очи. Хронолошки погледнете ја власта во Србија. Десет години одбиваа да го затворат прашањето за нашата северна граница. Дури откако Косово престана да биде под нивен суверенитет се одлучија да го решат вештачки наметнуваниот спор. Тоа предизвика проблеми за нас, сега со Косово.

Денес иако се тврди дека имаме добро соседски односи, по повод спорот на црквите Вук Драшковиќ изјавува-: се надева дека одлуката на СПЦ нема да ги наруши братските односи помеѓу српскиот народ, црногорскиот народ и ***народот од Македонија?!*** Анализирајте ја добро реченицата и ќе сфатите како стојат работите.

Од друга страна континуирано сме притиснати од јужниот сосед во врска со името, со особено засилена кампања во последниот период. Овие собития се поврзани. Но до тука не е откриена целата оска. Се ми се чини дека преку Белград продолжува накај Москва. Инаку зошто би била издадена таква изјава од РПЦ. Мислам на она дека СПЦ била премногу жестока во реагирањето, ама Македонија е таа што е ригидна во врска со името, што имплицира промена на истото. Да не ги заборавиме и македонските инсталации кои што идеално се вклопуваат во игрaва. Притоа мислам на Јован, структури во власта и опозицијата.

Вака ми е комплетирана сликата за тоа како и зошто дезинтеграцијата делува.

Па сепак преживуваме. Кој е балансот, контратежата на овие процеси? САД и нејзината нова ад хок коалиција, како и меѓународната заедница се заинтересирани за стабилен и просперитетен Балкан. Тука во блиска иднина ќе поминуваат енергетски коридори од каспискиот басен кон Западна Европа. За тоа се потребни нови политичари, и расчистување со вглавените во темната оска. Токму тоа и се случува последните неколку години. Луѓето и политичарите кои што учествуваа во сите анахрони или на кој било начин ретроградни процеси, се пензионирани на овој или на оној начин. Или се на пат да станат тоа.

Поткрепа за ова е инсистирањето на Хаг за целосна соработка на Белград со трибуналот. Од друга страна наменско е пуштањето на снимката на која се гледа ликвидирање на лица во конфликтот во Босна, со благословот на свештеник на СПЦ. Ова секако да се намали притисокот и кон Македонија. Инсистирањето на американскиот претставник во јадранската група за решавање на границата пред

конечниот статус на Косово, наместо обратно, само е дел од контрамерките. Спрема Грција исто така се упатени исти сигнали. Најголемиот секако е признавањето на нашето уставно име, што продолжува со с# поголемите притисоци за признавање на македонското малцинство во Грција.

И на крај да не ги заборавиме мерките за отстранување на македонските инсталации учесници во играта. Дали е случајно што токму сега се обелоденуваат некакви си планови за поделба на Македонија од страна на Џафери во Косово? На сосема иста линија го гледам и пензионирањето на Бранко Црвенковски од СДСМ, како и стимулирањето на судир во врвот на владеачката партија.

Врз Македонија се одвива регионалната борба на доброто и злото. На црните и белите фигури. На големо. Загрижува што не учествуваме, туку претставени преку моментните елити немо набљудуваме. Не го гледаме благонаклоно нашиот стратешки заштитник, ниту пак делуваме во насока на зајакнување на нашата позиција. Запрашајте се кој кај нас игра за противничкиот тим!

## *Летаргија, неспособност или с# заедно*[65]

Егзодусот на Македонците од егејскиот дел на Македонија (сега северен дел на Грција), има свој повеќедецениски историјат. Првите знаци на менување на етничкиот состав на оваа територија почнуваат со Првата балканска војна и склучувањето на Букурешкиот договор во 1913 година. Крајот на Првата светска војна и последователниот Нејски договор за размена на население помеѓу Грција и Бугарија во 1919-та, како и Лозанскиот мировен договор во 1923-та, склучен помеѓу Турција и Грција, претставуваат континуитет на оваа појава. Процесот на етничко чистење на Македонците од Егејска Македонија кулминира за време на граѓанската војна во Грција водена помеѓу прозападните монархисти и комунистичките републиканци во периодот од 1946 до 1949 година. Во оваа војна, во која активно учествуваа егејските Македонци на страната на ДАГ (Демократска армија на Грција), загинаа дваесетина илјади Македонци и беа протерани над 200.000, најголемиот дел од нив засекогаш. Поради откажувањето на поддршката од Титова Југославија и затворањето на границата кон Грција, ДАГ беше осудена на пораз, а Македонците беа изиграни и препуштени самите на себе.

Прашањето на протераните Македонци во рамките на СФРЈ воопшто не е третирано на политичко ниво, освен во ретки исклучоци за пропагандни интерни цели (на пр. написи во "Нова Македонија" еднаш на пет години). Како резултат на идеолошкиот континуитет, игнорантскиот однос кон ова прашање на македонската власт и дипломатија, продолжува и по 1991 година, до денес.

[65] Дневник, 20. 8. 2005

Се поставува прашањето зошто досега не се направи ниту обид, барем и во популистички цели, да се отвори ова прашање на ниво најавна дебата, интелектуално разменување на ставови, барање можни решенија итн. Наспроти тоа се соочуваме со континуитет на затскривање на проблемот. Ваквиот пасивен однос посебно запрепастува доколку се земе предвид фактот дека се работи за значителен број на македонски државјани, кој што се брутално откорнати и протерани од своите огништа и лишени од сопственоста создавана со поколенија. Еден од најголемите појавни облици на низата проблеми на егејските Македонци, правото на приватна сопственост кое не можат да го остварат, драматично ескалира во последно време. Сведоци сме на еден процес на бесправно и организирано распродавање на имотите на македонските граѓани во Република Грција, без нивно знаење и согласност, кое има за

цел промена на сопственичката слика, а со тоа и менување на етничката реалност и наследство на тие простори. Правото на приватна сопственост е неприкосновено и не може да се поврзува со националната припадност на сопственикот. Ова право, покрај правото на живот и правото на слободно мислење и дејствување, претставува основен фундамент на што почиваат западните демократии. Покрај овој факт, сложеноста на проблемот ја намалува податокот дека повеќето македонски граѓани, од чија сопственост Република Грција бесправно ги лишува, поседуваат документи издадени од грчката држава. Познато е дека имотно-правни-те спорови не застаруваат, и граѓаните секогаш ќе можат да бараат остварување на овие права. Освен тоа целокупното јавно мислење е позитивно определено во овој случај, на што се надоврзуваат и позитивните сигнали од меѓународната заедница (САД, Совет на Европа), во однос на правилната перцепција на ова прашање. И конечно, сведоци сме на организирано дејствување на бројните здруженија на Македонци од Егејска Македонија, кои се обединуваат и окрупнуваат, а се со цел да се изведе поефикасна форма на притисок. Во целиот случајМНР, наместо да даде својдолжен придонес кон оваа поволна наклонетост на состојбите, тоа продолжува со својата пракса на летаргичност и молк. Ова министерство треба да прекине да живее во својата виртуелна реалност, и најитно да се зафати со решавањето на проблемите на своите граѓани. Ако Република Македонија е самостоен меѓународен субјект, власта мора да ги покрене сите демократски механизми што и стојат на располагање, да ги заштити правата на овие луѓе.

МНР треба во најкраток можен рок да пристапи кон след-нитечекори: Да ги собере и документира досиејата што ги поседуваат овие граѓани;Да формира специјализиран тим, којќе им укаже правна помош на засегнатите граѓани, а македонскатајавност даја извести за обемот и за тежината на проблемот во реални бројки; Итно да упати барање Судот за човекови права во Стразбур да изрече мерка за забрана на продавање на имотите на македонските граѓани во Р. Грција додека трае судската процедура; Да ги извести сите релевантните држави и Меѓународни организации кои што ги третираат човековите права (ОДИХР, Совет на Европа, Хелсиншки комитет...). Последново ќе претставува вообичаено користење на дипломатскитемеханизмиинееникаквоизмислувањенатоплавода. На крајот, за да ви ја избистрам сликата -само еден пример. Замислете го овој проблем низ призмата, да речеме, на Германија и на Франција. Без разлика на тоа што двете земји се костурот на ЕУ, замислете како би реагирало засегнатото МНР и дали тоа би довело до какво било нарушување на билатералните соседски односи.

## ***Јоване, Јоване***[66]

Поминував деновиве пред Парламентот во центарот на градот. Гледам подигнале ограда, ќе градат. Човек, ако не ја знае општата слика на општеството на овој начин би можел да помисли дека розите ни цветаат на големо. Како да имаме развој. Сите работи се на свое место. Тврдам дека појавноста не е ниту малку блиска на стварната суштина на нештата. Во основа појавноста е намерно создавана за произведување на масовна хипноза, опиеност, затапеност на сетилата, како и за обазбедување на лагодна позициија на владеачката гарнитура. На таа тема не се магистри, туку доктори на науки.

Од оваа перспектива сакам да ве префрлам на случајот на Јован Вранишковски. За него многу се

пишуваше, зборуваше, дискутираше, па свесен сум дека ризикувам со една излитена тема од која што на сите им е преку глава. Но никако не можам да се ослободам од чувството дека целиот случај е производ на намера на македонската ретроградна левица, која што е длабоко всадена во ткивото на државата веќе неколку генерации. Да бидам појасен, што е намерата?! Просто. Намерата не е како што на прв поглед изгледа целава конструкција, како план за заштита на црквата или пак некаква си грижа за државните интереси, туку нешто сосема друго. Јована го осудија за вербален деликт, некакво си ширење на верска, расна и национална омраза. На тоа не-мам коментар. Постои како можност во Кривичниот законик. Меѓутоа никако не ми оди во глава како можело да се направи таков превид, па во времето кога глобално се збо-

– Дневник, 27.8.2005

рува за верски права, слободи, можност за конфесионална либералност, тој наместо да се суди за финансиските малверзации (кои што навистина се големи) се суди за нешто магливо, или пак намерно за да се постигне проектирана цел. Која е таа цел? Па како што стојат работите го осудија за да го ослободат. Според реакцијата на сите меѓународни фактори, релевантни експерти кои што го потенцираат фактот дека не му е дадено правото да размислува поинаку, ми се чини дека наскоро Јована пак ќе го гледаме на нашите ТВ екрани како држи служба со неговата дружина.

Намерната краковидост веќе произведува ефект. Јованче полека станува маченик. Личност. Фактор. Сам да одеше по овој пат за цел живот немаше да помине. Кој беше тојЈован за нас пред година дена?! А које сега? Значи имаше сесрдна помош за да се воспостави како фактор и пошироко на балканските простори, а од кој друг ако не од државата, која што го осуди за вербален деликт. Ова значи дека со погрешниот пристап, случајно или намерно, нашата држава се јавува во улога на подобен и кооперативен извршител. Последиците се огромни и треба да се биде слеп ако не сватиме дека однапред не се проектирани. Сигурен сум дека сепак биле. Судењето не само што го отвори процесот за востоличување на маченик, туку што е пострашно, на големо $ отвори простор на сосетката наша да се замеша во с# и сешто и за с# и сешто поврзано со нашите работи. Ако ова може да го согледа секој што седи дома и гледа вести, како тогаш да не била во состојба државата да го проектира? Освен ако не станува збор за проекција и реализација токму на тие можности. Ние го судиме, вие кукајте, мешајте се во нашите работи, кревајте галама, и на крај целта да биде постигната со повекекратен ефект.

Значи, да не се разбереме погрешно, не спорам со самата суштина на проблемот поврзан со оваа личност и целните правци на неговата мисија. Експанзионистичките елементи на нашите соседи кон нас имаат длабоки корени. Тие датираат уште од времето на склучувањето на Букурешкиот договор и свои рецидиви имаат и до денес. Потврда за тоа се низата на отворени прашања кои што на Република Македонија и се наметнуваат од страна на нејзините соседи.

Спорам со пристапот во однос на правилната перцепција и начин на решавање на проблемите.

Тврдам дека ништо во случајот не е случајно. Со вакво судство, влада, власт не е можен поинаков исход на работите. Менталниот код, посебно во судството е ретрограден, заостанат, лево обоен, активен по директива, исто како и пред 1990 година. Таквиот ментален код од обичен локален проблем, секогаш по дефиниција ќе создава меѓународни проблеми, со огромни последици по нашиот углед и секојдневно живеење. А на таквите, од страна на сите нас, им е доверено да ја трансформираат нашата реалност во модерно општество, што подразбира функционална пазарна економија, ефективна државна администрација у судство, расчистување со корупција и сл.. Не сум сигурен дека е тоа можно, а репер за ваквото мое тврдење се трите залудно загубени години.

## КОНДОВО ЛОКАЛНО, ЕФЕКТИ ГЛОБАЛНО[67]

***(надворешно-политички импликации на Кондово за РМ)***

Првите информации во македонските медиуми за постоењето на терористички групи во село Кондово, се појавија приближно една недела пред референдумот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија. Нивното дејствување во селото се оцени како предреферендумски притисок. Сепак, неуспехот на референдумот не доведе до нивно повлекување. Наместо да ги преземе безбедносните мерки што секоја држава ги презема во вакви ситуации, актуелната власт ги испрати на преговори Али Ахмети и Мендух Тачи, по што беше договорено мирно повлекување на воените формации од Кондово. Истата состојба, со ист интензитет и актери, се повтори и оваа година. Интервенцијата на безбедносните органи повторно изостана, а проблемот е решен со амнестија на криминалците. Сите сме сведоци на воспоставување на една опасна практика на политичка реализација на уцените, при што доаѓа до кршење на Уставот и законите, заобиколување на институциите, мешање во независната судска власт...

Притоа се поставува прашањето, за каков тип на институционално решавање на конфликти тука станува збор. Наместо низ институциите на системот, кои во секоја нормал-на демократија би требало да бидат средиштето каде што доаѓа до канализирање и решавање на различните интереси и конфликти во една држава, решавањето на состојбите кај нас оди во сосема спротивна насока. Имено се употребуваат лица и се применува методологија, кои би требало да претставуваат еден вид на супституција за способните и ефикасни институции. Сето ова доведува до ерозија на истите, и создавање на опасната практика на постојано и тенденциозно заобиколување на системот, при идни вакви потенционално кризни жаришта. Се создава преседан.

Ударите врз меѓународниот углед на државата се несогледливи. Па така, основен предуслов за успешноста на нашиот пат кон полноправно интегрирање во Е.У. не зависи од одговарањето на прашалниците или пак од хармонизирање на нашето законодавство со тоа на Е.У. Најсуштински елемент е постоењето на стабилни и способни институции кои ќе можат да ги имплементираат тие закони во праксата. Кај нас овој услов очигледно изостанува. Од друга страна пак постоечката ерозија на институциите е индикатор дека идни нестабилности и кризи се секогаш можни, и дека домино ефектот веќе почнува да функционира. Тука веќе доаѓа до загрозување на нашите аспирации за членство во НАТО Алијансата, како и учеството во Антитерористичката коалиција. Алијансата во никојслучајне би примила земја членка која наместо да извезува стабилност во регионот, го прави токму спротивното, извезува нестабилност. Членството во НАТО и заедничката борба во антитерористичката коалиција, меѓу другото претпоставува промовирање на мирот, безбедноста, стабилноста и демократијата во регионите каде има дефицит од тоа. Основен предуслов за некоја земја да учествува во ваквиот процес, е истите да ги има обезбедено кај себе. Во Република Македонија с# уште постојат сиви зони, порозни граници и подрачја кои што не се под целосна контрола на правната држава и безбедносните сили. Неодминлив е впечатокот дека нашите полициски и воени сили, поради дневно-политички причини и немањето на политичка волја, не можат да го демонстрираат својот професионализам во поранешните кризни региони. Продолжувајќи да бидеме земја, која се труди во светот да спроведе вредности и состојби кои не е способна да ги обезбеди кај себе дома, единствено што можеме да направиме е да дадеме негативен сигнал до меѓународната заедница и да ги

[67] Дневник, 3.9.2005

потхрануваме не многу розовите оценки за севкупната состојба во Република Македонија. Тоа во крајна линија значи загрозување на нашите Евро-Атлански интеграции.

Ваквите состојби се исто така неприфатливи погледнати низ призмата на претстојното разрешување на статусот на Косово. Не верувам дека Македонија ќе го има главниот збор во тој процес. Но истовремено, поради наш национален интерес не смее индолентно да го набљудува. Македонија мора да демонстрира максимален безбедносен ангажман, како и ефективно контролирање на целокупната своја територија, посебно на пограничниот појас кон Косово. Повторувањето на нови кондовски случаи ќе го по-каже нискиот капацитет на нашите државни институции, со што постои опасност Македонија поткусурувачки да се вметне во решавањето на на старите балкански проблеми. Вакво нешто посакуваат одредени екстремни структури во Приштина и Белград. Овие кризни подрачја внатре во Република Македонија создаваат услови за брзо и непречено поврзување на овие делови со некоја идна создадена нестабилност во регионот, со што Македонија се доведува во многу неповолна гео-политичка позиција во пресрет на ко-нечната разврска, кој што допрва следи.

Негативните импликации по нашиот меѓународен углед и положба од третирањето на овој, и сличните на него проблеми, се мултидимензионални. Прашањето е зошто сите плаќаме толкава цена. Власта е должна да го промени својот агол на гледање на работите. После с# на тоа е обрзана со заклетва пред Уставот.

## *Шенгенски зидови*[68]

Применувањето на Шенгенскиот визен режим на ЕУ кон Македонија е силен показател за тромоста на македонската транзиција. Ова лето македонските граѓани повторно не можеа да си дозволат да ги посетат Рим, Венеција, Барселона, Марсеј, Виена, Минхен, Лозана... Да се потсетиме зошто е тоа така.

ЕУ ни има доставено услови за надминување на Шенгенскиот визен режим уште во 1998 година. Поранешната власт иако соочена со воената криза наметната од косовските терористички банди успеа да го договори изгледот на новите македонски пасоши и да склучи договор со реномираната светска компанија Хјулит Пакард, која во тој момент ги изработуваше канадските лични карти, поконкретно нивните возачки дозволи и карти за социјално осигурување. Тоа не беше доволно за новата владеачка коалиција на поранешните комунисти која брутално го раскина договорот со Хјулит Пакард, откако претходно две години си-мулираше преговори со истата компанија, наводно за да ги предоговори штетните услови за нас од истиот.

Македонските граѓани продолжија годишно да издвојуваат 21 милион долари за визни трошоци, од кои третина од нив се трошат за грчки визи. Да не споменувам какви с# други тортури преживуваат, посебно во Грција по американското признавање на нашето име. Актуелната власт во пресрет на одговорот на испратените европски прашалници, навидум ги забрза подготовките за изработка на новите пасоши, но имавме можност наскоро да ја чуеме веста дека

[68] Дневник, 24.9.2005

комисијата на МВР за новите пасоши привремено го стопирала тендерот поради приговори на заинтересираните странки кои доставиле свои услови.

Немаме ни конкретни информации од нашата дипломатија дали наскоро ќе се потпишат реадмисионите договори со останатите членки на ЕУ или итно ќе се превземат поранешните реадмисиони договори на поранешната СФРЈ, што стои како можност и е користено од други држави. Наспроти тоа веќе неколку години во нашиот парламент не поднесена на ратификација ниту еден договор за реадмисија. Се прашувам што е причината за ваквиот антидржавен и антиграѓански однос? Нашата дипломатија можеше да се угледа на примерот на решителноста и упорноста на нивните бугарски колеги кога тие го отстранија Шенгенскиот ѕид. Притоа поранешниот министер Надежда Михајлова ја стави на коцка сопствената политичка кариера доколку не се оствареше наведената цел.

За волја на вистината остварени се одредени услови (граничната полиција, опременоста на нашата погранична полиција со висококвалитетни инструменти за проверка на пасошите), но с# уште преостануваат другите (усвојувањето на европската политика за азил и миграции како и европската визна политика кон земјите што не се членки на ЕУ). За жал, актуелната власт во текот на целиот свој мандат се покажа како трома, неинвентивна и некреативна, без решителност да влезе смело, за да се истераат реформите во голем број сфери. До наредните избори единствено максимално што може да обезбеди е подолго траење на визите и безвизен транзитен режим кон новопримените членки на ЕУ. Тоа значи дека залудно се загубени 4 години и с# на с# сликата воопшто не е розова.

Не ми останува ништо друго но да се надевам дека по изборите, новата влада жестоко ќе тргне во довршување на реформите и поагресивно ќе ги дефинира надворешно-политичките приоритети. Тоа би значело по секоја цена да се објасни и натера да свати секој претставник на Европа дека дојдено е времето кога и ние како држава, а и како нација треба нешто да добиеме како би се стимулиралојавното мислење во насока на, условно речено, често споменуваниот консензус по прашањата на нашата интеграција во Европа и цивилизираниот свет. Досега не сум слушнал наш претставник да собере храброст да ја објасни и брани нашата позиција со аргументи, да стои зад интересите на државата или пак да ја објаснува позицијата на обичниот човек, дури по цена на својата позиција или пак на штета на својата лагодност и конформизам. А што е суштината на високата политика ако не да на ниво на поединецот се чувствуваат промени кон подобро!

До тогаш нашите граѓани ќе бидат приморани да висат по странските амбасади поради неспособната власт која можеше барем во овој период да им обезбеди аплицирање за визи преку интернет, наместо да ги кити своите канцеларии со европски знамиња. Лош и презрен е тој привид и тоа не само од нашите граѓани, туку и од европјаните.

## *Конфузија во препишувањето*[69]

По речиси 15 години на Република Македонија како независен меѓународен субјект, конечно тече постапката за носење на, слободно може да се констатира, „историскиот" закон за надворешни работи. Објективно најголемата одговорност за оваа состојба ја сноси сегашниот министер Илинка Митрева. Имено таа процедурата за носењето на ваквиот закон ја започнува по изминувањето на три четвртини од нејзиниот мандат, иако носењето на ваквиот закон беше едно од главните предизборни ветувања на СДСМ од областа на надворешната политика на парламентарните избори 2002 г. Таа исто така за речиси половина година го пречекори рокот (февруари 2005) која самата, пред Премие-рот го вети како краен за изработка на ваквиот закон.

Резултат од ваквото однесување на министерот беше фактот што Република Македонија немаше закон за надворешни работи, кога тој беше најпотребен во голем број на круцијални моменти за нашата држава (нпр. голем број на прашањата поставени од Европската комисија во европрашалникот беа во врска со законот за надворешни работи, а Владата ги одговараше врз основа на интерни правилници на МНР, што е самото по себе скандалозно!).

Последиците од досегашното неносење на ваквиот закон се многубројни. Пролонгирањето на состојбата на хаос, некоординираноста меѓу главните носители на надворешното претставување, непрофесионалноста, криминалот и деградирањето на севкупната македонска дипломатија се само дел од нив. Сето ова резултира со драматичното намалување на

[69] Дневник, 29.10.2005

нашиот надворешно-политички рејтинг кој што е најнизок во споредба со целиот Западен Балкан, како и со политичка, економска и културна маргинализација на нашата држава во светот. Нашата дипломатија с# повеќе тоне во безидејност, повеќекратно заостанува со реакциите и потезите што ги влече и се доведува во една незавидна состојба меѓународната заедница да нуди решенија, а ние некритички и неинвентивно да ги следиме. Ова го потврдуваат примерите со спорот околу името на нашата држава, анализите и мерките што треба да се спроведат од наша страна околу почетокот на преговорите за идниот статус на Косово, како и барањето на стратегиски партнери, сфера во која се направени големи промашувања.

Најзастрашувачки податок во целата оваа констелација на негативности е што Предлог-законот, не нуди никакви решенија за надминување на овие состојби, а реално е да влијае врз нивното влошување. Тој е преобемен (сите негови одредби наместо на 40 би можеле да се сведат на 20 страни), конфузен, неконкретен, со голем број на нејасни фрази, поими и реченици кои се повторуваат во повеќето членови. Содржи термини и реченици за кои претставува голема грубост и правна несоодветност да бидат застапени во еден законски текст. Просто се насетува дека е изготвен од група на аматери кои немаат никакво искуство во извршувањето на надворешната политика, кои не ја познаваат технологијата на дипломатската работа и дипломатската терминологија. Ваков каков што е, е неприменлив и штетен доколку профункционира во македонски услови и лесно може да доведе до блокирање на работата на МНР. Решенијата во него не се автентични, туку превземени и скандалозно парафразирани од словенскиот закон за надворешни работи. При користењето на вака обемен пре-пис на законски текст на друга држава треба да се има на ум дека таквите решенија не се адекватни на македонските потреби, бидејќи не ги одразуваат автентичните состојби, можности, надворешно-политички цели, економски и социјални прилики, историски и културни традиции, обичаи, менталитет...

Во одредувањето и дефинирањето на надворешните работи, како и во нивното водење, забележителна е значи-телна маргинализација на Претседателот на Републиката (во слична позиција е и Собранието), до таа мера што е ставен во подредена позиција во однос на МНР. МНР си зема за право да навлегува во неговите уставни и законски ингеренции, со јасна намера законски да ја октроира целокупната надворешна политика на Република Македонија (забе-лешката е принципиелна и не се однесува на Б.Ц. како лице, туку на позицијата која што ја извршува, а се сеќавате, ја узурпираше!).

Тоа се опасни обиди, затоа што се вршат сериозни тектонски нарушувања на политичкиот систем и загрозување на уставно определената позиција на институцијата Претседател на државата. Решенијата околу именувањето на Шефовите на Дипломатско-конзуларните претставништва, назначувањето на специјалните пратеници, проценувањето на заканите од безбедносен карактер кое што како ингеренција го превзема МНР како и водењето на политичкиот дијалог со меѓународните субјекти од страна на министерството, се само дел од наведената тенденција во предлогзаконот.

Доколку бидат реализирани решенијата во овој пред-лог-закон, ќе продолжи беззаконието и хаосот во македонската дипломатија и следната партија на власт ќе биде приморана да го изврши

нужното комплексно реформирање на МНР, кое секако ќе биде персонално болно и дополнително финансиски усложнето (се разбира на грбот на македонските даночните обврзници).

## *Ние во НАТО - "мало сутра"[70]*

Американската администрација дефинитивноја урна изборната порака на владеачките социјалдемократи дека "секој ден с# повеќе сме поблиску до целта". Поканата за зачленување во НАТО во 2006 година несомнено ќе претставуваше нивен силен адут за време на парламентарните избори следната година. Овој државен приоритет СДСМ имаше намера да го присвои како ексклузивно својпартиски проект. Самите тие, поканата за членство во Алијансата ја сметаа поизвесна отколку доделувањето на кандидатскиот статус од страна на ЕУ. Сега нивните надежи се насочени кон позитивното Ави од страна на бриселските евро-биро-крати. Друг адут немаат. По добивањето на лошата вест од НАТО, во јули оваа година, дека во 2006 нема да добиеме покана за членство, реакцијата на Владата беше нервозна, дезориентирана и агресивна. Се доби впечаток дека сите други се виновни, само власта не. Виновсни ни беа Албанија, Хрватска, Украина, глобалниот судир помеѓу САД и ЕУ, а особено домашната опозиција, како гласник кој ја донел лошата вест. По смирувањето на првичната тензија, Владата истапи со уште еден бисер, велејќи дека сега дипломатските напори ќе ги насочи кон издејствување на поединечен прием. Ова се смешни изјави со оглед на тоа дека НАТО отсекогаш се придржувал до регионалниот пристап и никогаш во својата историја немало проширување само со една држава.

Како намерно да се одбегнува една суштинска перцепција. Имено, НАТО покрај воена е пред с# Алијанса на

[70] Дневник, 3.9.2005

слободни и демократски држави. Тоа подразбира држави кои ги исполнуваат сите стандарди потребни за нормално функционирање на либералната демократија. Тие стандарди се: непречено функционирање на пазарната економија, владеењето на правото, функционирање на демократските процеси, како и разрешување на сите спорови, како во земјата, така и во меѓународните односи. За сето ова да се постигне неопходен предуслов е постоењето на стабилни и функционални институции на системот. Сите овие елементи одат во прилог на исполнување на примарната цел зара-ди која е основана Алијансата: Индивидуална стабилност и безбедност, како услов за функционалност на системот за колективна безбедност.

Денес во Република Македонија, многу малку се имплементирани овие вредности и состојби. Нашата економија е нестабилна и бележи најниска стапка на раст и ниво на инвестиции во регионот додека во НАТО се примаат држави кои можат да си дозволат да ги платат трошоците за прием, кои повеќе години бележат високи стапки на раст на БДП и на приходите на државата. Правната држава не владее на целата територија, а спроведувањето на изборите, кои се врв на демократските процеси, е проследено со груби неправилности и фалсификати. Со несовесната политика во државата постојано се продуцираат кризни жаришта и конфликти а институциите на системот постојано се заобиколуваат и дезинтегрираат. Реформите во администрацијата и судството или ги нема или се задоцнети и неквалитетни. Односите со соседите никогаш не биле полоши.

Оваа слика се поклопува со начинот на кој што НАТО ја перцепира нашата внатрешно-политичка состојба. Пора-нешниот амбасадор на НАТО во Македонија Николас Биг-ман, повеќепати изјавуваше дека не треба да се шири лажен оптимизам и дека Владата треба многу да направи во поглед на реформите и сузбивањето на правната несигурност и неефикасно судство. Дипломатите на НАТО задолжени за
Р.М. повеќепати истапуваат со остри критики во однос на економскиот и политичкиот дел. Според нив македонската економска ситуација е загрижувачка. Нашиот уважен лобист во поглед на евро-атлантските интеграции Брус Џексон, неодамна потврди дека на нашите властодржци им било укажано да ги избришат од главите датумите со кои до скоро немилосрдно не бомбардираа. И покрај добивањето на негативните сигнали, нашите власти не ги земаа во предвид и продолжија да тврдат дека со едната нога сме во Алијансата, со што продуцираа разочараност кај македонските граѓани и го доведуваат во прашање односот на јавното мнение кон НАТО-интеграцијата.
Во моментов не постојат никакви ветувања за датум, а такви ветувања не постоеле ни во минатото. Треба реално да се претставаат работите и да сме свесни дека Македонија може да не добие покана за членство ниту во 2008 година. Ова го потврди и Курт Вокер, помошник државен секретар на САД, кој потенцира дека во моментов не се знае кога и каква ќе биде одлуката во однос на приемот на .Р.М. Одлуката за прием на Македонија пред с# зависи од остварениот напредок, кој досега никој не го гледа. Ако членството во НАТО го цениме како национален приоритет, тогаш овој неуспех е навистина вреден да биде разгледуван на предвремени избори. Брисел е свесен дека во Р.М. сеуште постојат структури кои ги кочат реформите. Затоа најпрво да расчистиме со ваквите структури.

## *Шанса за нас*[7]

Коридорот 8 претставува значаен проект за унапре
дување на економските и комуникациските процеси помеѓу Турција, Бугарија, Македонија и Албанија. Тој овозможува отворање на регионот спрема Европа и светот, надминување на регионалните разлики како и зголемување на нивото на странски инвестиции и инфраструктурни проекти. Иако формално е иницирал уште во 1991 година, неговата реализација тотално стагнира. Таа предвидуваше реконструкција на постојните патишта што ги поврзуваат горенаведените земји, изградба на модерни автопати и железнички линии до 2020 година. Константен придонес за неговата стагнација даваше Грција, блокирајќи го неговото ставање на дневниот ред на европските енергетски тела. Притоа на рака $ одеа политичките и економските турбуленции во Албанија и Бугарија во втората половина на деведесетите, како и Косовската криза и Воената криза во Македонија во 2001 година. Грција добива прикриена подршка и од Русија, посебно во поглед на актуелизирањето на нафтоводот Бургас-Александрополис. Овде не пречи да се спомене дека покојниот српски премиер Зоран Ѓинѓиќ се залагаше за пренасочување на Коридорот 8 (со прескокнување на Македонија) од Бугарија кон Ниш и Бар. Неговиот атентат се случи непосредно по атентатот врз шефот на Мултигруп Илија Павлов, за кого се шпекулираше дека бил жртва на енергетските игри на повисоко ниво.

Овој коридор е несомнено важен за американските интереси. Како што нагласува претседателот на АМБО

[71] Дневник, 19.11.2005

Едвард Фергусон, за инвеститорите е важна политичката подршка и цврстата решеност на инволвираните држави во проектот. Тие веќе деценија и половина поминуваат низ процесот на транзиција на политичкиот и економскиот си-стем за да постигнат стандарди за приклучување кон ЕУ и НАТО. Евидентно е дека САД пред признавањето на Македонија со нејзиното уставно име, ги динамизираа подготовките за реализација на нафтоводот АМБО, кој всушност ќе го реактивира Коридорот 8 пред релевантните европски енергетски тела. Тој ќе се протега помеѓу пристаништата Бургас и Валона, а трошоците за неговата изградба ќе се движат околу 1,2 милијарди долари. Притоа на чело на компанијата беше поставен искусниот менаџер во бизнисот со нафта Тед Фергусон, кој од летово почна со барањето на спонзори (фунд-раисинг). Постои голема веројатност дека познатата американска компанија Халибартон ќе биде најмногу инволвирана во изградбата на нафтоводот. За потсетување, актуелниот американски потпретседател Дик Чејни директоруваше во неа, заедно со неколку советници на Џорџ Буш помладиот. Во составот на Халибартон влегува нам уште попознатата Браун и Рут, која кај нас беше раширена во екот на Косовската криза и која беше носител на изградбата на најголемата американска база на Балканот, Бондстил. Браун и Рут ќе ја гради новата американска амбасада на скопското Кале, во близина на најголемата македонска касарна Илинден. Се погласни се информациите според кои и Илинден за неколку години ќе стане поголема американска база од Бондстил. Податоциве ги наведувам за да укажам дека Американците имаат цврсти и сериозни намери во трасирањето и обезбедувањето на стратешките енергетски коридори.

РМ има енормно голем стратешки и геополитички ин-терес од овој проект. Со неговата реализација ние конечно ќе станеме крстосница на Балканот. Само поради фактот што нафтоводот ќе поминува низ РМ, во нашиот буџет, врз основа на рента, ќе се слеваат најмалку 40 милиони до-лари (за потсетување, толкав е еден аранжман со ММФ). Тука се и останатите придобивки, како нпр. вклучувањето на домашните фирми во изградбата на коридорот, намалување на цената на горивата, зголемена стабилност на државата, што ќе влијае повратно, врз стимулирање на нашите економски параметри.

Нашите властодршци наместо поагресивно и пофанзивно да се посветат на дадената шанса, по којзнае кој пат се покажаа слабокрвни и неинвентивни. Дури успеаја да ги сузбијат очекувањата на нашата јавност, толерирајќи го обидот на ДУИ за корекција на трасата по која треба да поминува нафтоводот, не сфаќајќи дека изградбата на истиот ќе претставува иницијална каписла за отворање на сите западни фондови за реализирање на автопатиштата, железничките и телекомуникациските линии долж Коридорот 8. Она што е запрепастувачко е фактот дека покрај ДУИ, промена на трасата на нафтоводот (свртување кон Северозападна Македонија) барал заменикот на Бесими од редовите на владеачките социјалдемократи, наводно од “еколошки причини”. Ваквото однесување на македонската Влада од Претседателот на американскиот конзорциум АМБО, ТЕД Фергусон, беше оквалификувано како несериозно. Сепак корпорацијата АМБО продолжува да го турка нафтоводот, иако почетокот на неговата изградба доцни. Веројатно тука лежи една од причините поради кои власта попи “ластици” од Вашингтон во поглед на поканата за членство во НАТО. Таа самата го минира стратешкиот американски проект за контрола на енергетските линии од Каспискиот басен. Владината американска енергетска агенција минатата година објави извештај во кој се нагласува од енергетските коридори од Каспискиот басен го-лема економска корист ќе имаат Бугарија, Албанија, Македонија, Хрватска и БИХ. Некој како да сака да остане глув на овие факти. Власта е свесна дека нема да постигне значителни економски резултати пред парламентарните избори наредната година, па затоа настојува нашите евроатлантски интеграции да ги трампи за признавање на Косово.

Ова ми личи на уште еден жонглерски потег, без стратегија, импровизерски, што секако сериозните странски аналитичари лесно го воочуваат. За возврат плаќаме висо-ка цена и дремеме во чекалниците на модерниот свет.

## *Иднината на Косово*[72]

Од пред извесно време започна процесот на дефи

нирање на косовскиот статус преку иницирањето на албанско (косовските)-српските преговори, со активно посредство на меѓународната заедница. Решавањето на Косовското прашање се смета како прилично комплицирана задача која може да ја промени насоката на европските и светските гео-политички процеси. Посебно, кога ќе се земат предвид сериозно антагонизираните српско-албански односи низ историјата. Србите го сметаат Косово како “духовен Партенон” на сопствената државност и православие, додека Албанците (Косоварите) се повикуваат на нивното илирско и дарданско потекло во истакнувањето на нивните аспирации и нивната фактичка доминација, пред се на демографски план. Притоа не смее да се испушти од вид фактот дека со независноста на Косово се зајакнува Коридорот 8 кој претставува приоритет на американските геостратешки интереси. Во тој случај најранлив станува Коридорот 10 (врската Србија-Грција), посебно Грција на која сериозно $ се заканува отворање на прашањето на положбата и правата на Чемериските Албанци (Чами), а зошто да не и прашањето на положбата и правата на егејските Македонци. Си дозволувам одредена доза на шпекулација, но замислете каква би била грчката реакција доколку македонските и албанските историчари почнат да пронаоѓаат заеднички врски на пример, во античкото минато.

Она што е значајно за нас, е дека српскиот политички фактор во времето на Кралска и Титова Југославија се оби

[72] Дневник, 3.12.2005

дел (делумно успешно) демографската експанзија на косовските Албанци да ја пренасочи во Македонија, со цел да ја контролира преку дестабилизирање на македонско-ал-банските односи (со индоктринирање на македонските Албанци), за да може кога ќе се создадат поволни услови да го подели, разграничи Косово со косовските Албанци, на сметка на западните делови на Македонија каде последниве би ги компензирале териториите со српска доминација. Не можеме да го избегнеме фактот дека одреден број на албански политичари кај нас имаат косовски бекграунд, со развиени разузнавачки контакти со српските служби, како и до одредени западни и источни структури. Нивното присуство на македонската политичка сцена се динамизира кон крајот на осумдесетите и почетокот на деведесетите години по интензивните “прогони” на режимот на Милошевиќ. Во екот на нашата воена криза во 2001 година, најжестоките воени судири се одвиваа токму во оние села со доминантно албанско население, каде што масовно се доселуваа и косовските Албанци од 1971 година, со демографска експанзија со африкански размери. Истите се посочуваа како центри за сите можни криминогени шверцови. Српските политичари с# уште играат на ваквата карта, заплашувајки го светот дека наводно стекнувањето на косовската независност ќе го соочи со Голема Албанија и комплицирање на состојбите во Корзика, Каталонија, Баскија, Јужен Тирол, Чеченија, Тибет, Тајван и други слични примери. Евидентно е дека српската политичка сцена (со исклучок на Беба Поповиќ, Чеда Јовановиќ, Горан Свилановиќ) сеуште не расчистила со националистичкото наследство на Милошевиќ и СПЦ, чие што инаетење со западните сили во 1999 година дефинитивно го лизна Косово од српски раце. Иако Србија може да се надева на одредени дипломатски асистенции од Русија, Кина и Франција, нејзиниот маневарски простор е максимално ограничен. Директорот на Меѓународната кризна група Нортон Абрамовиц во минатогодишното интервју за белградскиот неделник НИН ги стесни српските очекувања, порачувајки дека Србија може да се надева на значителна финансиска компензација и динамизирање на евро-атлан-тските интеграции во замена за откажување од Косово, Црна Гора или евентуално припојување на босанската Република Српска. Во спротивно, може да се најде во иста ситуација како пред

5.10.2005. Притоа го исклучи секое можно инволвирање на Македонија во решавањето на косовскиот прашање. Наскоро сличен став искажа поранешниот висок американски дипломат Ричард Холбрук, а неодамна и словенечкиот претседател Јанез Дрновшек.

ЦИА во неодамнешната прогноза за развојот на настаните на Балканот, потенцираше дека до 2020 година на Балканот ќе се создадат две нови држави: Косово и Црна Гора. Македонија, Хрватска и Турција ќе го фатат последниот европски воз, додека пак Албанија, СЦГ и БИХ ќе останат балкански црни дупки. Земајќи ги предвид релевантните западни аналитички, геополитички и стратешки сигнали, Македонија мора да направи значителни исчекори на безбедносен и економски план. Таквите исчекори пред се се однесуваат на демаркацијата на македонско-косо-вската граница, меѓународен притисок врз косовските Албанци автоматски со добивањето на условната независност да ги признаат сите свои соседи, оневозможувањето на дејствувањето на било кои поранешни команданти ала Красниќи во поранешните кризни региони и динамизирање на економските инвестиции во локалната самоуправа. Се-пак горенаведените исчекори се условени со поскорото распишување на предвремени парламентарни избори, за да имаме јасна позиција и чист мандат.

## *Македонија и позитивното европско ави*[7_]

Од распаѓањето на поранешна Југославија па нава му, дури и најповршно гледано, односите помеѓу Македонија и Европската Унија може да се оценат како контроверзни. Во почетокот на нашето осамостојување ЕУ дејствуваше кон нас под диктат на Грција, толерирајќи ги нејзините економски и трговски притисоци кои имаа за цел да не фрлат на колена, игнорирајќи ги препораките на сопствената Бадентерова комисија за тоа кои поранешни југословенски држави заслужуваат меѓународно признавање и прифаќање. Тоа беа времиња кога европските граници беа за нас комплетно затворени (освен можеби за нашите превозници на нафта од Солунското пристаниште) и кога единствено можевме да се надеваме на европски донации само за хуманитарни цели, наменети за тогашните босански бегалци кои ги примивме или по некое ќебе или лекови пред истекот на нивниот рок за нашите социјално загрозени слоеви. Сепак можевме да увидиме дека некои европски држави имаат одредена наклоност кон нас, што придонесуваше да ни се ублажи комплетниот горчлив впечаток.

Одредени промени во нејзиниот однос настанаа по склучувањето на Привремената спогодба помеѓу Македонија и Грција и Дејтонскиот мировен договор во 1995 година. Иако воспоставивме официјални и редовни односи, не успеавме при истекот на првиот мандат на СДСМ да ја убедиме да не внесе во фамозната Агенда 2000. Нашето успешно справување со Косовската криза не придонесе за наше иземање од западнобалканското друштво, што сигурно ќе претставуваше

[73] Дневник, 10.12.2005

силен демотивирачки фактор за иницијаторите и инспираторите на последователната воена криза кај нас. Исполнувањето на Рамковниот договор кој ги финишираше воените дејствија, стана клучен политички критериум со кој официјален Брисел ги оценуваше нашите евро-интеграциски капацитети. Наедно беа спомнувани и останатите области каде што ние демонстрираме струкурални слабости. За жал, тромите и неспособни социјалдемократи единствено се посветија на Рамковниот договор,

правејки концесии кон албанските партнери кои ги надминуваа првобитно договорените обврски. Тотално ја заборавија економијата, судството и борбата против корупцијата, каде што преземаа само шминкерски потези. Секои посериозни резови во тие сфери можат само да предизвикаат тектонски потреси на партиската економска моќ, односно на доминацијата на фамозните 12 македонски олигарси и верни спонзори. Не сакам да го потценувам позитивното европско ави и извесниот кандидатски статус, но со горенаведената социјалдемократска шема нема да можеме ни сантиметар нешто суштинско да промениме на економски план. Европските критериуми ќе стануваат с# построги и поригорозни, без оглед на слаткоречивата фразеолошка и декларативна подготвеност на розите за реформи. Затоа не можеме суштински да почувствуваме и да се израдуваме на важните одлуки за нашата иднина во големото европско семејство. Бројот на невработените не се намалува, платите ни се исти, домашните сметки (посебно телефонските, а во иднина и тие за струја) се кумулираат, визите не ни се укинуваат, слушаме закани за нови масовни отпуштања, а само ни се најавуваат инвестиции со директна спогодба и без тендер на второстепени регионални играчи, со што се стимулираат коруптивните апетити.

Притоа нашите властодршци се покажуваат вистински махери во пропагандното разубавување на нашата реалност, користејки некои неубедливи фрази. Пропагандата е поле на кое ја трошат целата своја енергија, наспроти имплементирањето на структурните реформи, област која е целосно запоставена. Неодамна имавме можност да видиме како социјалните проблеми во Франција ескалираа во масовни нереди, иако разликата меѓу француската и македонската социјална политика е како Мон Блан и Марково Крувче. Франција со 10% невработеност и 6% сиромаштија беше на прагот на револуција, а во Македонија со далеку полоши параметри се изведуваат јавни паради. Иако критиките во добиеното ави се обемни и сериозни, тие сепак остануваат неакцентирани во јавноста. Реформите во администрацијата, загрижувачкото ниво на корупција, контролата на јавните пари се само дел од нив. Не можам да замислам како власта ќе ги изведе еколошките реформи или како ќе им објасни на граѓаните дека нема да може како досега да прават ајвар, да печат ракија во подрум и да продаваат сирење на пазар, без да исполнат одредени европски стандарди. Оттука за очекување е дека статусот на земја кандидат, наместо во декември, може да се добие на некој следен самит. Со тоа ЕУ би ја спуштила топката и би влијаела отрезнувачки на некои вжештени глави во владата. Најавата за вакво нешто веќе е споменатa како опција во изјавите на неколку претставници на ЕУ.

Поскорото одржување на фер избори не само што ќе ги засили шансите за добивање на посакуваниот датум за членство, туку и ќе ја избегне можноста од политички вакуум кај нас во моментот кога ќе се активираат регионалните турбуленции со веројатните сецесии на Косово и Црна Гора, што ќе иницираат афтершокови за нашата кревка стабилност. Одолговлекувањето на власта не можам никако поинаку да го сфатам, освен како обид политичката опозиција што пофрагментирана да ја преземе власта по изборите за да се намалат нејзините оперативни капацитети.